ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

01 2025 12 02

Скопје, јуни 2026 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје, за 2024 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2024 година и мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност со закони и прописи за 2021 година, при што изразено е неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.
Во февруари 2024 година, извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки содржани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2021 година, при што утврдено е дека од вкупно дадени 21 препорака, 4 препораки се спроведени, 6 препораки се делумно спроведени, во тек е спроведување на една препорака и 10 препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај АД МЕПСО Скопје за 2024 година, ги утврдивме следните состојби:

- воспоставените евиденции за земјиштето и електропреносната инфраструктура не се точни, целосни и усогласени, а правото на сопственост на друштвото над дел од нив не е потврдено;
- постои неусогласеност во износ од 296.916 илјади денари помеѓу сметководствената вредност на основната главнина и износот на запишаниот и уплатен капитал (основачки влог) во Централен регистар на Република Северна Македонија и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје;
- дел од материјалните средства во подготовка претставуваат несоодветно признати средства, а кај дел од нив воспоставена е евиденција без поткрепувачка документација;
- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост и на начин уреден согласно Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските;
- за расходите и кусоците на материјални средства утврдени со пописот не биле искажани трошоци и не се преземени активности за отуѓување на расходуваните средства;
- не е утврдена и соодветно евидентирана нето реализациона вредност кај залихите на суровини, материјали и резервни делови набавени пред 2017 година, а дел од залихите се евидентирани како градежни објекти и за истите е

пресметана амортизација;

- за дел од ново набавените материјални средства расположливи за употреба, како и за инвестициите со кои се зголемува корисниот век, капацитетот и функционалноста на средствата, амортизацијата не е пресметана или е неточно пресметана;
- за дел од побарувањата, кај кои постои неизвесност во однос на нивната наплата, не е извршено вредносно усогласување;
- за дел од долгорочните вложувања не се презентирани докази за потврдување на нивниот правен основ, реалност и објективност, а не е спроведено ниту вредносно усогласување согласно сметководствените политики на друштвото;
- недостаток на системски и аналитичен пристап и недоволна подготвеност при планирање, градење и реконструкција на електропреносната мрежа, што предизвикува зголемување на вредноста на склучените договори и пролонгирање на рокот за нивна изградба, реконструкција и ревитализација;
- вложени се средства во проектна документација кои не се во функција на вршење на дејноста на друштвото „пренос на електрична енергија“;
- постојат неусогласености во актот за систематизација на друштвото, начинот на пополнување на работните места како и неправилности при пресметката на минатиот труд и додатоците на платата;
- постојат неправилности во однос на примената на ЗРО и Конвенцијата за правото на организирање и колективно договарање при исплатата на средствата за финансирање на синдикалните организации во друштвото;
- постојат неправилности во однос на оправданоста, пресметката и висината на исплатените надоместоци на раководните и управните органи;
- наместо теренски додаток исплатени се дневници за службени патувања во земјата при извршување на редовни работни и тековни активности;
- недостасува поткрепувачка документација за потврдување на наменското трошење на јавните средства кај трошоците за ангажирани лица со авторски договори, превод и претплата за списанија;
- службата за внатрешната ревизија не е соодветно воспоставена што може да влијае врз остварување на целите за кои што е формирана и навремено утврдување на ризиците во дејноста на електропреносниот систем на АД МЕПСО Скопје и
- финансиски средства за спонзорства и донации се доделуваат без воспоставени критериуми, а отсуствува и целосна транспарентност и информирање за примените средства и нивното наменско користење.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашања со извршената ревизија обелоденуваме за:

- остварените приходи од пренос на електрична енергија, процесот на алокацијата на прекуграничните преносни капацитети, финансиските

порамнување на несаканите отстапувања во електроенергетскиот систем, транзитот на електрична енергија и загубите во електропреносната мрежа во периодот од 2020 до 2024 година;

- дадените заеми на четири АД во државна сопственост кои неповолно влијаат на финансиската состојба на АД МЕПСО Скопје;
- обврски по земени заеми од меѓународни финансиски институции, со кои се поврзани плаќањата на камати за повлечените средства, провизии за неповлечени средства, како и намалена и ненавремена реализација на стратешките проекти за државата поврзани со преносниот систем;
- сајбер напад, со кој бил извршен неовластен упад во ИТ системот на друштвото, а со тоа и оневозможен пристап до дел од податоците:
- нискиот степен на реализација на Годишната инвестициона програма;
- потребата од реконструкција на фасада на административна зграда и
- судските постапки во кои АД МЕПСО Скопје се јавува во улога на тужител и тужен.

Во делот на внатрешните контроли укажуваме на недостатоци и проблеми во функционирањето на информацискиот систем, што претставува ризик за квалитетно и навремено вршење на дејноста од страна на друштвото.

Во текот на ревизијата од страна на АД МЕПСО Скопје извршена е сметководствена корекција која не предизвика промени на вкупниот износ во активата и пасивата во Билансот на состојба на ден 31 декември 2024 година.

Од страна на Генералниот директор на АД МЕПСО Скопје, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и во најголем дел не се прифатени од причина што не се доставени нови докази за промена на утврдените состојби или претставуваат известувања за причините кои довеле до утврдените состојби, мерките кои се преземени и ќе се преземат во идниот период за надминување на состојбите, а една забелешка е делумно прифатена.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи | 17 |
| 4. | Нагласување на прашања | 33 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 45 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 46 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 46 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 46 |
| 9. | Недостатоци во внатрешната контроли | 48 |
| 10. | Корекции во текот на ревизијата | 49 |
| 11. | Одговор на ревидираниот субјект | 50 |
| Финансиски извештаи за 2024 година: | | |
| | Биланс на успех | 51 |
| | Биланс на состојба | 52 |
| | Преглед на промени на капиталот и резервите | 53 |
| | Извештај за паричниот тек | 54 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| | Вовед | 55 |
| | Сметководствени политики | 58 |
| | Образложенија кон финансиските извештаи | 73 |
| | Финансиски показатели | 85 |
| Прилози | | |
| | Прилог бр.1 – Преглед на проекти чија реализација е во тек заклучно со 31.12.2024 година | |
| | Прилог бр.2 – Преглед на дадени заеми на акционерски друштва во државна сопственост | |
| | Прилог бр.3 – Преглед на обврски по земени заеми | |
| | Прилог бр. 4 – Забелешки на Нацрт извештајот | |
| | Прилог бр. 5 – Одговор на забелешки на Нацрт извештајот | |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АД | Акционерско друштво |
| АД МЕПСО Скопје | Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје |
| АД ЕСМ Скопје | АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје |
| АЕК | Агенција за електронски комуникации |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија |
| БОС | Балансно одговорна страна |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ГИП | Годишна Инвестициона Програма |
| ДВ | Далекувод/и |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ДООЕЛ | Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице |
| ЕБРД | European  Bank for Reconstruction and Development (Европска банка за обнова и развој) |
| ЕЕ | Електрична енергија |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ЗРО | Закон за работни односи |
| ЗТД | Закон за трговските друштва |
| ИТ | Информатичка технологија |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕМО ДООЕЛ Скопје | Националниот оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ, Скопје |
| МЕРМС | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| МТ | Министерство за транспорт |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| НО | Надзорен одбор |
| ОИЕ | Обновливи извори на енергија |
| РКЕ | Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија |
| ТСО | Transmission System Operator – оператор на електропреносниот систем |
| ТЕ-ТО АД Скопје | Друштвото за производство на електрична енергија и топлина ТЕ-ТО АД Скопје |
| ТС | Трафостаница/и |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| УО | Управен одбор |
| ЦРРСМ | Централен регистар на Република Северна Македонија |

Поимник на термини

| | |
|---|---|
| Електроенергетски систем | систем составен од производни постројки, електро преносна мрежа, една или повеќе електродистрибутивни мрежи и потрошувачи на електрична енергија. |
| Електропреносен систем | систем за пренос на електрична енергија преку електро преносната мрежа во Република Северна Македонија. |
| Електропреносна мрежа | мрежа која се користи за пренос на електрична енергија со висок напон преку високонапонски далекуводи, трансформатори и друга високонапонска опрема и постројки, од точката на прием од производителите на електрична енергија или интерконективните водови за електрична енергија, до точката на испорака. |
| Обновливи извори на енергија | не фосилни извори на енергија како што се ветерна енергија, соларна енергија (соларна термална и соларна фотонапонска), геотермална енергија, амбиентална енергија, хидроенергија, биомаса, биогас, депониски гас и гас од пречистителни станици, гориво добиено од преработен отпад и цврсто гориво добиено со преработка на отпад кои ги исполнуваат критериумите за обновлив извор на енергија |
| Оператор на електропреносниот систем | друштво коешто врши дејност пренос на електрична енергија, управува со електро преносниот систем во Република Северна Македонија и е одговорно за сигурна и стабилна работа на системот, неговото одржување, развојот и поврзувањето со електроенергетските системи на соседните држави. |
| FSkar | (Financial Settlement of $k \cdot \Delta f$, ACE and Ramping period) претставува механизам за финансиско порамнување на несаканите отстапувања во електроенергетскиот систем помеѓу операторите на електропреносните системи, врз основа на параметрите $k \cdot \Delta f$ (отстапување на фреквенцијата), ACE (Area Control Error) и рампинг периодите. Овој механизам се применува од операторите членки на ENTSO-E со цел одржување на балансот и стабилноста на синхроната електроенергетска мрежа. |
| ENTSO-E | (European Network of Transmission System Operators for Electricity) европската мрежа на оператори на системи за пренос на електрична енергија е организација што ги обединува националните оператори на системите за пренос (ТСО) во Европа. |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:**19-594/5
**Дата:** 03.06.2026

## 1. Вовед

Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, е основано во 2004 година со Одлука[1] за поделба (раздвојување со основање) на АД за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија "Електростопанство на Македонија" во државна сопственост Скопје, донесена од Владата, врз основа на Законот за преобразба на Електростопанство на Република Македонија[2] на две нови друштва: АД ЕСМ Скопје и АД МЕПСО Скопје.
Согласно член 72 од Законот за енергетика[3] и Одлуката на Владата[4] од 2018 година, сопственик на операторот на електропреносниот систем е МТВ[5]. Во 2025 година донесен е нов Закон за енергетика[6] , во кој со член 134 пренесена е сопственоста на друштвото на МЕРМС. По тој основ Владата во јули 2025 година донела Одлука[7] за пренос на сопственичката структура преку пренос на акциите на АД МЕПСО Скопје, од МТ на МЕРМС.

Приоритетната дејност на друштвото е пренос на електрична енергија и истата претставува дејност од јавен интерес. Во таа насока, АД МЕПСО Скопје е одговорен за редовен пренос на електрична енергија, развој и одржување на електропреносната мрежа, обезбедување на приклучок на корисниците на преносната мрежа, управување на електропреносниот систем во услови на интерконективна поврзаност со други електропреносни и дистрибутивни системи во државата и балансирање на електроенергетскиот системот.

---

[1] бр.23-3343/1 од 27.9.2004 година
[2] Службен весник на Република Македонија бр. 19/04
[3] Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 236/22 и 134/24
[4] Број 44-6841/1 од 24.07.2018 година
[5] Со член 4 од Измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа Министерство за транспорт и врски е преименувано во Министерство за транспорт (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/24)
[6] Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/25 и 135/25
[7]Одлука бр.50-6306/18 од 24.07.2025 година за пренос на сопственичката структура од Министерството за транспорт на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи од страна 51 до 54 на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Преглед на промени на капиталот и резервите, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи и
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје за 2024 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје на ден 31 декември 2024 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за прашањата изнесени во точката 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, за 2024 година, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

3.1.1. АД МЕПСО Скопје, како оператор на електропреносниот систем, е одговорен за управување, одржување, развој и обезбедување на долгорочна стабилност на електропреносната мрежа. Во негова сопственост и надлежност е електропреносната инфраструктура составена од: линиски инфраструктурни објекти (далекуводи), трансформаторски станици (трафостаници), постројки, објекти и друга техничка опрема неопходна за пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем. Електропреносниот систем функционира на напонски нивоа од 400 kV и 110 kV и претставува основна инфраструктура за сигурно и континуирано снабдување со електрична енергија.




Слика бр.1. Топологија на преносната мрежа во 2024 година

Во трговските книги на АД МЕПСО Скопје со состојба на 31.12.2024 година евидентирано е земјиште со набавна вредност од 40.729 илјади денари и градежни објекти, постројки и опрема со проценета сегашна вредност од 5.804.441 илјади денари. Со извршената ревизија ги утврдивме следниве состојби:

- од извршената споредба на сметководствената/материјалната евиденција и фактичката состојба на земјиштето утврдена со попис, констатиравме дека 23% претставуваа земјиште на кое е изграден приклучок[8] од страна на ТЕ-ТО АД Скопје и истото е стекнато преку

[8] Договор број 02-7538 од 10.11.2009 година

пренесено право на сопственост и надомест за приклучување на постројка за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија. Сопственоста на останатото земјиште гласи само на АД МЕПСО Скопје или само на Република Северна Македонија, или во нивна заедничка сопственост, како и во заедничка сопственост на друштвото со физички лица. Постојат парцели кои не се во сопственост/владение на друштвото, туку се во приватна сопственост, парцели на кои е воспоставена службеност[9], кои не се евидентирани во АКН или за нив не е формирана катастарска парцела. Во отсуството на точни, целосни и усогласени евиденции за земјиштето, не е можно негово поврзување со имотни листови со кои располага друштвото, односно не е можно потврдување на видот на земјиштата, нивната површина, местоположба, сопственоста, како и реалноста на искажаната состојбата во Билансот на состојба на ден 31 декември 2024 година;

- преносната мрежа со која управува и ја одржува друштвото интегрира 112 далекуводи[10]. Дел од нив (53 далекуводи) се запишани во АКН и за нив АД МЕПСО Скопје располага со имотен лист со право на сопственост. Другите далекуводи, се евидентирани со евидентен лист за инфраструктурни објекти или се поднесени барања за нивно запишување во АКН, односно отпочнати се постапки за утврдување на правниот статус. Надлежните лица информираа дека запишувањето на правото на сопственост за далекуводите кои се распоредени на површината на целата држава претставува долготрајна и сложена постапка, бидејќи голем е бројот на столбни места каде поминува далекуводот, потребно е решавање на имотно правните односи за земјиштето на кое се поставени столбовите, а во одредени случаи не може да се утврди основот за стекнатото право на сопственост на друштвото;
- преносната мрежа според напонското ниво интегрира 5 трансформаторски станици ТС 400/110kV[11] и 52 ТС 110/(35,20,10,6) kV, од кои 12 се во сопственост на АД МЕПСО Скопје, а останатите 45 се во заедничка сопственост со ЕВН Македонија АД, АД ЕСМ Скопје или големите потрошувачи директно приклучени на електропреносната мрежа. Од вкупно 35 трафостаници во заедничка сопственост на АД МЕПСО Скопје и ЕВН Македонија АД, две се со запишана заедничка сопственост, додека за останатите трафостаници право на сопственост

[9] Службеноста е стварно право на туѓа ствар, кое се состои во овластување на нејзиниот носител во определен обем и на определен начин да ја користи таа ствар, а сопственикот на стварта е должен тоа да го трпи или ништо да не стори

[10] АД МЕПСО Скопје располага со воздушна електропреносна мрежа и тоа 577,06 km должина на 400 kV мрежа и 1.656,64 km должина на 110 kV мрежа

[11] ТС Скопје 4, ТС Скопје 5, ТС Битола 2, ТС Дуброво и ТС Штип

има запишано само ЕВН Македонија АД или се во постапка на запишување на права на сопственост/постапка на преземање. Имено, согласно законската и подзаконската регулатива со која била уредена преобразбата на Електростопанство на Македонија во државна сопственост Скопје[12], дел од трафостаниците требало да бидат во заедничка сосопственост на АД МЕПСО Скопје и ЕВН Македонија АД, но според издадените имотни листови правата на сопственост се впишани само на име на ЕВН Македонија АД. Иако во повеќе наврати АД МЕПСО Скопје барало решение за надминување на оваа состојба, од страна на АКН не е извршен упис на правото на сопственост на трафостаниците на АД МЕПСО Скопје по овој основ.

Во содржината на Конечниот извештај за извршената ревизија на регуларност за 2021 година, веќе информиравме дека од страна на раководниот орган донесено е Решение[13] за формирање на работна група со задача да изработи преглед на незапишани трафостаници и да предложи решенија за запишување на правото на сопственост/сосопственост на име на АД МЕПСО Скопје. Работната група изготвила Информација[14] со која било предложено двете друштва да склучат договор, со кој ЕВН Македонија АД ќе му отстапи без надомест на АД МЕПСО Скопје идеален дел од трафостаниците. Сепак, и покрај наведените активности, не се постигнати конкретни резултати.

Во септември 2025 година раководниот орган на АД МЕПСО Скопје, повторно донел Решение[15] за формирање на работни групи за реализација на заеднички енергетски проекти помеѓу АД МЕПСО Скопје и ЕВН Македонија АД, вклучително и работна група надлежна за прашања поврзани со сопственоста, дозволите и одговорностите поврзани со електроенергетската инфраструктура.

Со цел уредување на имотно-правните односи на трафостаниците, во период од септември 2025 година до февруари 2026 година одржани се повеќе работни средби помеѓу работните групи на двете друштва. Притоа, договорено е процесот на регулирање на сопственоста да се реализира во две фази, преку меѓусебен пренос на право на сосопственост (соодветен идеален дел) на трафостаниците запишани на име на секое од друштвата, додека за неизложените трафостаници да се

[12] Закон за преобразба на Електростопанство на Македонија, акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост (Службен Весник на Република Македонија број 19/04), член 5а од Законот за изменување и дополнување на Законот за преобразба на електростопанство на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост (Службен Весник на Република Македонија бр.109/05) и Планот за поделба на АД Електростопанство на Македонија, во државна сопственост Скопје

[13] Решение број 04-1755 од 18.03.2021 година

[14] Информација бр.04-1755/2 од 02.04.2021 година

[15] Решение број 04-4963 од 02.09.2025 година

утврди фактичката состојба и предложат решенија за нивно запишување. За таа цел потребно е донесување на заедничка одлука од органите на управување на двете друштва со која ќе се даде согласност за пренос на сосопственост без надомест за сите заеднички трафостаници, а врз основа на која ќе се склучат поединечни договори како правен основ за запишување во АКН. Претходно се предлага склучување Меморандум за соработка со кој ќе се утврдат обврски и ќе се договори динамиката на постапување.

Истовремено, со извршената ревизија утврдивме дека според расположливите податоци во сметководствената евиденција не е можно да се потврди бројот и вредноста на далекуводите и трафостаниците со кои управува друштвото, поради тоа што истите се евидентираат по делови на различни сметки за градежни објекти, постројки и опрема и се со неусогласени називи.

Ненавременото запишување на правото на сопственост не е во согласност со членовите 142, 156 и 157 од Законот за катастар на недвижности и не овозможува да се потврди правото на сопственост на друштвото врз земјиштето и електропреносната инфраструктура. Утврдените состојби не овозможуваат со сигурност да се потврди нивната целосност и проценета вредност, што не е согласно член 472 став 3 и став 4 од ЗТД[16] каде е пропишано дека податоците во трговските книги мора да бидат навремени, ажурирани и да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, што влијаат врз реалното и објективно прикажување на податоците во финансиските извештаи за 2024 година. Истовремено истакнуваме дека овие состојби влијаат на висината на тарифата за пренос на електрична енергија, која ја утврдува РКЕ врз основа на официјалните сметководствени податоци доставени од друштвото. Имено, вредноста на постојаните средства освен земјиштето, согласно Правилникот[17] и Методологија за пресметка на регулиран максимален приход за регулирана дејност пренос на електрична енергија, влијае на параметрите при формирањето на тарифите за преносот на електрична енергија, преку вредноста на амортизацијата, приносот на регулираните средства во базната година и просечната вредност на регулираните средства.

[16] Закон за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, Автентично толкување 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 239/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20* , 215/21, 99/22, 272/24, Автентично толкување 191/25)

[17] Правилник за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија бр.01-2436/1 од 17.11.2023 година (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 247 од 24.11.2023 година)

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- регулирање и упис на сопственоста во АКН на далекуводите и сите трафостаници кои со поделбата припаѓаат во сопственост на АД МЕПСО Скопје и
- обезбедување на сите потребни документи за точно и целосно сметководствено евидентирање на земјиштето, далекуводите и трафостаниците во согласност со фактичката состојба и податоците од имотните листови.

3.1.2. АД МЕПСО Скопје е основано со Одлука на Владата[18] за поделба на АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост Скопје и впишано врз основа на оваа одлука со Решение[19] во Основниот суд Скопје 1.

Од увидот во сметководствената евиденција утврдивме неусогласеност помеѓу сметководствената вредност на основната главнина во износ од 3.356.309 илјади денари и запишаниот и уплатен капитал (основачки влог) во ЦРРСМ и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во износ од 3.059.393 илјади денари. За разликата во износ од 296.916 илјади денари, надлежните лица образложија дека истата произлегува од спроведениот делбен биланс, но не беа доставени веродостојни документи и одлука/и за потврдување на основот поради кои сметководствена вредност на основната главнина е зголемена, што не е во согласност со член 383 став 1 точка 6, член 420 и член 421 став 1 од ЗТД, како и член 11 став 1 точка 6 од Статутот на друштвото, со кои е уреден начинот на зголемувањето на основната главнина, а врз основа на донесена/и одлука/и од Собранието на друштвото. Истовремено, наведената состојба не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од ЗТД со кој е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, што влијае на реалноста и објективноста на искажаната состојба на основната главнина во Билансот на состојба на ден 31.12.2024 година.

Утврдената состојба е обелоденета и во Конечниот извештај од спроведената ревизија на регуларност за 2021 година.

Препорака

Органите на раководење и управување во соработка со Собранието - МЕРМС да преземат активности за усогласување на податоците на основната главнина прикажани во сметководствената евиденција на АД МЕПСО Скопје со податоците од ЦРРСМ и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

---

[18] Одлука број 23-3343/1 од 27.09.2004 година
[19] Решение Трег. број 5658/2004 од 31.12.2004 година

3.1.3. На крајот на 2024 година материјални средства во подготовка изнесуваат 2.558.019 илјади денари, при што со извршениот увид во трговските книги, доставената документација и спроведената анализата, ги утврдивме следните состојби:

- 45% од вкупните материјалните средства во подготовка (1.161.416 илјади денари) се однесуваат на завршени проекти, кои не се ставени во употреба и во сметководствената евиденција не се признати како недвижности, постројки и опрема. Во текот на извршување на ревизијата за поголем дел од овие средства во износ од 1.087.240 илјади денари беа преземени активности од страна на надлежните вработени за нивно соодветно сметководствено евидентирање (подетално во точка 10 – Корекции во текот на ревизијата). Останатите средства во износ од 74.176 илјади денари[20] сè уште не се правилно признати и евидентирани во сметководствената евиденција.

  Поради ненавремено признавање на овие средства не бил пресметан и признаен трошок за амортизација во претходниот период и во тековната 2024 година, иако истите генерираат приходи. Оваа состојба не е во согласност со барањата од Правилникот за водење на сметководството точки 7 и 55 од МСС 16 – Недвижности постројки и опрема во однос на признавањето на средствата и пресметување на амортизација, што влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во Билансот на состојба и расходите во Билансот на успех за 2024 година и
- во периодот пред 2005 до 2021 година евидентирани се вложувања, во вкупен износ од 19.100 илјади денари, за кои поради недоволни информации и/или непоседување на соодветна поткрепувачка документација не е можно да се потврди нивната состојба, потребата и оправданоста од нивна набавка и нивната употребна вредност.

Утврдените состојби не се во согласност со член 472 став 3 и 4 од ЗТД со кој е уредено дека сите податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и хронолошки и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, што влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства и пресметаните расходи во финансиските извештаи.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за утврдување на фактичката состојба на материјалните средства во подготовка, нивно реално и објективно признавање и евидентирање во

[20] Дел од средствата се утврдени како кусок кој потекнува од 2014 година кај проектот "Рехабилитација на ТС 400/110 kV Битола 2 со набавка и инсталација на нов систем за унапредување и замена на постоечки систем за заштита" во износ од 2.461 илјади денари согласно Извештајот за опремата која што недостасува во магацинот на ТС Битола 2 бр. 02-2615 од 11.04.2014 година.

трговските книги на друштвото, како и целосно и точно пресметување на амортизација.

3.1.4. Согласно одредбите од ЗТД, АД МЕПСО Скопје има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. За вршењето на пописот во 2024 година донесено е Упатство за попис на имотот[21], како и Одлука[22], со која е формирана Централна пописна комисија и поединечни пописни комисии. По завршениот попис врз основа на поединечните извештаи, изготвен е Извештај на Централната пописна комисија за извршениот редовен попис за 2024 година[23] усвоен со Одлука на УО[24]. Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал ги утврдивме следните состојби:

- пописот на материјалите средства, залихите на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар, паричните средства, побарувањата и обврските не е сеопфатен и целосен и за истите не е направено вредносно усогласување на сметководствената со фактичката состојба. За останатите средства и извори на средства[25] не е спроведен попис, иако во Извештајот од спроведениот попис за некои од нив наведени се вредносни показатели кои се преземени од сметководствената евиденција. Овие состојби не се во согласност со членовите 3, 4 и 11 од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот [26];
- пописните листи се составени според локацијата на артиклите по магацини, организациони единици, задолжени лица и слично, а не според аналитичките сметки на средствата кои се предмет на пописот, што не е во согласност со член 10 став 4 од Правилникот;
- во пописните листи за градежните објекти недостасуваат податоци за вредноста, како и податоци кои поблиску го опишуваат објектот (локација, имотен лист, површина/должина), што не е согласно член 11 точка 1 и точка 3 од Правилникот;

[21] Упатство за попис на имотот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (скратено име АД МЕПСО Скопје), бр.05-5986 од 10.10.2023 година
[22] Одлука за формирање на пописни комисии УО бр.02-6983/11-1 од31.10.2024 година
[23] Извештај на Централна пописна комисија бр.05-625/1 од 31.01.2025 година.
[24] Одлука на Управен одбор, УО бр.02-1336/10-1 од 28.02.2025 година
[25] нематеријалните средства, материјални средства во подготовка, авансите за набавка на материјални средства, долгорочни финансиски средства, платените трошоци за идни периоди, обврските за долгорочните кредити, одложените плаќања на трошоци и приходи на идни периоди, основна главнина и резервите
[26] Правилник за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, Службен Весник на Република Македонија, број 107 од 10.08.2011 година.

- при пописот на побарувањата и обврските, пописната комисија нема побарано писмени потврди за салдата на побарувањата и обврските, како што е уредено со член 7 став 1 точка 2 од Правилникот;
- во извештајот од Централната пописна комисија констатирано е дека во сефот на благајна има 4 златници[27] кои не се сметководствено евидентирани, што создава ризик од нивно губење и противправно присвојување;
- не е извршено издвојување на нефункционалниот инвентар, опрема и слично што не е во согласност со член 9 став 2 точка 6 од Правилникот. Исто така средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично се нотирани на пописните листи заедно со останатите средства, односно истите не се попишани на посебни пописни листи, како што е уредено со член 10 став 10 од Правилникот;
- дел од средствата сè уште се водат на лица кои поради различни причини повеќе не се во работен однос во друштвото, при што не се преземени активности за утврдување на фактичката состојба, што создава ризик од губење и неовластено користење на средствата;
- дел од пописните листи не се целосно потпишани од сите членови на комисиите и ракувачот (одговорно лице), што не е во согласност со член 11 став 10 од Правилникот и
- Извештајот од Централната пописна комисија како и извештаите од поединечните пописни комисии содржат податоци за вредноста на средствата кои треба да се расходуваат, но не и за средствата кои се кусоци. Истите не содржат податоци за: преглед на материјални (физички) и вредносни разлики меѓу сметководствената и фактичката состојба, причините за разликите и забелешки и објаснувања во врска со утврдени разлики дадени од лицата кои ракуваат со средствата, како што е предвидено во член 12 од Правилникот.

Наведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 став 1 од ЗТД и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичка состојба утврдена со пописот што влијае врз реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември како и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

### Препорака

Органите на раководење и управување да ги преземат следните мерки и активности:

[27] 3 златника со ликот на Тито – Златара Мајденпек и еден златник од златара Цеље

- при вршење на попис да бидат опфатени сите средства и обврски, за сите поединечно да се изготват пописни листи според аналитички сметки во сметководствената евиденција, а таму каде е потребно да се внесат податоци кои поблиску го опишуваат средството;
- обезбедување на писмени потврди за салдата на побарувањата и обврските, како и утврдување на можноста од наплата на побарувањата и застареност на обврските;
- воспоставување на сметководствена евиденција на златниците утврдени со пописот;
- во пописните листи покрај количините да се внесат и вредностите поединечно за секое средство и обврска, како услов за усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично да се издвојат од останатите средства и да се попишат на посебни пописни листи;
- пописните листи да бидат потпишани од сите членовите на пописната комисија и
- извештаите од Централната пописна комисија и поединечните пописни комисии да ги содржат сите податоци кои се предвидени со Правилникот.

3.1.5. Со донесување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршениот редовен попис за 2024 година, УО на АД МЕПСО Скопје меѓу другото го прифатил предлогот на пописните комисии за расход на материјални средства со набавна вредност од 36.825 илјади денари без сегашна вредност, кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат. При тоа, УО донел Одлука за формирање на комисија за расход[28], чија обврска била да го собере на едно место пријавениот расход од материјални средства и ситен инвентар за 2024 година. Во таа насока, Комисијата за расход во април 2025 година изготвила Извештај[29], по што УО донел Одлука[30] за преземање на сите потребни дејствија за пренесување и сместување на утврдениот расход во магацинот на ТС Скопје 4 со почитување на законските одредби од областа.

Со извршениот увид во трговските книги и доставениот пописен елаборат, утврдени се следните состојби:

- иако пописните комисии во пописните листи и поединечните извештаи констатирале расход на материјални средства со набавна вредност од 63.300 илјади денари и сегашна вредност од 16.386 илјади денари, истиот не е содржан во Извештајот на Централната пописна комисија, односно

[28] Одлука за формирање на комисија за расход УО бр.02-1336/10-6 од 28.02.2025 година
[29] Извештај бр.05-2301 од 17.04.2025 година на комисија за расход
[30] Одлука УО бр.02-6678/9 од 28.11.2025 година

во извештајот е прикажан само расход на средствата кои немаат сегашна вредност. За расходуваните средства кои имаат сегашна вредност не се искажани трошоци во износ од 16.386 илјади денари.

Слична е состојбата и кај утврдените кусоци со пописот, за кои не се донесени соодветни одлуки за понатамошно постапување и не се искажани трошоци во сметководствената евиденција во 2024 година. Овие состојби истовремено влијаат на искажаниот финансиски резултат, како и на основицата за оданочување со данокот на добивка за 2024 година.

Истовремено оваа состојба не е во согласност со член 471 став 1 од ЗТД каде е пропишано дека секој трговец, во согласност со принципите на правилно водено сметководство, води трговски книги на начин што ги прави видливи сите преземени трговски правни работи, состојбата на средствата, обврските, главнината, приходите и расходите.

- во 2022 година извршена е проценка на расходувани средства (транспортни средства, ИТ опрема, подвижен имот, машини и опрема), со проценета вредност од 488.542 илјади денари (7,9 милиони евра), врз основа на која е изготвен Извештај[31] за проценка и донесена е Одлука[32] од УО за преземање активности за нивно отуѓување согласно законската регулатива. Постапката не била спроведена до крај, односно НО нема донесено одлука за отуѓување, ниту е побарана согласност од Владата за продолжување на активностите за покренување на постапка за отуѓување на расходуваните средства, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[33] и
- во периодот од јануари до март 2023 година утврдени се кражба на расходувана опрема и материјали како и котури со спроводно јаже[34] во ТС Скопје 4 и ТС Битола 1, за кои се поднесени две кривични пријави[35], со вкупна пријавена вредност од 4.005 илјади денари. И покрај утврдените кусоци од извршените кражби, украдените и расходуваните средства сè уште се евидентирани во сметководствената и материјалната евиденција на друштвото, при што за нив не е искажан трошок на крајот

[31] Извештај за ЈН Проценка на имот на АД МЕПСО бр.05-2885 од 18.05.2022 година од Комисијата задолжена за претходна проверка на пазарот-технички дијалог и евалуација на документите за докажување на условите за квалитативен избор (освен на документот за регистрирана дејност) и на техничките понуди

[32] Одлука УО бр.02-2961/10 од 20.05.2022 година

[33] Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, „Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19, 122/21, 193/25)

[34] ТС Скопје 4 - 6 котури со спроводно јаже со вкупна тежина од 13.000 кг. со вредност од 1.723 илјади денари, 85% од расходувана опрема и материјали со сегашна вредност со состојба 31.12.2022 година во износ од 503 илјади денари и ситен инвентар во употреба во износ од 1.485 илјади денари, кои записнички биле складирани на чување во магацинот и ТС Битола 1 - 2 котури со спроводно јаже со набавна вредност од 294 илјади денари

[35] Кривична пријава бр.10-2758 од 03.05.2023 година до ОЈО Скопје и Кривична пријава бр.03-3890 од 23.06.2023 година до ОЈО Битола

на соодветниот пресметковен период што влијае на финансискиот резултат од работењето. Дополнително, за дел од овие средства и понатаму се пресметува амортизација, иако истите фактички не постојат.

Ваквото постапување укажува на слабости во сметководственото евидентирање, внатрешните контроли и управувањето со расходуваните средства и кусокот и имаат влијание на реално и објективно искажување на податоците во финансиските извештаи и даночниот биланс.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за сметководствено евидентирање на трошоците по основ на расход и кусок, донесување на одлуки за понатамошно законско постапување со расходуваните средствата, како и утврдување на одговорност за кусокот и украдените материјални средства.

3.1.6. АД МЕПСО Скопје располага со залихи на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар, за кои на крајот на 2024 година искажана е вредност од 46.704 илјади денари. Со извршената ревизија ги утврдивме следните состојби:

- во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година утврдивме залихи во износ од 25.182 илјади денари, кои биле набавени пред 2017 година и не биле издадени во употреба. Иако оваа состојба во 2024 година делумно е променета, сè уште значителна количина од наведените залиха, со вкупна вредност од 16.650 илјади денари, не се издадени во употреба и се заведени во материјалната евиденција на друштвото. Од спроведената анализа утврдивме дека се работи за залихата на резервни делови со вредност од 14.777 илјади денари и суровини и материјали со вредност од 1.873 илјади денари. За наведените залихи, на крајот на пресметковниот период, не е утврдена нивната нето реализациона вредност, со цел да се определи дали постои разлика помеѓу нивната проценета продажна и набавна вредност и доколку постои соодветно да се евидентира пониската од нив во согласност со барањата на Правилникот за водење на сметководството, точките 6 и 9 МСС 2 Залихи и точка 24 од пропишаните сметководствени политики на АД МЕПСО Скопје. Не спроведеното вредносно усогласување на залихите влијае на нивното реално и објективно прикажување во финансискиот извештај Билансот на состојба на ден 31 декември 2024 година и на расходите во периодот кога се случило намалувањето на нивната вредност, како и на остварениот финансиски резултат од работењето и

- резервните делови од магацините во Скопје 4, Штип и Битола во износ од 4.492 илјади денари евидентирани се како градежни објекти и за истите пресметана е амортизација во вкупен износ од 1.037 илјади денари (112 илјади денари во 2024 година). Ваквиот начин на евидентирање не е во согласност со МСС 2 – Залихи точка 6 што влијае на несоодветно прикажување на залихите и трошоците во финансиските извештаи за 2024 година.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за реално и објективно признавање и мерење на залихите и нивно соодветно сметководствено евидентирање.

3.1.7. Трошоците за амортизација во 2024 година изнесуваат 430.567 илјади денари и се пресметуваат во согласност со МСС 16 - Недвижности, постројки и опрема и МСС 38 – Нематеријални средства, Уредбата за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки[36] и усвоените сметководствени политики[37] на друштвото.

Со извршениот увид во начинот на пресметка на амортизација утврдивме несоодветна примена на законската, подзаконската и интерната регулатива. Имено во 2024 година, не е пресметана амортизација во вкупен износ од 16.419 илјади денари, на дел од ново набавените материјални средства расположливи за употреба како и на инвестициите со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалноста на средствата, што не е во согласност со сметководствените политики на друштвото и член 6 од Уредбата. Исто така утврдивме дека и во случај кога се пресметува амортизација на ново набавените средства, истата не започнува од денот кога средството е активирано за вршење на дејноста, односно кога станува расположливо за употреба, што не е во согласност со член 7 од Уредбата со која е уредено дека трошокот за амортизација на средствата се признава како расход од денот кога средствата стануваат расположливи за употреба. Една од причините за несоодветно пресметаната амортизација се недостатоците и слабостите на постоечката електронска апликација за водење на постојаните средства.

Наведените состојби предизвикуваат нецелосно и неточно пресметување на трошоците за амортизација, како и нереално и необјективно прикажување на вредноста на средствата во билансот на состојба на 31 декември 2024 година.

[36] Уредба за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства (Службен весник на Република Северна Македонија бр.277/19).

[37] Сметководствени политики на АД МЕПСО Скопје бр.05-7305 од 04.12.2023 година

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за точно и навремено пресметување на амортизацијата на средствата.

3.1.8. Во трговските книги на АД МЕПСО Скопје, на ден 31.12.2024 година евидентирани се побарувања од купувачите во земјата и странство и побарувања по основ на камати, кои по извршеното вредносно усогласување до 2021 година се намалени и изнесуваат 2.039.136 илјади денари. Побарувањата произлегуваат од извршени услуги за пренос на електрична енергија, балансирање на електроенергетскиот систем, транзит на електрична енергија, користење на прекугранични преносни капацитети, услуги за приклучување на преносна мрежа, како и пресметани камати по тие основи.

Со ревизијата извршивме анализа на старосната структура на вкупните побарувања, како и преземените мерки за нивна наплата, при што утврдивме дека 12% од нив или 241.342 илјади денари, се побарувања постари од три години. Најголем дел од нив се однесува на побарувања по основ на предизвикан дебаланс од страна на правни лица – трговци на електрична енергија (БОС), како и на побарувања за користење на прекугранични преносни капацитети.

За наплата на доспеаните побарувања од БОС склучени се договори за репрограмирање на нивните долгови со својство на извршна исправа и нивна соодветна наплата на рати. За оние БОС и други должници, кои ненавремено ги подмирувале своите обврски кон друштвото доставени се Барање за спроведување на извршување, односно Решенија за извршување на нотарски платен налог. Со ревизијата утврдивме дека постојат барања и решенија кои се од постар датум, при што најстариот документ датира од 2014 година, а од страна на надлежните лице не беа образложени причините кои довеле до состојба побарувањата да не се наплатат. Имајќи ја во предвид старосна структура на побарувањата, како и неизвесноста на долготрајните извршни постапки, истакнуваме дека постои неизвесност во однос на нивната наплата.

За наведените побарувањата не е извршено соодветно вредносно усогласување, што не е во согласност со точка 27 од усвоените сметководствени политики на друштвото и МСС 18 точка 22 каде е уредено дека, во случај на неизвесност за наплата на износот кој веќе е вклучен во приходот, ненаплатливиот износ или износот чие надоместување не е повеќе веројатно, се признава како расход. Наведената состојба влијае на реално и објективно прикажување на состојбата на побарувањата во Билансот на состојба на ден 31 декември, како и на износот на расходите во периодот кога се случило намалувањето на нивната вредност, а со тоа и на реалноста на остварениот финансиски резултат од работењето.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за редовно следење на застареноста на побарувањата и преземање на навремени мерки за нивна наплата, како и ажурно усогласување и евидентирање на вредноста на побарувањата со нивната објективна вредност, а по претходно обезбедени докази и проценка за веројатноста на нивната наплата.

3.1.9. Долгорочните финансиски средства искажани во трговските книги на АД МЕПСО Скопје на крајот на 2024 година, изнесуваат 131.837 илјади денари и истите претставуваат пренесени состојби од претходниот период. Најголем дел од долгорочните вложувања или 124.929 илјади денари (95%) се евидентирани во 2018 како резултат на извршените вложувања согласно член 237 точка 9 од Законот за енергетика и Одлуката на УО[38] за основање на МЕМО ДООЕЛ Скопје, како оператор на пазар на електрична енергија во целосна сопственост на АД МЕПСО Скопје. Долгорочните вложувања во износ од 2.459 илјади денари, потекнуваат од 2016 година и се однесуваат на пристапување, постапување и финансирање на САО SEE[39], во согласност со заклучоците донесени од Владата[40] и Одлука на УО[41]. Останатите вложувања во износ од 4.449 илјади денари, потекнуваат од 2005 година и се евидентирани како вложување на АД МЕПСО Скопје во правен субјект[42] согласно Планот за поделба на АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост Скопје, Одлука на УО[43] за отстапување на основачки влог на АД МЕПСО Скопје и Одлука[44] за согласност од Владата.

Со ревизијата утврдивме дека за вложувањата во претходно наведениот правен субјект од странство, не се доставени уредни и веродостојни финансиски документи кои би го потврдиле правниот основ, реалноста и објективноста на вложувањето, ниту е направено вредносно усогласување согласно сметководствените политики на друштвото. Внесувањето на податоци во трговските книги без целосни, комплетни и веродостојни документи, не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од ЗТД и не овозможува потврдување на реалноста и објективноста на позициите во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31 декември 2024 година. Утврдената состојба е обелоденета и во Конечниот извештај од извршената ревизија на регуларност кај АД МЕПСО Скопје за 2021 година.

---

[38] Одлука на УО бр.02-5479/1 од 31.08.2018 година

[39] САО SEE - Канцеларијата за координирана аукција на капацитети на Југоисточна Европа

[40] Заклучоците од 15-та седница на Владата бр.42-1027/1 од 15.03.2016 година

[41] Одлука УО бр. 02-3221/1 од 26.05.2016 година

[42] Електроенергетскиот Координационен Центар Белград (ЕКЦ)

[43] Одлука УО бр.02-4509/20/3 од 22.08.2005 година од АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост Скопје

[44] Одлука за согласност бр.19-3259/1 од 06.10.2005 година донесена од Влада

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување во соработка со правното лице и надлежните институции од странство, да обезбедат веродостојни документи за разрешување на дилемите во однос на правниот основ, реалноста и објективноста на вложувањата.

## 3.2. Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. На крајот на 2024 година, според трговските книги на АД МЕПСО Скопје, 54% од евидентираните материјални средства во подготовка или 1.377.503 илјади денари претставуваат активни проекти, чија реализација е во тек. Овие проекти се однесуваат на изградба, реконструкција, ревитализација и модернизација на електропреносната мрежа, со цел зголемување на сигурноста и доверливоста на преносот, намалување на техничките загуби и обезбедување услови за приклучување на нови капацитети, особено од ОИЕ.

Проектите кои се целосно реализирани, како и оние чија реализација е во тек, се финансирани од сопствени средства и од средства обезбедени преку повеќе кредитни линии, врз основа на склучени договори за заеми и грантови со меѓународни финансиски институции (подетални информации за сите проекти кои се во тек се прикажани во Прилог број 1).



Слика бр.2- Изградба на 400/110 kV ТС Охрид

Со извршената ревизија на проектите чија реализација е во тек ги утврдивме следните состојби:

- **степенот на реализација** кај дел од проектите за изградба, реконструкција и ревитализација на електропреносната мрежа се движи од 9% до 62%, а кај дел од нив постои дополнително **зголемување на вредноста на склучените договори** , како и пролонгирање на рокот за нивната реализација. Имено, утврдивме дека кај три проекти има зголемување на вредноста на првично склучените договори, при што најголемото зголемување од 51% (1.481.657 евра) е кај проектот "Ревитализација на 110kV ДВ ТС Скопје 4-ТС Велес" чиј износ по зголемувањето изнесува вкупно 4.393.609 евра. Надлежните лица информираа дека зголемување на вредноста на проектот се должи пред

се на глобалниот пораст на пазарните цени во период од 2021 до 2024 година[45];

во однос на **рокот на реализација** , кај три проекти пројавена е потреба од пролонгирање на активностите и продолжување на рокот за изградба, при што најголемото пролонгирањето од пет години и осум месеци е кај проектот "Реконструкција на 110kV Далекувод ТС Битола 1-ТС Прилеп". Надлежните лица информираа дека продолжувањето на рокот се должи на нецелосно создадени услови за реализација на договорот (задоцнето вадење на градежна дозвола), промени во цени, како и несоодветно временско планирање на проектот во договорот.

Во однос на рокот и периодот на реализација, напоменуваме дека за проектот „Набавка и инсталација на подземен оптички кабел" склучен е договор со изведувачот во ноември 2016 година, но истиот започнал да се реализира дури во мај 2025 година заради необезбедена градежна дозвола, како и поради поместувања на трасата во одделни сегменти и други непредвидени активности;

- во 2024 и 2025 година **раскинати** се два договори по кои се започнати инвестициски активности во преносната мрежа. Имено, инвестицискиот проект "Набавка и инсталација на 400 kV далекувод од 400/110kV ТС Битола 2 преку ТС Охрид до Македонска - Албанска граница" за кој во февруари 2020 година склучен е договор во износ од 17.221.889 евра и




Слика број 3– Фундаменти на две столбни места од
вкупно предвидени 269 столбни места (снимено со дрон)

истиот имал реализација од 34% (завршени се градежни работи на фундаменти на 24 столбни места од вкупно 269 столбни места и

[45] Извор на информација: Извештај за реализација на проект кој е доставен до УО на АД МЕПСО Скопје бр.11-1635 од 17.03.2025 година

испорачано е 50% од опрема[46]). Овој договор со одлука на УО[47], во декември 2024 година е раскинат со образложение дека проектот има долг период на застој, недоволен напредок и неисполнување на договорните обврски од страна на изведувачот. Во текот на декември 2025 година избран е нов изведувач за реализација на овие инвестициски активности.

Исто така, договорот за проектот Ревитализација на 110kV ДВ ТС Скопје 4-ТС Велес", чија вредност неколку пати била зголемена, а рокот за реализација продолжен за 4 години и 9 месеци, со одлука на УО[48], во март 2025 година е раскинат, со образложение дека обврските од страна на изведувачот биле ненавремено извршувани (не преземени теренски активности, ниту активности за набавка на опрема, процесот на експропријација не бил завршен бидејќи немало инфраструктурен проект).

За овие два инвестициски проекти започнати се ДАБ[49] постапки.

Слика бр. 4– Столб од постојниот "110kV ДВ ТС Скопје 4-ТС Велес" кој требало да се реконструира



- проектите "Изградба на ДВ 110 kV ТС Валандово - ТС Милетково" и "Реконструкција на ДВ 110kV Осломеј - Кичево" се наоѓаат во фаза на подготовка на тендерска документација и за истите сѐ уште **не се започнати активности за изградба** . Првиот проект претставува дел од проектот Зајакнување на преносната мрежа во југоисточен регион, за кој во јуни 2024 година е одобрен заем од ЕБРД во износ од 26.400.000 евра. За овој заем до периодот на завршување на ревизијата исплатени се 264.000 евра за одобрување на заемот и провизии за неповлечени средства во износ од 155.672 евра (22.205 евра во 2024 година).

Во изминатите тринаесет години се иницирани значајни инвестициски активности насочени кон изградба, реконструкција, ревитализација и модернизација на електропреносната мрежа. Сепак, реализацијата на овие проекти во голем дел е забавена или прекината, главно поради ненавремено исполнување на обврските од страна на изведувачите, но и поради недоволно

[46] во октомври 2023 била евидентирана кражба во магацин на изведувачот на дел од опремата (штрафови и плочки во количина од 17,4 тони)
[47] Одлука УО 02-7883/2 од 06.12.2024 година, нема одлука од НО за раскинување на Договорот
[48] Одлука УО 02-1644/2 од 17.03.2025 година, нема одлука од НО за раскинување на Договорот
[49] Dispute Adjudication Board - Одбор за решавање на спорови

создадени услови од страна на инвеститорот. Кај одредени проекти, и покрај тоа што се исплатени значителни финансиски средства за извршени работи и набавка на опрема, договорите биле раскинати. Постојат и случаи каде што се одобрени заеми, но реализацијата сè уште не е започната. Овие состојби имаат неповолно влијание врз процесот на модернизација на електропреносната мрежа, ја намалуваат сигурноста и стабилноста во преносот на електрична енергија, придонесуваат за зголемени загуби и го ограничуваат создавањето услови за приклучување на нови производствени капацитети.

Наведените состојби упатуваат на тоа дека не се преземени сите неопходни мерки за доследна примена на правниот стандард за постапување со „внимание на уреден и совесен трговец“, како што е предвидено со ЗТД, а како резултат на тоа, се јавува неефикасно користење на финансиските средства, кои во најголем дел се обезбедени преку заеми и грантови. Дополнително, ваквото постапување довело до исплата на трошоци за провизии за неповлечени средства од заемите (подетални информации во однос на заемите и грантовите се дадени во точка 4.3 од Извештајот).

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат активности за:
- преиспитување на преземените чекори за спречување на понатамошни одложувања во реализацијата на проектите согласно склучените договори, како и обезбедување наменско користење на јавните средства и
- определување на реална временска рамка за задолжување, повлекување и користење на средства од заемите.

3.2.2. Со извршениот увид во трговските книги на АД МЕПСО Скопје констатиравме дека на крајот на 2024 година нематеријалните средства во подготовка изнесуваат 32.320 илјади денари и претставуваат пренесена состојба од минати години. Овие средства се однесуваат на вложувања во проектна документација (физибилити студии, мастер планови, основни проекти и техничка документација за ски центри[50)], кои се изготвени во периодот од 2012 до 2018 година. Во 2018 година Владата донела заклучок[51] со кој го задолжила АД МЕПСО Скопје, изработената проектна документација да ја достави до соодветните општини, со цел истата да им се стави на располагање за евентуална реализација од страна на потенцијални инвеститори. Овие состојби за вложени средства кои не се во функција на вршење на дејноста на друштвото „пренос на електрична енергија“ се обелоденети и во Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за спроведената ревизија на регуларност за 2016 и 2021 година.

---

[50] Галичица, Јабланица, Берово, Плачковица и Голак

[51] Извадок од Нацрт-записникот на 76-та седница на Владата на РМ бр.44-4897/1 од 26.06.2018 година

Во јуни 2022 година друштвото доставило Информација[52] до МТВ за обезбедена согласност од Владата за отстапување (пренесување) на правото на сопственост на општините врз проектната документација. До периодот на вршење на ревизијата не е добиен одговор од надлежното министерство и не се презентирани докази и информации за преземени понатамошни активности за постапување по заклучокот на Владата за доставување на постојните проекти до општините.

Ваквиот начин на делување не е во согласност со правниот стандард за должно внимание, кој е уреден со ЗТД, како и со барањата од Правилникот за водење на сметководството[53] (МСС – 38 Нематеријални средства и МСС 36 – Обезвреднување на средствата), со кои е пропишано дека нематеријалните средствата треба да се признаваат само доколку друштвото има идни економски користи за време на неговиот корисен век на употреба и за истите на крајот на секој период треба да се процени неговиот надоместлив износ, што влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во Билансот на состојба на ден 31 декември 2024 година.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за реална процена на вредноста на нематеријалните средства, а оние нематеријални средства кои имаат употребна вредност и услови за нивна реализација да се отстапат на соодветните општини согласно дадените насоки од Владата.

3.2.3. Расходите по основ на бруто платата на вработените во АД МЕПСО Скопје во 2024 година изнесуваат 676.488 илјади денари и истите се уредени со Законот за работните односи[54] и Колективниот договор на ниво на работодавач[55]. Од вкупно систематизираните 954 работни места, пополнети се 626 работни места[56]. Со извршениот увид во актите за систематизација и внатрешна организација, склучените договори за вработување и доставената документација за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата ревизијата ги утврди следните состојби:

- видот и називот на работните места, бројот на извршителите за секое работно место, посебните услови потребни за извршување на работите, описот на работите и задачите и распоредот на работните места по

[52] Информација бр. 02-3394 од 09.06.2022 година до МТВ
[53] Правилникот за водење сметководство („Службен весник на Република Македонија„ бр.159/09, 164/10, 107/11)
[54] „Службен весник на РМ" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09,149/09, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16, 120/18, „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25, 124/25
[55] Колективен договор на Оператор на електропреносен систем на Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје бр.01-2505 од 20.04.2023 година
[56] Од вкупно пополнетиот број на работни места 76% се мажи, а 24% се жени

организациони единици се утврдени со Правилникот за систематизација на работните места[57] донесен од страна на УО во јули 2018 година. Во октомври 2019 година донесен е нов Правилник за внатрешна организација[58], при што оваа промена не била проследена со донесување на нов Правилник за систематизација на работните места.

Од денот на донесување на Правилник за систематизација на работните места, заклучно со август 2025 година направени се 77 негови измени, без да се донесе пречистен текст на истиот, што во пракса влијае на негова отежната примена и следење. Во таа насока отежната е примената и на табеларниот преглед, кој е составен дел на Правилникот во кој се утврдени коефициенти за пресметка на плата на вработените, бидејќи истиот редовно не се ажурира со направените измени и дополни.

Со анализа на направените измени утврдивме дека 43 од нив се усвоени врз основа на Одлуки за измени и дополнувања донесени од УО и 34 се усвоени со Одлуки за зголемување на бројот на извршителите донесени само од Генералниот директор, што не е во согласност со член 25 точка 5 и член 19 точка 9 од Статутот на друштвото со кои е пропишано дека Генералниот директор има право само да предлага внатрешна организација, додека одлучувањето за внатрешната организација и систематизацијата на работните места е во надлежност на УО. Различниот начин на постапување е поради неусогласеност на наведениот член во Статут со член 11 став 2 од Правилникот за систематизација на работните места каде е уредено дека одлука за зголемување на бројот на извршители донесува Генералниот директор на друштвото, по предлог на директорите на подружниците и секторите, што предизвикува правна несигурност и нееднакво постапување;

- при изготвување и измена на Правилникот за систематизација на работните места не било обезбедено мислење од Синдикатите во АД МЕПСО Скопје, што не е во согласност со член 47 став 2 од Колективниот договор и влијае на транспарентноста на процесот;
- од страна на надлежните лица во друштвото, не се презентирани документи со кои се потврдува дека одлуките за зголемување на бројот на извршители по работни позиции се донесуваат со претходно детално утврдување на „обемот и потребите на работниот процес во друштвото и дека истите биле планирани во годишен/тековен План и Програма“, како што е уредено со член 11 став 1 од Правилникот за систематизација на работните места и овозможува непланирано пополнување на работните места;

[57] Правилникот за систематизација на работните места бр. 02-4992/2-1 од 31.07.2018 година и неговите измени и дополнувања

[58] Правилник за внатрешна организација број 05-5814/14-2.1 од 28.10.2019 година

- коефициентите за пресметка на плата се определуваат во Колективниот договор, без јасно утврдени критериуми за нивото на сложеност на работното место. Исто така, за коефициентите определена е долна граница (минимален коефициент), но не и горна граница по категории, што влијае при пресметка и исплата на платата за една категорија да се премине во повисоки категории, а со тоа да предизвика субјективност при утврдувањето на платите и нарушување на хиерархијата на работните места;
- платата во склучените договори за вработување е утврдена во нето износ, добиена како производ меѓу утврдениот коефициент за соодветното работно место и нето износот на најниска плата утврден во Колективниот договор. Наведениот начин на пресметка не е во согласност со концептот на бруто плата воведен во 2009 година, согласно кој основицата/вредноста на коефициентот за пресметка на платите треба да биде утврден во бруто износ;
- со извршениот увид во 95 персонални досиеја на вработените, утврдено е дека дел од вработените биле распоредени на работни места без да ги исполнуваат предвидените посебни и/или дополнителни услови (соодветен степен и вид на образование, работно искуство во струката) во актот за систематизација на работните места, вршени се унапредувања на работни места со повисок коефициент кои не биле планирани во финансискиот план за тековната година, како и пополнување на работни места кои во моментот на распоредувањето веќе биле пополнети;
- во декември 2023 година објавен е јавен оглас за вработување на 70 лица на неопределено време, за што е обезбедена согласност за финансиски средства од надлежното министерство[59]. Огласот е реализиран во почетокот на 2024 година, при што утврдивме дека истиот не бил спроведен во целост согласно законските и подзаконските прописи. Утврдено е дека не постојат воспоставени критериуми за селекција и интервју за избор на кандидати, што може да ја ограничи објективноста во постапката за избор на вработени.

  Од вкупно склучените 69 договори за вработување, кај 45 лица утврдивме неправилности од различен вид. Имено, кај дел од нив при вработувањето не се целосно исполнети предвидените услови од јавниот оглас и Правилникот за систематизација на работните места (вид на образование, работно искуство[60] и други потребни услови). Исто така, дел од лицата се вработени на работни места од јавниот оглас за

[59] Известување бр.18-14012/2 (Арх.бр.03-7690/2 од 22.12.2023) од Министерство за финансии

[60] Извор на информација: член 8 став 3 од Правилникот за систематизација на работните места – „работно искуство во струката се смета времетраење на работен стаж или искуство стекнато во соодветната струка по завршување на соодветно стручно образование“

кои не аплицирале. Краток период по вработувањето (две недели, односно шест месеци поради изборен процес) направено е прераспределување или унапредување на дел од вработените на друго работно место, иако некои од нив не ги исполниле бараните услови предвидени во актот за систематизација, што влијае на неправилна распределба на вработените согласно потребите на друштвото, како и на износот на пресметаната плата;

- од извршените детални тестирања на пресметката на плата утврдивме случаи на несоодветно пресметување на минатиот труд, односно случаи кога не е пресметан или пресметан е помал или поголем процент на минат труд, што предизвикува грешки при пресметката на платата на вработените, што не се во согласност со законските прописи и член 52 од Колективниот договор на АД МЕПСО Скопје каде е утврдено дека основната плата на вработениот се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж и
- додатокот кој се пресметува и исплаќа на вработените за прекувремените часови работа во викенд од 200% не е предвиден со важечкиот Колективен договор.

Наведените состојби укажуваат дека постои недоследна примена на законските и подзаконските акти во делот на пополнување на работните места, вработувањата и пресметката на платите што неповолно влијае врз организацијата на работата, распределбата на задачите, транспарентноста при вработувањето и управувањето со човечките ресурси.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- усвојување на пречистен текст на Правилникот за систематизација на работните места со сите негови измени и дополнувања, како и обезбедување мислење од Синдикатот по тој основ;
- усогласување на одредбата од Правилникот за систематизација на друштвото со Статутот, во делот на надлежностите за донесување на одлуки за промена на Правилникот за систематизација;
- аналитичко планирање на потребата од зголемувањето на бројот на извршители по работни позиции;
- определување на критериуми за утврдување на коефициентите за пресметка на плати, прецизирање на нивната горна граница согласно категоријата, како и измена на договорите за вработување согласно концептот на бруто плата;

- правилно и усогласено пополнување на работните места во друштвото со стручен кадар кој ги исполнува предвидените услови определени со Правилникот за систематизација на работните места;
- спроведување на постапките за вработување по пат на јавен оглас согласно одредбите во ЗРО, Колективниот договор и условите предвидени во Правилникот за систематизација на работните места и
- пресметката и исплатата на платата, како и на додатоците на плата да се врши правилно во согласност со законските прописи и Колективниот договор.

3.2.4. Во 2023 година потпишан е Колективен договор помеѓу АД МЕПСО Скопје, Синдикалната организација на АД МЕПСО и Синдикалната организација МЕПСО[61] , кој е со важност од две години и ќе се применува и по истекот на неговиот рок, се до склучување на нов. Во член 178 став 2 точка 3 од договорот пропишано е дека друштвото е должно да создаде услови за работење и дејствување на Синдикатот, а од средствата за работа на друштвото да се обезбедат средства за работа на Синдикатот во висина од најмалку 1,5% од бруто исплатените плати во друштвото. Средствата треба да се користат за планирани активности во тековната година[62]. Со ревизијата утврдивме дека од сметката на АД МЕПСО Скопје, по претходно донесени одлуки од УО, по овој основ во 2024 година исплатени се вкупно 10.300 илјади денари кон двете синдикалните организации формирани во рамките на друштвото. Истакнуваме дека со овој начин на финансирање, каде значителен дел од средствата за работа на синдикатите ги обезбедува работодавачот, може да се доведе во прашање нивната независност и самостојност при донесувањето на одлуки и да претставува ограничувачки фактор при застапување на интересите на своите членови, која независност се гарантира согласно позитивните прописи и меѓународни конвенции. Оваа состојба не е во согласност со член 195 од ЗРО во кои е пропишано дека „Работодавачите и нивните здруженија не смеат да имаат надзор над основањето и дејствувањето на синдикатите, односно нивните здруженија на повисоко ниво, ниту со цел на таков надзор смеат да ги финансираат или на друг начин потпомагаат синдикатите, односно нивните здруженија на повисоко ниво“. Во корелација со ова е и членот 2 став 2 од Конвенцијата за правото на организирање и колективно договарање 1949[63] , каде меѓу другото е уредно

[61] бр. 01-2505 од 20.04.2023 година
[62] стручно оспособување и образование на членовите на синдикатот, помош на вработените, за организирање и присуство на семинари, конгреси и курсеви за реализација на синдикални активности, соработка со синдикати на други земји, меѓународни синдикални организации, организирање на работнички спортски игри, учество на работниците на спортски и културни манифестации и други синдикални активности
[63] Конвенцијата за правото на организирање и колективно договарање 1949 (број 98), донесена од Меѓународната канцеларија на трудот - Женева (Меѓународната организација на трудот), која е во сила од 17.11.1991 година во државата

дека давањето поддршка на организациите на работници со финансиски или други средства, со цел ставање на таквите организации под контрола на работодавачот се сметаат за акти на мешање во нивното функционирање. Согласно наведеното го истакнуваме прашањето за законската издржаност и оправданост на исплаќањето на парични средства од работодавачот на Синдикатите, како и рационалното управување со јавните средства.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување на друштвото да ја преиспитаат задолжителноста, потребата и оправданоста од исплаќање на средства од друштвото за синдикатите, како и усогласување на одредбите од Колективниот договор во таа насока.

3.2.5. Со склучените договори за уредување на односите помеѓу АД МЕПСО Скопје и членовите на УО, предвидени се права и обврски меѓу кои права на надомест на одвоен живот во висина од 60% од просечната месечна плата во Републиката исплатена во претходните три месеци, право на употреба на службено возило 24 часа на ден, без ограничување, паричен надоместок во вид на отпремнина и други права. Со извршениот увид во трговските книги на друштвото и склучените договори со членовите на УО ги утврдивме следните состојби:

- согласно склучените договори, во ноември 2024 година исплатени се средства за отпремнина во вкупен износ од 2.855 илјади денари, на двајца поранешни членови на УО на кои договорот предвреме им бил раскинат, иако согласно законската регулатива отпремнина се исплаќа единствено кај надоместоците од работен однос при заминување во пензија;
- на крајот на јули 2024 година потпишани се договори за уредување на односите помеѓу АД МЕПСО Скопје и членовите на УО, со времетраење на договорите од 4 години, а согласно донесена Одлука на НО[64]. Почнувајќи од август 2024 година за два члена на УО истовремено реализирани се трошоци за одвоен живот и трошоци за гориво при неограничено користење на службени возила во вкупен износ 435 илјади денари[65], што како воспоставена пракса продолжило и во 2025 година[66]. За исплатените трошоци за одвоен живот, во текот на ревизијата не е доставена поткрепувачка документација (барање, одобрување, склучени договори за закуп на недвижен имот и друго) за потврдување на оправданоста на трошоците. Истовремено во трговските книги евидентирани се записи за потрошено гориво и патарини кои се однесуваат на секојдневни патувања на овие членови на УО од и до нивите места на живеење. Ваквиот начин на постапување не бил применет од еден член на УО со место на живеење

[64] Одлука на НО бр. бр. 02-5112/2-6 од 29.7.2024 година
[65] 233 илјади денари за одвоен живот и 202 илјади денари трошоци за гориво
[66]573 илјади денари за одвоен живот и 435 илјади денари трошоци за гориво во 2025 година

надвор од Скопје, за кој важеле истите права, при што биле исплатени само трошоци за одвоен живот.

Дополнително истакнуваме дека, во склучените договори не е пропишана одредба за ограничување на надоместокот за одвоен живот во корелација со оддалеченоста на местото на живеење од местото на работење, што остава простор за субјективно одлучување.

Наведените состојби даваат можност за произволно толкување на одредбите од склучените договори и истовремено исплата на повеќе надоместоци по ист основ, што претставува нерационално користење на јавните средства;

- на крајот на јуни 2024 година, согласно Колективниот договор и Одлука од УО[67] извршена е исплата на регрес за годишен одмор за сите вработени во вкупен износ од 28.734 илјади денари. Во овој износ вклучена е исплата за регрес и на седум членовите на УО во износ од 313 илјади денари, иако во нивните договори не е предвидено правото на исплата на овој надоместок. Оваа состојба не е во согласност со член 366 став 4 од ЗТД, каде е пропишано дека на раководните и управните органи не се применуваат одредбите од колективните договори, како и со член 63 од Колективниот договор, каде е пропишано дека ова право му следува на работникот.

На ваквиот начин, правата на раководните и управните органи во друштвото се регулирани во поголем обем од првата кои ги имаат избраните и именуваните лица во државата, што влијае на нивен повластен третман.

Препорака

Раководните, управните и надзорните органи во друштвото да преземат мерки и активности за:

- применување на законската регулатива при подготовка и склучување на договорите со членовите на УО, особено во делот на исплата на надоместоци и отпремнини;
- обезбедување на целокупната поткрепувачка документација при исплата на надоместоци на раководните и управните органи за потврдување на нивната оправданоста, како и осигурување дека по ист основ не се исплатени повеќе видови надоместоци;
- почитување на одредбите од Колективниот договор и ЗТД во однос на лицата кои имаат право на регрес за годишен одмор и
- преземање мерки за поврат на неосновано исплатените надоместоци.

3.2.6. Дневниците за службени патувања, ноќевања и патни трошоци во 2024 година се евидентирани во вкупен износ од 23.770 илјади денари, од кои 59% или 14.112 илјади денари се однесуваат на службени патувања во земјата.

[67] бр. УО 02-4178/9-1 од 19.06.2024 година

Со ревизијата утврдивме дека поголемиот дел од исплатените дневници за службени патувања во земјата се однесуваат на вработени кои извршувале теренски работни задачи, кои се предвидени како нивни редовни работни активности согласно барањата во Правилникот за систематизацијата на работни места[68]. Имајќи го во предвид член 67 од Колективниот договор на друштвото, со кој е дефинирано дека престој на терен подразбира престој на работникот надвор од местото, односно дистрибутивниот конзум каде постојано ги обавува работите од работното место на кое е распоредено, горе наведените активности не претставуваат службени патувања, туку престој на терен. За престој на терен следува исплата на теренски додаток, во висина од 75% од полната дневница за службено патување во Републиката, со соодветни намалувања во случаи кога е обезбедено сместување и/или исхрана, а не дневница за службено патување, поради што на вработените им биле исплатени повеќе парични средства од пропишаните.

Наведениот начин на постапување претставува нерационално користење на јавни средства, што не е во согласност со дефинираниот правен стандард за постапување со внимание на уреден и совесен трговец, кој е уреден со ЗТД.

Препорака

Надлежните органи на раководење и управување да преземат мерки, пресметката и исплатата на надоместоците за престој на терен и службените патувања да се вршат согласно условите определени со одредбите од Колективниот договор на друштвото.

3.2.7. Во текот на 2024 година, друштвото има исплатено трошоци за авторски хонорари, услуги за превод и претплата во неделник во вкупен износ од 3.667 илјади денари. Со извршениот увид во трговските книги на друштвото утврдивме дека за наведените трансакции не е обезбедена целосна, комплетирана и релевантна поткрепувачка документација и тоа:

- во 2023 и 2024 година склучени се рамковни спогодби со една Агенција за интелектуална сопственост, со кои предмет на набавка се услуги за посредување и ангажирање автори и консултанти за потребите на друштвото. По овој основ, во текот на 2024 година ангажирани се 15 лица за што се исплатени 3.383 илјади денари. Во 2025 година, три од наведените лица се вработени во друштвото на неопределено време, по претходно спроведен јавен оглас. Иако согласно член 2 од склучените поединечни договори, било предвидено ангажираните лица да изработат стручен труд – „анализа на информации и податоци за изготвување на извештај со елаборирање и консултации за координација на проектите во кабинетот на Генералниот директор", на барање на ревизијата истите не

[68] електромонтери, техничари за одржување на релејна заштита, вклопничари, техничари испитувачи, 12 вработени кои учествувале во евалуација на понуди по спроведена постапка за јавна набавка и слично

беа доставени на увид, поради што не бевме во можност да потврдиме дека стручните трудови се изготвени, да се увериме во квалитетот на извршената услуга, како и да ја согледаме потребата на друштвото за ангажирање на овие лица.

Напоменуваме дека овие трошоци во 2025 година бележат пораст од 15%, при што и натаму за истите не е обезбедена соодветна поткрепувачка документација со која би се потврдила оправданоста на извршените услуги;

- во 2024 година евидентирани се трошоци за услуга за превод и претплата во неделно списание[69]. За услугата за превод, од страна на надлежните лица не се презентирани преведените материјали, поради што не се уверивме дека истата е извршена. Исто така, за неделните набавки на списание во количина од по 100 броја, не добивме информација за потребата од негова набавка, како и потврда дека истите се дистрибуираат во наведената количина и во просториите на друштвото.

Наведените состојби не се во согласност со член 472 став 3 и 4 од ЗТД, со кои е уредено дека регистрираните податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, поради што не е можно во целост да се потврди наменското и рационално користење на јавните средства.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- преиспитување и документирање на оправданоста и потребата за ангажирање на лица по авторски договори, превод на материјали и претплата во списанија и
- евидентирање на трансакциите во трговските книги врз основа на комплетна и веродостојна документација.

3.2.8. Формирањето, организацијата и начинот на извршување на внатрешната ревизија се уредени со одредбите на ЗЈВФК[70] и ЗТД. Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола. Со извршената ревизија, утврдени се следните состојби:

- во член 31 став 1 алинеја 3 од ЗЈВФК, уредено е минималниот број на вработени во единицата за внатрешна ревизија да не биде помал од 4

[69] 284 илјади денари

[70] Закон за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09, 12/11, 188/13, 192/15, 147/17) и Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 255/24)

внатрешни ревизори и раководител на единицата, доколку просечниот финансиски план во последните три години изнесувал најмалку 2 милијарди денари. Согласно актите за организација и систематизација на АД МЕПСО Скопје, во службата за внатрешна ревизија систематизирани се шест работни места – пет внатрешни ревизори и раководител, при што во годината предмет на ревизија биле пополнети сите работни места во оваа организациска единица.

Од извршениот увид во персоналните досиеја на вработените во службата за внатрешна ревизија утврдивме дека не се во целост исполнети условите кои требале да ги исполнат раководителот на единицата за внатрешна ревизија и внатрешните ревизори. Имено, раководителот на службата не поседува уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор или меѓународно признат ревизорски сертификат, ниту доказ за најмалку три години работно искуство во областа на внатрешната или надворешната ревизија. Дополнително, утврдено е дека тројца вработени внатрешни ревизори во 2024 година, не ги исполнуваат условите утврдени во ЗЈВФК, според кој внатрешниот ревизор треба да има најмалку две години работно искуство во областа на внатрешна или надворешна ревизија. Воедно, еден од овие внатрешни ревизори не го исполнува ниту условот за распоредување на ова работно место утврдено со Правилникот за систематизација на работните места на АД МЕПСО Скопје, со кој е предвидено четири години работно искуство. При увидот во персоналните досиеја на тројца внатрешни ревизори е утврдено дека не е приложен доказ дека не е изречена мерка забрана за вршење дејност или професија додека трае забраната издадена од надлежен орган. Во оваа насока, укажуваме дека Правилникот за систематизација на работните места на АД МЕПСО Скопје, во делот на условите за раководител на служба за внатрешна ревизија и за внатрешни ревизори, не бил усогласен со одредбите на ЗЈВФК кој важел во 2024 година.

Ваквата состојба не е во согласност со членовите 35 и 36 од ЗЈВФК[71] и со стандардот 3 – „Компетентност, Извршување“ од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор[72], со кој е пропишано дека раководителот на субјектот треба да обезбеди пополнување на работните места со компетентни лица, што може да ја доведе во прашање улогата на внатрешната ревизија во остварување на целите на субјектот;

- раководителот на службата за внатрешна ревизија нема изготвено и потпишано повелба за внатрешна ревизија со директорот на АД МЕПСО Скопје, што не е во согласност со член 3 точка 44 и член 26 став 1 од

[71] ЗЈВФК "Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09, 12/11, 188/13, 192/15, 147/17
[72] Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор "Службен весник на Република Македонија" бр. 147/10

ЗЈВФК и членовите 3, 4 и 5 од Правилникот за повелба за внатрешна ревизија[73], како и описот на работните задачи во актот за систематизација на АД МЕПСО Скопје. Повелбата е акт со кој се дефинира вршењето на внатрешната ревизија, правата на внатрешните ревизори, ја одредува позицијата на внатрешната ревизија во рамките на организацијата, овластува пристап до евиденцијата, персоналот и имотот битни за извршување на работата и го дефинира нејзиниот опфат. Нејзиното недонесување може да влијае на квалитетот и објективноста при извршување на воспоставените цели, овластувањата и одговорностите на внатрешната ревизија. Во април 2025 година потпишана е Повелба за внатрешна ревизија[74], поради што не даваме препорака;

- врз основа на Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2024 година, утврдивме дека од планирани четири, извршени се две ревизии и една вонредна ревизија. Исто така, не се презентирани документи со кои може да се потврди дека за реализација на ревизиите се изготвуваат планови и програми со ревизорски постапки, кои се одобруваат од раководителот на службата, како што е уредено со член 40 став 3 од ЗЈВФК, членовите 8 и 9 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата[75], како и со описот на работните задачи на вработените со актот за систематизација и
- за своето работење, службата за внатрешна ревизија нема изработено и доставено полугодишен и годишен извештај до УО и НО, што не е во согласност со член 415-в став 1 од ЗТД, поради што не било овозможено да се постапи согласно истиот член став 4, односно НО да го достави извештајот до Собранието на друштвото. На ревизијата и беше презентиран Годишниот извештај за работа за 2024 година на АД МЕПСО Скопје, во кој составен дел е годишниот извештај за работата на службата за внатрешна ревизија, но истиот не е потпишан, не е архивски заведен и не ги содржи пропишаните елементи во член 415-в став 3 од ЗТД.

Наведените состојби може да влијаат во остварување на целите за кои што е формирана службата за внатрешна ревизија и навремено утврдување и управување со ризиците во дејноста и влијае на ефективноста на воспоставениот систем за внатрешна контрола.

Препорака

[73] Правилник за повелбата за внатрешна ревизија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 136/10)
[74] Повелба за внатрешна ревизија бр.12-2302 од 17.04.2025 година
[75] Правилник за начинот на извршување на внатрешна ревизија и начинот на известување за ревизијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/10)

Органите на раководење и управување да преземат мерки и активности за обезбедување услови за воспоставување функција на внатрешна ревизија и за нејзино работење во согласност со Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор[76].

3.2.9. Трошоците за спонзорства и донации во вкупен износ од 22.713 илјади денари се исплатени до јули 2024 година, при што со здруженијата, спортските клубови, Јавни здравствени установи и друштва, биле склучени договори за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес.

Резултатите од спроведената анализа за висината на дадените донации и спонзорства во периодот од 2020 до 2024 година, се прикажани на следниот графикон:

Графикон број 1–Трошоци за дадени донации и спонзорства во период 2020 – 2024 година изразени во илјади денари




Врз основа на спроведена анализа на дадените спонзорства и донации утврдивме дека истите на крајот на 2024 година се за 25% поголеми во однос на претходната година и за повеќе од единаесет пати поголеми од 2021 година кога трошоците биле најниски.

Со ревизијата беше извршен увид во документацијата на исплатените средства по основ на склучени договори за донации и спонзорствата, при што ги утврдивме следните состојби:

- во донесениот Правилник за утврдување на услови, критериуми и постапка за доделување на средства во врска со Декларацијата за

[76] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 255/24

општествена одговорност на АД МЕПСО Скопје[77] не се дефинирани критериуми врз основа на кои се одлучува за начинот и висината на доделените донации и спонзорства. Поради ова, исплатените износи се движат од 100 илјади денари до 5.945 илјади денари, при што во одредени случаи се исплаќа целата побарана сума, додека во други случаи износот кој е доделен е помал од побараниот и

- не се доставени извештаи или други докази за користењето на доделените средства од страна на примателите на донацијата или спонзорството, што не е во согласност со член 4 од склучените договори, со кој е пропишано дека примателот на донацијата треба да издаде писмена потврда за примените финансиски средства и за нивното наменско користење.

На ваков начин доделените финансиски средства за спонзорства и донации не осигуруваат дека истите се распределени и искористени на најдобар можен начин, со цел подржување на јавниот интерес и подобрување на општествениот живот, ниту овозможуваат промовирање на АД МЕПСО Скопје како општествено одговорна компанија.

Препорака
Органите на раководење и управување да воспостават интерни критериуми за објективно одлучување за висината на средствата за донации и спонзорства, како и ажурно следење и транспарентно известување за начинот на нивното користење од страна на примателите, во согласност со склучените договори.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Согласно законските обврски, АД МЕПСО Скопје е вршител на дејност Оператор на електропреносен систем. Како сопственик на електропреносната мрежа е надлежен за обезбедување на доверлив и сигурен пренос на електрична енергија преку електропреносната мрежа обезбедувајќи баланс на електропреносниот систем во секое време. Исто така АД МЕПСО Скопје е одговорен за управување, одржување и развој на мрежата заради сигурно и ефикасно функционирање на електропреносниот систем.

Сметаме за потребно да обелоденимe дека од извршената анализа на записите поврзани со активностите на друштвото, утврдивме дека од одредени активности генерира само приходи, а за дел од нив и приходи и расходи.

[77] Правилникот за утврдување на услови, критериуми и постапка за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО Скопје УО бр.02-7455/7-2.1 од 01.12.2017 година

Приходите од регулирана дејност, пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје ги опфаќаат приходите од пренос на активна електрична енергија, врвна активна моќност и реактивна електрична енергија. Најголемо учество во вкупните приходи од пренос на електрична енергија има преносот на активна електрична енергија истото се движи од 89% во 2024 година до 93% во 2020 година.

Табела број 1 - Остварени приходи од пренос на електрична енергија по активности во периодот од 2020 до 2024 година

| | Приходи од пренос на електрична енергија во 000 денари | | |
|---|---|---|---|
| Година | Пренос на активна електрична енергија | Врвна моќност | Реактивна електрична енергија |
| 2020 | 1.171.474 | 79.191 | 6.738 |
| 2021 | 1.524.387 | 181.201 | 14.096 |
| 2022 | 1.943.398 | 236.487 | 24.655 |
| 2023 | 1.510.861 | 168.202 | 27.175 |
| 2024 | 1.565.760 | 174.087 | 25.291 |

Надлежните лица во АД МЕПСО Скопје информираа дека приходите од основната дејност на друштвото, а тоа е пренос на активна електрична енергија во периодот од 2020 година до 2024 година бележат раст (особено во 2022 година) и истите се во корелација со зголемената цена за пренос на енергијата (од 169,9 денари по MWh во 2020 година до 265,6 денари по MWh во 2024 година). Од друга страна пренесената електрична енергија во анализираниот период бележи благ пад, а една од причините која ни беше посочена од надлежните лица е зголемената количина на произведена електрична енергија од ОИЕ која директно се внесува во дистрибутивната мрежа, со што се намалува потребата од пренос на електрична енергија низ електропреносната мрежа.

На Графикон број 2 прикажани се приходите од пренос на активна електрична енергија во илјади денари, во корелација со количината на пренесената електрична енергија во MWh во периодот од 2020 до 2024 година.

Графикон број 2 – Приходи од пренос на ЕЕ во 000 денари и пренесена ЕЕ во MWh во периодот од 2020 до 2024 година




Освен приходи од основната дејност - пренос, АД МЕПСО Скопје врши и други деловни активности како што се Алокација на прекугранични преносни капацитети, Компензација (несакани отстапувања спрема други електроенергетски системи) - FSkar и Транзит на електрична енергија- ITC механизам по кои покрај генерирањето на приходи предизвикуваат и трошоци кои се на товар на работењето на друштвото.

Табела број 2 - Остварени приходи и трошоци по деловни активности во 000 денари во периодот од 2020 до 2024 година

| | Алокација на прекугранични преносни капацитети | | Компензација Fskar | | ITC механизам | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Приходи | Трошоци | Приходи | Трошоци | Приходи | Трошоци |
| 2020 | 920.405 | 228.384 | 71.102 | 202.216 | 52.380 | 30.299 |
| 2021 | 1.204.336 | 358.648 | 373.592 | 1.994.351 | 13.199 | 92.280 |
| 2022 | 4.399.917 | 1.590.733 | 1.411.767 | 1.654.448 | 34.306 | 31.688 |
| 2023 | 4.605.616 | 1.122.237 | 520.875 | 524.212 | 146.452 | 57.796 |
| 2024 | 2.164.449 | 570.339 | 477.710 | 661.185 | 39.633 | 20.686 |

**Алокација на прекугранични преносни капацитети** претставува процес на распределба (алокација) на расположливиот преносен капацитет на интерконективните далноводи меѓу две соседни држави, со цел трговија со електрична енергија преку граница. За таа цел се спроведуваат годишни, месечни и дневни аукции, а на македонско - српската и македонско - косовската граница и Intra-day аукции, на расположливиот прекуграничен преносен капацитет. Годишните и месечните аукциите со Република Србија и Република Бугарија се спроведуваат од страна на АД МЕПСО Скопје и од вкупниот приход 50% се исплаќаат на соседниот систем оператор. Дневните аукции се спроведуваат од страна на соседните систем оператори. И во овој случај, приходите се делат подеднакво помеѓу соседните систем оператори. За македонско косовската и македонско грчката граница аукциите на прекуграничните преносни капацитети се спроведуваат од страна на САО

SEE во Подгорица. Истакнуваме, дека во последните пет години, нето приходите по овој основ се зголемуваат и во 2024 година (1.594.110 илјади денари) се за 130% повисоки во однос на 2020 година (692.021 илјади денари).

**Несаканите отстапувања на контролните области** на сите ТСО во Европа се пресметуваат од страна од координативни центри согласно FSkar механизам при што истите се добиваат како разлика помеѓу реалните физички размени (измерени податоци) и номинираните размени на електрична енергија. Согласно европската регулатива секој ТСО е должен да направи план за работа на сопствениот електропреносен систем при што влезот/производството на електрична енергија треба да биде еднаков со планот за излез/потрошувачка на електрична енергија во и од електропреносниот систем. Овие планови се прават еден ден однапред, се усогласуваат со соседните оператори на електропреносните системи и се испраќаат до SwissGrid[78]. Од извршената анализа утврдивме дека иако нето резултатот од оваа активност е негативен, односно трошоците се поголеми од приходите, во годините по енергетската криза[79] резултатот од овие активности е речиси на нивото како пред енергетската криза, односно во 2024 година (трошоците се поголеми од приходите за 183.475 илјади денари) за девет пати помал во однос на 2021 година, што укажува дека повлекувањето од европската мрежа односно дебалансите во преносната мрежа на АД МЕПСО Скопје бележат тренд на стабилизирање.

Приходите и расходите од **транзитот на електрична енергија** се пресметуваат преку посебниот систем на меѓународна пресметка односно ITC (Inter TSO Compensation Mechanism). Со овој механизам дефиниран е заедничкиот Европски фонд на 42 земји кои се членки на ЕНТСО - Е, во кој земјите кои увезуваат/извезуваат електрична енергија плаќаат во фондот, а земјите низ кои транзитира електричната енергија добиваат од фондот. Приходите и трошоците по основ на транзит на секој преносен оператор се базираат на искористеноста на неговата мрежа за транзит на електрична енергија, при што во пресметките се користат правила каде освен количината на пренесената електрична енергија битни фактори се и развиеноста (инвестициите) на преносната мрежа, висината на загубите на електричната енергија како и цената по која загубите се плаќаат. Од анализата на доставените податоци од надлежните лица, утврдивме дека приходите ги надминуваат расходите настанати по овој основ во последните пет години (со исклучок на 2021 година), а за годината предмет на ревизија нето резултатот (поголеми приходи од расходи) од оваа активност изнесува 18.947 илјади денари.

---

78 Швајцарски електропреносен систем оператор

79 за време на енергетската криза во 2021 година, трошоци за 1.620.759 илјади денари биле поголеми од приходи

Што се однесува до **загубите во електропреносната мрежа** , истите претставуваат разлика помеѓу вкупното количество на електрична енергија на влез во електропреносната мрежа од домашното производство и увозот на електрична енергија, како и вкупното количество на електрична енергија на излез од електропреносната мрежа, вклучувајќи го и извозот на електрична енергија. Загубите во електропреносната мрежа во 2024 година изнесуваат 118.743 MWh, што претставува зголемување за 16,7% во однос на 2023 година, кога загубите во електропреносната мрежа изнесуваат 101.783 MWh. За покривање на истите, АД МЕПСО Скопје во 2024 година набавило електрична енергија на слободниот пазар од снабдувачи и трговци со електрична енергија преку транспарентна постапка. Анализирајќи ги последните пет години (од 2020 до 2024 година) загубите на електрична енергија бележат тренд на намалување во количина (загубите за 2024 година во однос на 2020 година се намалени за 4%), додека трошоците за покривање на овие загуби не го следат во целост трендот на намалување поради постојаното зголемување на цената на електричната енергија на светските пазари.

Графикон број 3 – Трошоци за покривање на загуби во преносна мрежа во 000 денари и загуби во преносна мрежа во MWh во периодот од 2020 до 2024 година




**4.2.** Сметаме за потребно да обелодениме дека на крајот на 2024 година евидентирани се побарувања по дадени заеми во вкупен износ од 591.990 илјади, од кои на име главен долг отпаѓаат 533.700 илјади денари, а за пресметана и ненаплатена камата побарувањата изнесуваат 58.290 илјади денари. Имено, во периодот од 2012 до 2024 година склучени се десет договори и анекси кон договорите со четири акционерски друштва во државна сопственост на кои им се дадени заеми во вкупен износ од 553.000 илјади денари (подетални информации во Прилог број 2). По еден договор за заем од 2012 година, во периодот од 2014 до 2022 година вратен е дел од заемот во износ од 19.300 илјади денари, а по истиот во 2023 година наплатена е и камата во износ од 7.587 илјади денари. Исто така, во 2024 година преку

извршител наплатена е камата во износ од 4.808 илјади денари по заем за кој е склучен договор во 2023 година.

За едно од наведените акционерски друштва, во 2022 година отворена е стечајна постапка, поради што АД МЕПСО Скопје има пријавено во стечајната маса побарувања во износ од 8.940 илјади денари. Во 2025 година за овие побарувања донесено е Решение од судот[80] со кое се одобрува планот за реорганизација на акционерското друштво во стечај, со што од вкупно пријавениот износ на побарувања, признати се 65% односно 5.790 илјади денари, кои треба да бидат наплатени во четири рати до 2028 година. Во 2025 година веќе е наплатена една од ратите во износ од 1.448 илјади денари.

Со ревизијата утврдивме дека во одредбите од склучените договори за заем наведени се крајните рокови кога истите треба да бидат вратени, без да се прецизира динамиката на нивно враќање. Исто така, во периодот од 2020 до 2024 година, овие побарувања бележат континуиран раст, односно во годината предмет на ревизија истите се повеќе од 10 пати зголемени споредено со 2020 година. Оваа состојба е прикажана на Графикон број 4:

Графикон број 4 – Дадени заеми на АД во државна сопственост и пресметани камати во период 2020 – 2024 година (во 000 денари)




Утврдивме дека воспоставена е пракса пред истекување на крајниот рок на враќање на долгот истиот да се продолжи со склучување на нов договор за одложено плаќање или анекс кон договорот. Иако со извршената ревизија на регуларност за 2021 година е констатирано дека, за дел од склучените анекси не се обезбедени согласности од Владата или Собранието на друштвото – МТВ за продолжувањата на рокот за враќање на заемите на АД МЕПСО Скопје, во периодот од 2023 до 2024 година оваа состојба е променета за ново одобрените позајмици и склучените анекси. Имено, донесени се одлуки од УО на друштвото, за продолжување на рокот на враќање на заемите и истите се одобрени од НО, а целокупното работење на членовите на УО и НО, поединечно се одобрени од акционерот - МТВ за 2023 година и МЕРМС за 2024 година.

[80] Решение од Основен суд во Прилеп СТ-80/21 од 05.12.2025 година

Во текот на 2025 година со едно од наведените АД, склучен е нов договор за позајмица во износ од 20.000 илјади денари. Во декември истата година добиен е допис од МЕРМС[81] за понатамошно постапување со заемите, а врз основа на насоки дадени од Владата[82]. Според насоките им се укажува на три АД во државна сопственост да склучат договори со АД МЕПСО Скопје за одложено плаќање на долгот, со важност од 3 години, по што е постапено од страна на друштвата. Во склучените договори вклучени се одредби за износите по основ на главен долг и пресметаната камата, кои произлегуваат од претходно склучените договори, но не е дефинирана динамиката на нивно враќање.

Имајќи во предвид дека дадените заеми не ја претставуваат дејноста која ја врши АД МЕПСО Скопје истите имаат влијание врз неговото работење, ликвидност и профитабилност, поради што ревизијата препорачува надлежните органи за раководење, управување и надзор на друштвото да ги преиспитаат одлуките кои ги носат за финансирање на активности кои не се во насока на вршење на дејноста на друштвото. Дополнително, сметаме за потребно да обелодениме дека ваквиот начин на користење на јавните средства влијае неповолно на финансиската состојба на друштвото, дотолку повеќе што друштвото за финансирање на сопствените инвестициски активности користи заеми од меѓународни финансиски институции, за кои плаќа провизии и договорна камата која е повисока од каматата за дадените заеми. Сето наведено укажува на недоволно ефикасно управување со јавните средства.

4.3. На крајот на 2024 година обврските по заеми на АД МЕПСО Скопје се во вкупен износ од 1.595.661 илјади денари (25.947.810 евра) кои подетално се прикажани во Прилог број 3. АД МЕПСО Скопје за финансирање на инвестиционите активности во делот на ревитализација и надградба на преносна мрежа, користи средства од повеќе кредитни линии врз основа на потпишани договори за заеми со меѓународни финансиски институции и тоа:

Во евра

| Банка/кредитор, број на кредит и дата на одобрување | Каматна стапка за 2024 година (во интервал) | Година на доспевање | Вкупен износ на одобрен кредит (рамка) | Вкупен износ на неповлечени средства до 31.12.2024 година | Состојба на обврска на 31.12.2024 година | Платена провизија за одобрување | Платена провизија за неповлечени средства од одобрување до 31.12.2024 | Платена камата по кредити од одобрување до 31.12.2024 година | Платена камата по кредити за 2024 година | Платена камата по кредити за 2025 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИБРД 80440 11.4.2011 | од 4,41% до 4,62% | 2032 | 14.000.000 | 662.838 * | 6.657.912 | 35.000 | - | 1.130.510 | 334.486 | 201.511 |
| ЕБРД 44114 18.12.2013 | од 6,68% до 6,90% | 2028 | 25.000.000 | - | 12.246.010 | 250.000 | 834.460 | 3.330.832 | 932.252 | 622.912 |
| ЕБРД 46274 10.12.2015 | од 6,09% до 6,90% | 2030 | 37.000.000 | 26.372.154 | 7.043.888 | 370.000 | 1.524.013 | 1.235.032 | 471.829 | 478.152 |
| ЕБРД 54625 23.7.2024 | н/п | 2039 | 26.400.000 | 26.400.000 | - | 264.000 | 22.205 | - | - | - |
| | | | 102.400.000 | 53.434.992 | 25.947.810 | 919.000 | 2.380.678 | 5.696.374 | 1.738.567 | 1.302.574 |

*неповлечени и откажани средства пред 2024 година, порди завршен проект

[81] Допис од МЕРМС бр.05-7373 од 30.12.2025 година
[82] Извадок од Нацрт записник од 139-та седница на Владата одржана на 26.12.2025 година

Од извршениот увид во трговските книги и спроведената анализа на склучените договори за заем, истакнуваме дека вкупниот износ на одобрени тековни заеми за ревитализација и надградба на преносна мрежа изнесува 102.400.000 евра, од кои 52% или 53.434.992 евра не се повлечени, за што во 2024 година платена е провизија за неповлечени кредитни средства во износ од 245.629 евра (2.633.953 евра за периодот откако се одобрени заемите, се до крајот на 2025 година). Каматната стапка на заемите во 2024 година се движи со интервал од 4,41% до 6,9% и се пресметува врз основа ЕУРИБОР со додадена варијабилна или фиксна каматна стапка од 3%, за што во 2024 година платени се камати во износ од 1.738.567 евра.

Заклучно со 2024 година, за земените заеми, платени се провизии за одобрување и неповлечени средства, како и камати во вкупен износ од 8.996.052 евра, што претставува 8,8% од вкупниот износ на одобрени заеми.

Сметаме за потребно да обелодениме дека, средствата од заемот бр.44114, заклучно со јули 2024 година целосно се повлечени, но дел од нив, во износ од 3.190.634 евра не се потрошени и се префрлени на наменска сметка во домашна деловна банка, поради што за овие средства не се плаќаат провизии за неповлечени средства од заемот, но се пресметува и плаќа камата кон кредиторот согласно условите од договорот. Во август 2025 година, извршено е само едно плаќање од овие средства, односно на крајот на годината преостанати се неискористени средства во износ од 3.023.583 евра.

Напоменуваме дека ненавременото користењето на одобрените средства од меѓународните финансиски институции, особено по заемите од ЕБРД бр.46274 и бр.54625 предизвикува дополнителни трошоци во работењето на АД МЕПСО Скопје, по основ на провизии за неповлечени средства, како и намалена и ненавремена реализација на стратешките проекти за државата поврзани со преносниот систем. Имајќи ја во предвид искористеноста на заемите, напоменуваме дека и во идниот период ќе се реализираат трошоци по основ на провизија и камати.

4.4. Во март 2024 година, АД МЕПСО Скопје, било цел на сајбер напад, при што бил извршен неовластен упад во ИТ системот на друштвото, а со тоа и оневозможен пристап до дел од податоците. При овој инцидент функционалноста на основната дејност на АД МЕПСО Скопје – пренос на електрична енергија, не била нарушена бидејќи ОТ (оперативна технологија) мрежата на клучната инфраструктура, од која зависи следењето и преносот на електрична енергија, не е пробиена и заразена со малициозен софтвер. Со извршената ревизија утврдивме дека функционалноста на ИТ системот, дел од апликациите и податоците кои биле предмет на нападот не биле достапни најмалку 25 дена. При повратот на податоците од резервните копии констатирано е одредено оштетување кај дел од резервната копија при што за нивно враќање со договор била ангажирана трета страна – домашно правно

лице. Правното лице било избрано со постапка за преговарање без објавување на оглас поради крајна итност за набавка на услуги за анализа на безбедноста на информацискиот систем и услуги за враќање на системот во работна околина заедно со сите корпоративни податоци, за што биле исплатени вкупно 8.664 илјади денари. Правното лице извршило враќање на дел од податоците и изготвило форензички извештај.

Надлежните лица информираа дека неовластениот упад во системот, по електронски пат е пријавен во МВР, РКЕ, АЕК МКД-ЦИРТ и Агенцијата за заштита на лични податоци. За постапување по пријавата од МВР, на барање на ревизорскиот тим не е презентиран записник од извршен увид, но согласно добиени информации во март 2024 година, МВР БЈБ Сектор за компјутерски криминал, извршениот сајбер напад го пријавил до ОЈО – Скопје. Во јули 2024 година, ОЈО – Скопје известил дека по предметот нема место за јавно обвинителско постапување поради неможноста да се утврди идентитетот на сторителот, ниту пак постои начин дополнително да се обезбедат докази кои би укажале на идентитетот на сторителот, местото, времето, начинот на сторување на кривичното дело.

Шест месеци по извршениот сајбер напад и нарушеното нормално функционирање на друштвото, од страна на УО формирана е работна група со цел да се изврши увид во тековната состојба на податоците на друштвото по инцидентот. Работната група за сајбер безбедност, која броела 11 членови, била одговорна за следење и анализа на пропустите во сајбер безбедноста, изработка на акционен план и проценка на инвестиции. Во ноември 2024 година, работната група, доставила Извештај за состојбата на податоците и системите во АД МЕПСО Скопје по сајбер нападот, според кој 17 системи со податоци се целосно вратени, 3 системи и податоци се делумно вратени и 3 системи[83] и податоци не можат да бидат вратени.

Ревизијата напоменува дека за успешна одбрана од напади на ИКТ системите кои опслужуваат клучна инфраструктура и кои може да се нанесат несогледливи штети потребно е поголемо зајакнување на безбедноста на системите преку технички подобрувања и организациски мерки. Преку имплементирање на современи безбедносни технологии и спроведување на обуки за вработените за подобрување на свеста за сајбер безбедност се овозможува зајакнување на сигурноста и воспоставување на нови, понапредни безбедносни стандарди и процедури.

4.5. Годишната инвестициска програма (ГИП)[84] за 2024 година е донесена со Одлука[85] на УО и одобрена со Одлука[86] од НО. Со оваа програма биле

[83] VPN, Help desk и архива и DMS
[84] Годишната инвестициска програма на АД МЕПСО Скопје за 2024 година (ГИП) бр.11-6927/1 од 21.11.2023 година
[85] Одлука на УО бр. 02-6960/5 од 22.11.2023 година
[86] Одлука на НО бр. 02-02-7127/3 од 28.11.2023 година

планирани инвестициони активности и извори за финансирање на истите во износ од 2.760.913 илјади денари. Планираните инвестициски активности се наменети за изградба на нови електроенергетски објекти, довршување на започнати реконструкции и ревитализации на објекти, изработка на студии и техничко проектна документација, како и набавка на основни средства, а се со цел да се обезбеди сигурно и доверливо работење на електроенергетскиот систем. Во текот на 2024 година направени се 44 измени на ГИП, со што истата е намалена за 124.750 илјади денари и изнесува 2.636.163 илјади денари.

Реализацијата на ГИП во 2024 година се одвивала согласно тековните финансиски можности на АД МЕПСО Скопје и расположливоста на планираните надворешни финансиски извори (кредити и грантови). Оперативната реализација на инвестициските активности се одвивала според веќе воспоставена процедура, со обезбедување на согласности од органите за управување и надзор на друштвото за започнување на инвестициските активности, со цел динамиката да се одвива во согласност со расположливите финансиски средства.

Со извршената ревизија утврдивме дека реализацијата на ГИП во 2024 година е 24% од планирана вредност на инвестициските активности, односно реализирани се инвестиции во вкупен износ од 630.294 илјади денари.

Во продолжение на графички начин е прикажан односот меѓу планираните и реализираните инвестиции во периодот од 2020 до 2024 година изразени во илјади денари.

Графикон број 5 - Реализација на Годишната инвестициона програма во период од 2020 до 2024 година (во 000 денари)




Од графичкиот приказ констатиравме дека во целиот анализиран период (2020 – 2024 година), ГИП во континуитет има низок степен на реализација во

однос на планираните инвестициони активности, што неповолно влијание врз одржувањето и унапредувањето на ефикасното и сигурно функционирање на електропреносниот систем. Најголема реализација на ГИП имало во 2022 година, кога биле реализирани 44% од планираните активности, што се должи на помал износ на планирани, но и поголем износ на реализирани инвестиции.

Со ревизијата сметаме за потребно да укажеме дека се потребни пореални, објективни и стабилни планирања на инвестициите при вложување на средства во проекти, инфраструктура и опрема во електропреносниот систем. Нереалното планирање на инвестициите и континуирано нискиот степен на реализација може да влијае неповолно врз доверба кај јавноста и надлежните органи во однос на способноста на друштвото за ефикасно управување со инвестиционите проекти.

4.6. Во 2013 година, врз основа на Одобрение од МТВ[87], АД МЕПСО Скопје има обезбедено одобрение за реконструкција и адаптација на фасада, со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешноста. Реконструкцијата и адаптацијата на фасадата биле реализирани во периодот од март 2013 до декември 2018 година, за што се исплатени вкупно 547.058 илјади денари. Овој проект, во мај 2021 година е ставен во употреба како материјално средство без претходно направен технички прием и обезбедена употребна дозвола.

Сметаме за потребно да обелодениме дека во два наврати, во 2020 и 2021 година, дел од фасадата поради силно невреме паднала и претрпела значително оштетување, заедно со делови од објектот, опремата (клими), како и оштетување на околните возила, што ја доведува во прашање оправданоста на вложените средства. Имајќи во предвид дека настанот се случил во краток временски период по завршување на градежните активности, постои дилема во однос на квалитетот, издржливоста на фасадата и начинот на нејзино одржување. Согласно вешти наоди и мислења вкупниот износот на штетите е проценет на 4.869 илјади денари[88].


Слика број 5 – Оштетена фасада на зградата на АД МЕПСО Скопје

Од тие причини, обрнуваме внимание дека

[87] Бр.18 Уп.621/2 од 18.11.2013 година
[88] Според спогодба за регулирање на меѓусебните односи меѓу АД МЕПСО Скопје и осигурителна компанија, од 17.12.2024 година, за надомест на штетата исплатен е износ од 3.100 илјади денари

постои ризик од сериозни конструктивни и безбедносни проблеми поврзани со фасадата, кои не треба да се занемарат.

Во периодот од февруари до декември 2020 година, за реконструкцијата и адаптацијата на фасадата била извршена внатрешна ревизија за што во декември 2021 година издаден е извештај, во кој биле утврдени значајни неправилности. Внатрешната ревизија утврдила дека дел од проектните активности не биле целосно завршени, документацијата не била уредно чувана во соодветни простории, а дел од документацијата поврзана со изведбата и надзорот недостасува. Дополнително утврдени биле недостатоци во спроведената постапка за јавна набавка, односно иако не била доставена валидна документација за докажување на техничка и професионална способност на избраниот економски оператор, понудата била прифатена и со него е склучен договор. Од страна на внатрешните ревизори утврдени се неправилности и во изведбата на проектот, кои според нив се можни причини за падот на делови од фасадата.

Во март и во јуни 2024 година биле спроведени две отворени постапки за доделување на договори за јавна набавка на услуги за реконструкција на административна зграда на АД МЕПСО Скопје, што опфаќа и санација на фасадата. Двете постапки се со проценета вредност од по 23.370 илјади денари без ДДВ. Во постапките учествувал само еден, ист економски оператор, при што истите биле поништени од страна на Комисијата за јавни набавки, поради доставена неприфатлива понуда. Имено, и во двата случаи во понудите на економскиот оператор не се доставени сите потребни документи за докажување на професионална и техничка способност, а понудената цена била повисока од проценетата.

Со годишниот план за 2025 година била планирана, но не и започната нова постапка за реконструкција на административна зграда на АД МЕПСО Скопје, а истата е планирана и со годишниот план за 2026 година. До моментот на вршење на ревизијата надлежните лица информираа дека не се почнати активности за реализација на постапката.

Поради негрижата на АД МЕПСО Скопје со години да пристапи кон темелно санирање или реновирање на фасадата, укажуваме на потребата за преземање активности за нејзино санирање, пред сè за осигурување на јавната безбедност.

4.7. Согласно податоците доставени од Секторот за правни и општи работи, АД МЕПСО Скопје во постапки пред надлежните судови кои се водат од страна на оддел за правни работи и ангажирани адвокати за правно застапување, до крајот на 2025 година се јавува во својство на тужител или тужена страна во вкупно 131 судски предмети, и тоа:

- во својство на тужител, се јавува во 24 предмети против правни лица чија проценета вредност на побарувања е во износ од 2.642.245 илјади денари. Најголема вредност во износ од 2.283.419 илјади денари или 87%

од вредноста на постапките се однесува на една постапка по основ на побарувања за долг и изгубена добивка. Една постапка во износ од 193.743 илјади денари (7%) е против тужба со која се побарува надомест на 50% од трошоците во заеднички трафостаници со правно лице, 3 постапки во износ од 91.887 илјади денари се по основ на надомест на штета и 19 постапки во износ од 73.196 илјади денари се по основ на неплатен долг и казнена камата;

- во својство на тужена страна се јавува во 107 постапки чија вредност е проценета во износ од 13.654.500 илјади денари, од кои најголемиот дел се однесува на постапки за надомест на штета во износ од 11.262.302 илјади денари и за камати поради ненавремено платени фактури за технички загуби во износ од 1.973.366 илјади денари. Останатите постапки во износ од 418.832 илјади денари, опфаќаат 58 постапки по основ на работни спорови, 34 постапки за експропријација, 7 постапки за надомест на штета, 3 постапки за долг и по една постапка за раскинување на склучен договор[89], поништување на пресуда и противтужба.

Сметаме за потребно да истакнеме дека за наведените судски постапки кои сѐ уште се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на друштвото во идниот период.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 06.10.2025 до 27.02.2026 година, кај АД МЕПСО Скопје од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2021 година (претходно извршена ревизија), при што овластениот државен ревизор изразил неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и

[89] постапката пред Dispute Adjudication Board (DAB) / Adjudicator во случајот со Конзорциум од Загреб и за спор за рехабилитација на далноводот „ТС Скопје 4 – ТС Велес“

мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Во февруари 2024 година, извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки содржани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2021 година, при што утврдено е дека од вкупно дадени 21 препораки, 4 препорака се спроведени, 6 препораки се делумно спроведени, во тек е спроведување на една препорака и 10 препораки не се спроведени.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на генералниот директорот на АД МЕПСО Скопје, застапувано од:

- Зухди Енуз, претседател на УО и генерален директор од 11.09.2023 година до 29.07.2024 година и
- Бурим Љатифи, претседател на УО и генерален директор од 30.07.2024 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска

регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на АД МЕПСО Скопје, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата,

вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 9. Недостатоци во внатрешната контроли

9.1. Во рамките на ИТ системот на АД МЕПСО Скопје воспоставени се повеќе меѓусебно зависни системи кои се во функција на дејноста која ја извршува друштвото. Со извршената ревизија на интерните акти, воспоставениот информациски систем, пропишаната организациона структура и системот на внатрешни контроли на ИТ системите ги утврдивме следните состојби:

- во друштвото постојат неколку сервер сали во кои е сместена опремата на информацискиот систем. Со ревизијата утврдивме дека не е обезбеден ефикасен систем за ладење, а автоматскиот противпожарен систем не е целосно функционален – во две сали е изведен, додека во останатите три е во фаза на изведба. Системот за противпожарна заштита не е довршен, тестиран ниту е извршено негово примопредавање поради неизвршен технички прием на реновирањето и изградбата на фасадата на зградата, иако истиот е од исклучителна важност за безбедно функционирање на сервер салите и електропреносниот систем. Во тек е изведба на нова резервна ИТ систем сала, со планирано целосно завршување до април 2026 година;
- имајќи предвид дека АД МЕПСО Скопје управува со еден од клучните системи за пренос на електрична енергија во државата, чие непречено и сигурно функционирање е од особена важност, констатиравме дека не е воспоставен систем на дежурства надвор од работното време;
- за сметководствено евидентирање на трансакциите (материјално книговодство и магацинско работење, ситен инвентар, основни средства), се уште користи апликација развиена во рамки на АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост Скопје, која е инсталирана на застарен хардвер во поглед на перформансите и заштитата на податоците. За оперативниот систем на кој е инсталирана апликацијата, нема обучен кадар во ИТ одделот, ниту обезбедена надворешна поддршка, за одржување, надградба или евентуални промени во изворниот код на апликацијата поради што постои голем ризик во работењето како и губење на финансиските податоци;

  Во 2013 година бил набавен Бизнис информациски систем (БИС), кој освен апликацијата за плата и архивско работење, не е целосно имплементиран во сметководствената евиденција.

  Во Конечните извештаи од спроведените ревизии за 2016 и 2021 година, дадовме препорака за имплементација на современ сметководствен систем со кој ќе може целосно да се одговори на потребите од работењето, како и воспоставување и користење на систем за управување што ќе бидат во насока на поддршка и олеснување на процесите во работењето, но по

истите не е постапено. Со планот за јавни набавки на друштвото за 2026 година, планирана е набавка на Софтвер за финансиско и материјално работење.

Вака воспоставениот систем доведува финансиските процеси на работење да не соодветствуваат со тековните потреби за работните процеси. Примената на современа технологија и автоматизација на процесите треба да овозможи поефикасно извршување на работните процеси и да ја зголеми нивната сигурност, точност и навременост;

- согласно Законот за енергетика[90] во делот за сајбер безбедност, друштвото треба да работи според меѓународните стандарди за безбедност на мрежите, информатичка безбедност и сајбер безбедност[91], а за таа цел потребна е целосна анализа и инфраструктурна надградба на сите делови на ИКТ системот особено во делот на безбедноста на мрежите на критичната инфраструктура.

Наведените состојби не се во согласност со меѓународните стандарди за ИТ безбедност и Законот за енергетика и упатуваат на присуство на високи ризици кои може неповолно да влијаат на финансиското известување, безбедноста на податоците и функционалноста на системите.

**Препорака**

Органите на раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- продолжување со активности за обезбедување на сервер сала согласно стандардите за безбедност на информациите и податоците;
- организирање на работни тимови, достапни во случај на итни потреба за функционирањето на ИТ системите;
- имплементација на современ сметководствен систем согласно потребите на друштвото и
- инфраструктурна надградба на сите делови на ИКТ системот особено во делот на мрежите на критичната инфраструктура.

## 10. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на АД МЕПСО Скопје извршена е сметководствена корекција по дадени препораки од Државниот завод за ревизија, која не предизвика промени во финансиските извештаи. Имено целосно реализираните проекти во износ од 1.087.240 илјади денари кои беа евидентирани како материјални средства во подготовка соодветно се пренесени на материјални средства (градежни објекти и опрема), за што се

[90] Член 30-а од Законот за енергетика "Службен весник на Република Македонија" бр.96/18, бр.96/19, 236/22, 134/24, бр.147/24 и Член 65 од новиот Закон за енергетика „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25.

[91] ISO/IEC 27001:2022 (en), Information security, cybersecurity and privacy protection — Information security management systems — Requirements

обезбедени налози за книжење[92].

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива извештајот беа дискутирани на завршните состаноци со сегашното и поранешното овластено лице и одговорните лица на субјектот АД МЕПСО Скопје одржани на ден 16.03.2026 година, за кои дадоа свои коментари и објаснувања.

Од страна на Генералниот директорот на АД МЕПСО Скопје добиени се 27 забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор заведен под бр. 19-594/1 од 30.03.2026 година. Забелешките се однесуваат на точките 3.1.1, 3.1.1. алинеја 2, 3.1.2., 3.1.3. 3.1.4., 3.1.5., 3.1.6., 3.1.7.,3.1.8., 3.1.9., 3.2.1., 3.2.2., 3.2.3. алинеи 1, 5, 7, 8, 9, 3.2.4., 3.2.5. алинеи 2 и 3, 3.2.6., 3.2.7., 3.2.8., 3.2.9., 4.1., 4.2., 4.4., 4.6. и 4.7.. Истите се разгледани и утврдено е дека 15 забелешки (3.1.1, 3.1.2., 3.1.3. 3.1.4., 3.1.5., 3.1.6., 3.1.7., 3.1.9., 3.2.1., 3.2.4., 3.2.5. алинеи 2 и 3, 3.2.6., 3.2.7., и 4.1.) не се прифаќаат од причина што не се доставени дополнителни докази за промена на утврдените состојби, 11 забелешки (3.1.8., 3.2.2., 3.2.3. алинеи 1, 5, 7, 8, 9, 3.2.5., 3.2.8., 3.2.9., 4.2., 4.4., 4.6. и 4.7.) претставуваат известувања за причините кои довеле до утврдените состојби, мерките кои се преземени и ќе се преземат во идниот период за надминување на состојбите и една забелешка (3.1.1. алинеја 2) делумно е прифатена.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

[92] Налог бр.06/40 од 22.09.2025 година, Налог бр.06/53 од 01.10.2025 година, Налог бр.06/54 од 02.10.2025 година, Налог бр.06/63 од 06.10.2025 година, Налог бр.06/55 од 08.10.2025 година, Налог бр.06/64 од 08.10.2025 година, Налог бр.06/56 од 10.10.2025 година, Налог бр.06/57 од 16.10.2025 година, Налог бр.06/58 од 20.10.2025 година, Налог бр.06/59 од 20.10.2025 година, Налог бр.06/60 од 05.11.2025 година, Налог бр.06/65 од 11.11.2025 година

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 6.461.508 | 8.442.394 |
| Останати приходи | 3.2. | 49.005 | 52.257 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **6.510.513** | **8.494.651** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 3.907.299 | 4.808.520 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 699.163 | 1.298.993 |
| Останати трошоци од работењето | 3.5. | 187.076 | 382.467 |
| Плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените | 3.6. | 746.810 | 602.249 |
| Трошоци за амортизација | 3.7. | 430.567 | 479.038 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.8. | 39 | 193 |
| Останати расходи | 3.9. | 20.407 | 15.909 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **5.991.361** | **7.587.369** |
| **Финансиски приходи** | 3.10. | **69.361** | **57.096** |
| **Финансиски расходи** | 3.11. | **59.018** | **57.727** |
| ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | 3.12. | **529.495** | **906.651** |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | **529.495** | **906.651** |
| **Данок од добивка** | 3.13. | **55.988** | **82.656** |
| НЕТО ДОБИВКА | 3.14. | **473.507** | **823.995** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложенија | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 1.001.564 | 1.225.648 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 2.039.136 | 2.060.922 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.3. | 5.499 | 4.400 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.4. | 35.158 | 126.294 |
| Побарувања од вработените | 4.5. | 323 | 1.926 |
| Краткорочни финансиски средства | 4.6. | 573.832 | 498.483 |
| АВР | 4.7. | 552.211 | 288.817 |
| Залихи | 4.8. | 46.704 | 50.117 |
| Аванси за материјални вложувања | 4.9. | 427.126 | 233.182 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.681.553** | **4.489.789** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.10. | 32.320 | 36.449 |
| Материјални средства | 4.11. | 8.403.189 | 8.326.408 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.12. | 131.837 | 149.196 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **8.567.346** | **8.512.053** |
| **Вкупна актива** | | **13.248.899** | **13.001.842** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | 4.13. | **7.795** | **7.795** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.14. | 456.528 | 560.235 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.15. | 186.478 | 339.064 |
| Краткорочни обврски за даноци придонеси и други давачки | 4.16. | 7.319 | 23.968 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.17. | 349.777 | 292.833 |
| ПВР | 4.18. | 1.558.755 | 1.475.035 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **2.558.857** | **2.691.135** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.19. | 1.250.399 | 1.344.571 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **1.250.399** | **1.344.571** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.20. | 3.356.309 | 3.356.309 |
| Ревалоризациони резерви | 4.21. | 60.903 | 60.903 |
| Резерви | 4.22. | 3.274.599 | 3.274.599 |
| Акумулирана добивка | 4.23. | 2.274.325 | 1.450.330 |
| Добивка од тековната година | 4.24. | 473.507 | 823.995 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **9.439.643** | **8.966.136** |
| **Вкупна пасива** | | **13.248.899** | **13.001.842** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.25. | **7.795** | **7.795** |

ПРЕГЛЕД ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2024 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен капитал | Ревалоризациони резерви | Резерви | Акумулирана добивка | Добивка од тековна година | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2024 година** | **3.356.309** | **60.903** | **3.274.599** | **1.450.330** | **823.995** | **8.966.136** |
| Добивка за деловна година | - | - | - | - | 473.507 | **473.507** |
| Распределена добивка | - | - | - | 823.995 | (823.995) | - |
| **Состојба 31.12.2024 година** | **3.356.309** | **60.903** | **3.274.599** | **2.274.325** | **473.507** | **9.439.643** |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК ЗА 2024 ГОДИНА | |
|---|---|
| | 000 денари |
| | **Износи** |
| Нето добивка/ загуба | 473.507 |
| Амортизација | 430.567 |
| **Вкупно** | **904.074** |
| Промени во побарувања од купувачи | 21.786 |
| Промени во побарувања за дадени аванси | (1.099) |
| Промени во останати краткорочни побарувања | 1.603 |
| Промени во побарувања од државата и други институции | 91.136 |
| Промени во залихи | 3.413 |
| Промени во АВР | (263.394) |
| Промени во обврски спрема добавувачи | (103.707) |
| Промени во обврски за примени аванси | (152.586) |
| Промени во останати краткорочни обврски | 40.295 |
| Промени во ПВР | 83.720 |
| **Готовински тек од оперативни активности** | **625.241** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (697.163) |
| Промени во краткорочни финансиски вложувања | (75.349) |
| Промени во останати финансиски средства | 17.359 |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | **(755.153)** |
| Промени во долгорочни обврски | (94.172) |
| **Готовински тек од финансиски активности** | **(94.172)** |
| **Промени на паричните средства** | **(224.084)** |
| **Парични средства на почеток на година** | **1.225.648** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **1.001.564** |

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор +389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС +389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ +389 (0) 2 3 149 813
Ф: +389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Бр.-Nr. 02-2066/3
30.04 20 26 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ДО
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА НА Р.С.М.**
**ул.Павел Шатев бр.2, Палата Емануел Чучков**
**1 000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Произнесување по нацрт Извештај на овластениот државен ревизор бр.19-594/2 од 30.03.2026 година (наш архивски бр. 02-2066/2 од 01.04.2026 година)

Почитувани,

АД МЕПСО Скопје, по приемот на Нацрт извештајот на Државниот завод за ревизија, го доставува следниот одговор со цел образложување на одредени наоди, оспорување на наоди кои сметаме дека се методолошки или правно неосновани, и барање за нивно отстранување или преместување од Основот за изразување на мислење во конечниот извештај.

Вкупните приходи на АД МЕПСО Скопје за 2024 година изнесуваат 6.510.512 илјади денари. Согласно меѓународно прифатените ревизорски стандарди (ISSAI) и прифатената ревизорска пракса прагот на материјалност би требало да изнесува изнесува 1% или 65.105 илјади денари (во одредени ситуации прагот на материјалност може да биде и 2-3%). Наодите чие финансиско влијание не го надминува овој праг не треба да бидат составен дел на Основот за изразување на мислење, туку најверќе предмет на препораки. Таму каде наодот е суштински точен, АД МЕПСО го признава и наведува олеснителни околности или преземени мерки.

Со овој допис АД МЕПСО уредно и навремено се произнесува по наодите и препораките кои се содржани во Вашиот нацрт Извештај бр.19-2066/2 од 01.04.2026 година.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 30.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 19-594/4 | | |

**ПИСМО ДО РАКОВОДСТВОТО**

1. **Финансиски извештаи**

1.1 **Ненавремено евидентирање на обврски и трошоци**

АД МЕПСО го прифаќа наодот во суштина, но бара разграничување:

- **Трошоци со документација достапна навреме:** За трошоци каде документацијата постоела навреме кај АД МЕПСО (дневниците за 2023 евидентирани во 2024) — наодот е прифатен и ќе се преземат мерки за подобрување на внатрешните процедури.
- **Трошоци засновани на доцна пристигнати фактури:** За трошоци кои произлегуваат од фактури кои физички не се примени во рамки на сметководствениот период — принципот на временско разграничување не може да биде применет пред да пристигне инструментот кој го иницира евидентирањето. Согласно МСС 10, ваквото евидентирање во наредниот период е легитимно.

- **Услуги за интерконекциска мрежа (1.838 илјади денари):** Овие услуги за оперативно планирање на работата на преносната мрежа во рамки на интерконекциската мрежа Континентална Европа се специфичен вид на регулаторна обврска. Евидентирањето во 2025 наместо 2024 делумно произлегува од природата на договорниот однос и датумите на фактурирање.

| |
|---|
| **АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** Вкупен износ: 3.379 илјади денари = 0,05% од вкупните приходи (праг: 65.105 ил. ден.)<br>*Нематеријален износ — 19 пати под прагот. Бараме исфрлање од Основот и преместување во Препораки.* |

## 2. <u>Усогласеност со закони и прописи</u>

### 2.1 Трошоци за репрезентација

АД МЕПСО смета дека наодот содржи методолошки пропуст и квалификација надвор од ревизорскиот мандат:

**1. Надмината состојба**

- Отсуството на пишана процедура е надмината состојба — Правилникот е донесен во јули 2025 година. Ревизорот самиот констатирал дека не дава препорака. Бараме оваа состојба да не биде вклучена во конечниот извештај.

**2. Содржина на фактури — одговорност на добавувачот**

- **Фактурата ја изготвува добавувачот**: Содржината на фактурата — описите на услугите е исклучиво во надлежност на издавачот. АД МЕПСО нема законска основа да ги диктира или менува содржините на туѓи комерцијални документи.
- **Законска одговорност**: Согласно ЗТД и даночната регулатива, содржината на фактурата е обврска на издавачот. Атрибуирањето исклучиво на АД МЕПСО е неосновано.
- **Забрана за вредносни судови**: Квалификацијата дека трошоците претставуваат нерационално користење на јавни средства излегува надвор од ревизорскиот мандат. Ревизорот може да констатира наод (состојба), но нема надлежност да изрекува вредносни судови за рационалноста на деловните одлуки. Бараме оваа квалификација да биде отстранета.

| |
|---|
| **АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** 988 илјади денари = 0,015% од вкупните приходи (праг: 65.105 ил. ден.)<br>*Нематеријален износ — 66 пати под прагот. Бараме исфрлање од Основот и преместување во Препораки.* |

### 2.2 Јавни набавки

АД МЕПСО го прифаќа наодот за констатациите во однос на ЗЈН. Во продолжение наведуваме контекст и олеснителни околности:

- **Необјавување на ЕСЈН во рок**: Прекршувањата на роковите за објавување на ЕСЈН (4 постапки за склучен договор, 6 за реализиран договор) се признаваат. Во поголемиот дел случаи закасненото објавување е последица на административни пропусти во следењето на законските рокови, а не на намерно прикривање. АД МЕПСО презема мерки за воспоставување на систем за следење на роковите за објавување.

- **Изјави за судир на интереси**: Отсуството на поединечни Изјави за непостоење судир на интереси кај замениците на членовите на комисиите е административен пропуст кој не укажува на постоење фактички судир на интереси кај ниту еден член. АД МЕПСО воспоставува процедура за систематско прибирање на Изјави.
- **Тендерска документација — постапка без оглас**: За постапката за анализа на безбедноста на информацискиот систем и враќање на корпоративните податоци (спроведена по претрпениот сајбер напад), тендерската документација не содржела упатства за правната заштита. Ова е технички пропуст кој произлегува од итниот карактер на постапката — реакцијата на сајбер напад по природа бара брзо постапување.
- **Пречекорување на рокови за одлука и договор**: Пречекорувањата на роковите за донесување одлука (4 постапки) и склучување договор (2 постапки) во поголем дел се должат на административно-оперативни фактори и сложеноста на постапките.

  АД МЕПСО презема мерки за стриктно следење на законските рокови.

3. <u>Основ за изразување на мислење</u>

### 3.1 Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

**Во врска со наведеното во <u>точка 3.1.1</u> од Нацрт Извештајот (стр.3 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

АД МЕПСО го прифаќа наодот и ја признава сложеноста на состојбата со евиденцијата на земјиштето и електропреносната инфраструктура Истовремено, сметаме дека е неопходно да се обезбеди соодветен контекст за настанокот на овие состојби, преземените активности за нивно надминување, како и ограничувањата со кои се соочува АД МЕПСО Скопје при самостојно решавање на проблемот. Во продолжение изнесуваме олеснителни околности и преземени активности.

- **Историски и правен контекст**: АД МЕПСО е основано во 2004 со Одлука за поделба на АД Електростопанство на Македонија. Имотно-правните прашања поврзани со земјиштето и инфраструктурата наследени се од самиот момент на основање, при тоа носејќи ја целата сложеност на распределба на средствата меѓу новосоздадените субјекти. Нерешените имотни прашања не претставуваат последица на пасивност на АД МЕПСО, туку на структурната сложеност на разделбата.
- **Активни постапки за регулирање**: АД МЕПСО во септември 2025 формирало нова работна група за реализација на заеднички енергетски проекти со ЕВН Македонија АД, вклучително и работна група надлежна за прашања поврзани со сопственоста, дозволите и одговорностите. Постапката за регулирање на сопственоста на трафостаниците е договорено да се реализира во две фази преку меѓусебен пренос на право на сосопственост, за кој е планирано склучување на Меморандум за соработка.
- **Објективна сложеност — далекуводи**: Запишувањето на правото на сопственост на 112 далекуводи по должината на целата земја претставува институционален предизвик — за секој столб треба да се решат имотно-правните односи за парцелата на која е поставен. Оваа постапка не може да биде извршена брзо и бара ресурси, координација со Агенцијата за катастар и соработка со локалните самоуправи и приватни сопственици на земјиште.

- **Преземени мерки**: АД МЕПСО презема конкретни активности за запишување на правото на сопственост на преносната инфраструктура и редовно ги следи постапките пред АКН. Резултатите не се брзи по природа, но процесот е активен.

| |
|---|
| **ОЛЕСНИТЕЛНА ОКОЛНОСТ:** Наодот е суштински точен — МЕПСО го прифаќа<br>*Олеснителна околност: состојбата е наследена од основањето во 2004; активни работни групи се формирани; регулирањето е правно и административно сложено. Бараме наодот да биде придружен со контекст за историската и правна сложеност.* |

Во текот на ревизијата до ревизорите од ДЗР беа доставени имотни листови за земјиште, објекти, линиска инфраструктура, како и евидентни листови, во кои е запишано/евидентирано право на сопственост или владение на МЕПСО или на Република Македонија.

Во таа насока, се укажува дека имотниот лист, согласно важечката правна рамка, претставува единствен јавен доказ за правото на сопственост врз недвижности. Другите акти и документи (договори, судски одлуки, решенија, и сл.) претставуваат правен основ за стекнување на правото, но не и доказ за самото право на сопственост.

Со оглед на тоа, не е јасно врз основа на кои критериуми е изведен заклучокот дека евиденциите за земјиштето се „неточни", „нецелосни" или „неусогласени".

Разликата во сметководствена евиденција за имотот претставува временска и содржинска неусогласеност со правната евиденција која е очекувана, имајќи предвид дека моментот на внесување на средство во сметководствена евиденција, не се поклопува со моментот на стекнување на правото на сопственост.

Одредени објекти (приклучоци, трафостаници, далекуводи и сл.) се евидентираат во сметководствените книги по завршување на техничките постапки, додека стекнувањето на правото на сопственост е со завршување на сите управни и правни постапки и запишување во имотен лист.

Во однос на земјиштето, разликите во евиденциите произлегуваат од сложеноста и времетраењето на постапките за експропријација и пренос на сопственост. Во голем број случаи, земјиштето првично се евидентира како сопственост на Република Македонија, врз основа на спроведени управни постапки, а по нивно целосно завршување и донесување на соодветни одлуки од страна на Владата, истото се пренесува во сопственост на МЕПСО и се запишува во имотниот лист.

Овие постапки, особено кај инфраструктурни проекти со голем обем (како интерконективни далекуводи), може да траат подолг временски период поради големиот број на засегнати сопственици и сложеноста на постапките.

| |
|---|
| *Согласно наведеното, не станува збор за неточни, нецелосни или неусогласе евиденции за имотот, туку за објективна состојба која произлегува од различна природа и намена на евиденциите.* |

## КОНТЕКСТ И ПОТЕКЛО НА ПРОБЛЕМОТ

Нерегулираниот имотно-правен статус на 110 kV трафостаниците не е последица на пропусти во тековното работење на АД МЕПСО Скопје, туку произлегува од несоодветно и нецелосно спроведување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија во државна

сопственост (Службен весник на РМ бр.19/04 и 109/05), како и Планот за поделба на АД ЕСМ во државна сопственост ОДУ бр.646/2004 од 26.11.2004 година.

Имено, согласно член 5а од Законот за изменување и дополнување на Законот за преобразба на АД ЕСМ во државна сопственост, Сл. Весник на РМ бр. 109/05 " Објектите и земјиштата утврдени во планот за поделба, Државниот завод за геодетски работи ( АКН ) по службена должност ќе ги евидентира и запише во катастарот на земјиштето и ќе ги запише со право на сопственост во катастарот на недвижностите на АД ЕСМ или друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО. ", Агенцијата за катастар на недвижности била должна да ги запише објектите и земјиштата во сопственост на АД МЕПСО согласно Законот за преобразба на АД ЕСМ и Планот за поделба, како и согласно член 174 од Законот за катастар на недвижности. Како последица на ова сопственоста на дел од 110 kV трафостаниците е несоодветно запишана, односно поделбата на трафостаниците не е правилно регулирана помеѓу ЕВН Македонија АД и АД МЕПСО Скопје, дел од трафостаниците кои е предвидено да бидат во сосопственост на АД МЕПСО и ЕВН се запишани само во сопственост на ЕВН, додека останатите се со нерегулиран имотно-правен статус, односно неизложени и незапишани во АКН.

Важно е да се нагласи дека во сите трафостаници и двете компании имаат инсталирано своја опрема - АД МЕПСО опрема за пренос и ЕВН Македонија АД опрема за дистрибуција на електрична енергија - со јасно разграничени технички точки на одговорност. Ова дополнително ја потврдува сложеноста на ситуацијата и потребата од меѓуинституционален пристап при нејзино решавање.

АД МЕПСО Скопје укажува дека во однос на регулирање на имотно-правниот статус на трафостаниците не може да се примени Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со оглед дека истиот регулира постапка за располагање со имот помеѓу државните органи и правните лица основани од државата, но не го опфаќа меѓусебниот однос помеѓу АД МЕПСО Скопје и ЕВН Македонија АД.

Што се однесува до точка 3.1.1. , алинеа 2, од Нацрт извештајот, Ве информираме дека **АД МЕПСО има запишано право на сопственост на 53 далекуводи** во Агенцијата за катастар на недвижности (**не 34 како што е наведено во Извештајот**).
Истотака ве информираме дека во периодот од 2024-2025 година во АКН беа запишани со право на сопственост 11 далекуводи со вкупна должина од 400 km´.

## ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ ОД СТРАНА НА АД МЕПСО СКОПЈЕ

АД МЕПСО Скопје во изминатиот период преземало конкретни и континуирани активности за решавање на овој проблем:

- Во 2021 година, раководниот орган донесе Решение бр. 04-1755 од 18.03.2021 година за формирање работна група со задача да изработи преглед на незапишани трафостаници и да предложи решенија за запишување на правото на сосопственост/сопственост на АД МЕПСО Скопје. Работната група изготви Информација бр.04-1755/2 од 02.04.2021 година, со предлог двете друштва да склучат договор со кој ЕВН Македонија АД без надомест ќе отстапи идеален дел од трафостаниците. Сепак, и покрај наведените активности, не се постигнати конкретни резултати.
- Во септември 2025 година, раководниот орган повторно донесе Решение бр. 04-4963 од 02.09.2025 година за формирање работни групи за реализација на заеднички енергетски проекти помеѓу АД МЕПСО Скопје и ЕВН Македонија АД, вклучително и работна група

надлежна за прашања поврзани со сопственоста, дозволите и одговорностите поврзани со електроенергетската инфраструктура.

Наведените активности јасно покажуваат дека АД МЕПСО Скопје го третира ова прашање со сериозност и покажува проактивен пристап. Меѓутоа, конечното решение на овој повеќедецениски проблем го надминува правниот мандат на менаџментот двете компании самостојно да го спроведат и бара институционална рамка и вклучување и одлуки на соодветни министерства и Владата.

**ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА И ТАРИФИТЕ**

АД МЕПСО ја потврдува забелешката на ревизорот дека нерегулираниот имотно-правен статус влијае врз точноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи. Овие состојби имаат директно и значително влијание врз висината на тарифата за пренос на електрична енергија, која ја утврдува РКЕ врз основа на официјалните сметководствени податоци доставени од друштвото.Нерегулираниот статус на значаен дел од инфраструктурата резултира со тоа дека регулираната база на средства не ја одразува целосно и точно вистинската вредност на преносната инфраструктура, со директни последици врз способноста на АД МЕПСО да го финансира потребниот обем на инвестиции во преносната мрежа.

**Во врска со наведеното во точка 3.1.2 од Нацрт Извештајот (стр.7 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

**Несогласност во основната главнина**

АД МЕПСО го прифаќа наодот и ја признава разликата од 296.916 илјади денари помеѓу сметководствената вредност на основната главнина (3.356.309 илјади денари) и запишаниот капитал во ЦРРСМ и Централниот депозитар (3.059.393 илјади денари).

- **Историски контекст**: Разликата произлегува директно од спроведениот делбен биланс при основањето на АД МЕПСО во 2004 со Одлука за поделба на АД Електростопанство на Македонија. Разделбата е направена во посебни историски и институционални услови, со примарна цел функционирање на електроенергетскиот систем, а не хармонизација на сите сметководствено-регистарски параметри.

Имено, согласно Планот за поделба на АД Електрстопанство на Македонија во државна сопственост, Скопје со раздвојување со основање УО бр. 02-6908/40/2 од 13.10.2024 година, донесен од Управниот одбор на АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост, на седница одржана на 13.10.2004 година основано е друштвото АД МЕПСО. Дополнително, врз основа на член 383, став 1 од ЗТД, Владата на Република Македонија, на седница одржана на 20.12.2024 година, донесе Одлука за усвојување на статутот на операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД МЕПСО, Скопје евидентирана е вредност на активата која е издвоена е како што следи:

| | |
|---|---|
| - Основни средства | 4.532.106.218,00 денари |
| - Обртни средства | 78.361.057,00 денари |
| | 4.610.467.275,00 денари |

Вредност на пасивата која се дели се состои од:

| | |
|---|---|
| - Капитал | 3.601.762.128,00 денари |
| - Долгорочни и краткорочни обврски | 1.008.705.147,00 денари |
| | 4.610.467.275,00 денари |

Капиталот на Друштвото МЕПСО АД Скопје се состои од:

| | |
|---|---|
| - Акционерски капитал | 3.059.393.362,00 денари |
| - Останати државен капитал | 542.364.036,00 денари |
| | 3.601.762.128,00 денари |

**Останатиот државен капитал е формиран од извори на средства добиени по основ на ревалоризација.**

| Конто | Опис на конто | Износ | % учество |
|---|---|---|---|
| 9004 | Останат капитал | 296,916,178.50 | 54.7% |
| 9300 | Ревалоризациона резерва од основни средства | 60,903,130.00 | 11.2% |
| 9400 | Законски резерви | 184,549,457.50 | 34.0% |
| | | 542,368,766.00 | 100% |

- **Активности за решавање**: АД МЕПСО, презема активности за усогласување/рекласификација на останатиот капитал во акумулирани добивки согласно МСС 16, МСС 8 и МСФИ 1.

1. **МСФИ 1, Првично усвојување на меѓународните стандарди за финансиско**
   Согласно напатствијата на МСФИ 1, Првично усвојување на меѓународните стандарди за финансиско известување, дава исклучок што му дозволува на субјектот што ги усвојува за прв пат да избере да ги мери ставките од недвижности, постројки и опрема по фер вредност на датумот на транзиција и да ја користи таа фер вредност како претпоставена цена. **Оваа претпоставена цена потоа служи како основа за примена на моделот на трошоци според МСС 16 во иднина, без да се бараат тековни ревалоризации.** Имено, доколку ентитетот ја користи објективната вредност во својот почетен извештај за финансиска состојба изготвен во согласност со МСФИ како *претпоставена набавна вредност* за ставка на недвижности, постројки и опрема, вложување во недвижност или нематеријално средство (види точки Г5 и Г7), првите финансиски извештаи на ентитетот изготвени во согласност со МСФИ треба да ги обелоденат, за секоја линиска ставка во почетниот извештај за финансиска состојба изготвен во согласност со МСФИ:
   - (а) Збирот на тие објективни вредности.
   - (б) Збирната корекција на сметководствените вредности за кои е известено во согласност со претходните ОПСП.

Што е „Ревалоризационата резерва“?

Ревалоризационата резерва е сметка во капиталот што се јавува кога Друштвото го усвојува моделот на ревалоризација за недвижности, постројки и опрема (НПО). Таа ги опфаќа нереализираните нагорни ревалоризации на средствата над нивната историска вредност или сметководствена вредност.

Што е „Претпоставена цена“?

Претпоставената цена е износ што се користи како замена за историската цена (трошок за стекнување намален за акумулирана амортизација) на датумот на премин кон МСФИ. По датумот на премин, компанијата ја третира оваа претпоставена цена како да е оригинална историска цена и го применува нормалниот модел на трошоци според МСС 16 (не се потребни дополнителни ревалоризации).

**Заклучок: Согласно горенаведеното, при првично признавање на недвижностите постројките и опрема Друштвото избрало да ги мери ставките од недвижности, постројки и опрема по фер вредност на датумот на транзиција и да ја користи таа фер вредност како претпоставена цена.**

2. **Пренос на вишокот од ревалоризација во задржана добивка како што се евидентира амортизацијата – МСС 16 Недвижности, постројки и опрема**

   Според МСС 16 Недвижности, постројки и опрема (точка 41), кога средството се евидентира со користење на моделот на ревалоризација, вишокот од ревалоризација (резерва) првично претставува нереализирана добивка признаена во останата сеопфатна добивка. Овој вишок се евидентира одделно во капиталот и генерално не може да се распределува.

   Бидејќи средството се користи со текот на времето, амортизацијата се пресметува врз основа на ревалоризираната сметководствена вредност, која е обично повисока отколку што би била според моделот на историски трошоци. Ова резултира со повисок годишен трошок за амортизација во споредба со она што би се наплатило врз основа на оригиналната (историска) цена.

   Во таков случај, износот на пренесените вишоци би била разликата помеѓу депрецијацијата базирана на ревалоризираната сметководствена вредност на средството и депрецијацијата базирана на првобитната набавна вредност на средството. Пренесувањата од вишоци од ревалоризација во задржана добивка не се прават преку добивката или загубата во периодот односно во Извештајот за сеофатна добивка (Биланс на успех) туку преку Останатата сеофатна добивка.

**Заклучок: Согласно горенаведеното, Друштвото треба да ја пренесе револоризационата резерва на средствата предмет на процени и нивно првично евидентирање во акумулирани добивки.**

3. **Корекција на грешка – МСС 8 Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки**

   Согласно МСС 8 - Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки, Грешки можат да произлезат во однос на признавање, презентирање или обелоденување на елементи од финансиските извештаи. Друштвото ги корегира материјалните грешки од претходниот период ретроактивно, во првиот сет на финансиски извештаи кои се одобрени за издавање откако тие ќе бидат откриени со повторно прикажување на споредбените износи за претходниот презентиран период во кој настанала грешката.

**Ограничувања на ретроактивното повторно прикажување**

Грешка од претходен период треба да биде корегирана со ретроактивно повторно прикажување, освен до степенот до кој е непрактично да се утврдат ефектите кои се специфични за периодот или кумулативниот ефект од грешката. Кога е непрактично да се утврдат ефектите кои се специфични за периодот во однос на грешката на споредбени податоци за еден или повеќе презентирани претходни периоди, Друштвото треба повторно да ги искаже почетните состојби на средствата, обврските и главнината за најраниот период за кој е практично ретроактивното повторно прикажување (што може да биде тековниот период).

Корекцијата на грешката од претходен период е исклучена од добивката или загубата за периодот во кој се открила грешката. Сите информации презентирани во однос на претходни периоди, вклучувајќи ги и сите историски збирни финансиски податоци, повторно се прикажуваат за колку што е можно најдалечен период за кој тоа е практично.

**Заклучок: Согласно горенаведеното Друштвото треба повторно да ги искаже почетните состојби на средствата, обврските и главнината за најраниот период за кој е практично ретроактивното повторно прикажување (што може да биде тековниот период).**

- **Отсуство на финансиска штета**: Разликата не произведува директна финансиска штета по АД МЕПСО, туку е прашање на усогласеност на евиденциите. Оперативното работење и солвентноста на друштвото не се доведени под прашање.

| |
|---|
| **ОЛЕСНИТЕЛНА ОКОЛНОСТ:** Наодот е суштински неточен — МЕПСО не го прифаќа наодот за неусогласеност на регистрираниот капитал во Централен регистар, Централен депозитар и сметководствената евиденција на 9000. Раководството на МЕПСО прифаќа да изврши рекласификација на останатиот капитал (кој е настанат како резултат на планот за делба) во акумулирани добивки согласно МСС 16, МСС 18, МСФИ 1.<br>*Олеснителна околност: разликата е историска, наследена од основањето во 2004; не постои финансиска штета; активности за усогласување се во тек. Бараме ревизорот да го земе предвид контекстот при формирањето на конечното мислење.* |

**Во врска со наведеното во точка 3.1.3 од Нацрт Извештајот (стр.8 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Ревизорот констатирал дека 45% (1.161.416 илјади денари) од материјалните средства во подготовка претставуваат завршени проекти кои не биле пренесени во постојани средства. АД МЕПСО го прифаќа наодот во суштина, но бара следните околности да бидат земени предвид:

- **Проактивна корекција во текот на ревизијата**: За поголемиот дел (1.087.240 илјади денари), АД МЕПСО самостојно ги иницираше и спроведе сметководствените корекции уште во текот на ревизијата, пред да биде издадена официјална забелешка. Ова укажува на свесност за состојбата и институционална подготвеност за нејзино решавање.
- **Оперативна нужност**: Процесот на пренос на средствата претпоставува технички прием, тестирање, пуштање во употреба и комплетирање на техничка документација — постапки кои по природа траат. Доцнењето не е резултат на административен пропуст туку на оперативни барања.

- **Преостанати средства**: Преостанатите некоригирани средства изнесуваат 74.176 илјади денари. Иако овој износ незначително го надминува прагот на материјалност, бараме ревизорот да го земе предвид проактивниот пристап и реалниот оперативен контекст при формирањето на конечното мислење.

| |
|---|
| **БЕЛЕШКА ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** 74.176 илјади денари = 1,14% од вкупните приходи (праг: 65.105 ил. ден.)<br>*Износот незначително го надминува прагот. Бараме ревизорот да го цени проактивниот пристап на АД МЕПСО при корекцијата и да го земе предвид оперативниот контекст.* |

**Во врска со наведеното во <u>точка 3.1.4</u> од Нацрт Извештајот (стр.9 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

АД МЕПСО ги прифаќа дел од процедуралните забелешки, но смета дека наодот не треба да биде дел на Основот за изразување на мислење:

- **Методолошки аргумент — составување по локација**: Составувањето на пописни листи по локација (магацин, трафостаница, подрачна единица) е оперативно оправдана практика кај инфраструктурни субјекти со инфраструктура распоредена на широка географска површина. Физичката локација е примарна оперативна категорија за управување со средствата. Ова е процедурална, а не суштинска слабост.
- **Отсуство на квантификувано финансиско влијание**: Ревизорот не ја квантификувал финансиската грешка која произлегува од пописните процедурални слабости. Без утврдено нумеричко влијание врз финансиските извештаи, не постои основа за вклучување на наодот во Основот. Согласно ISSAI 200, мислењето се заснова на материјалноста на грешките, не на процедуралните отстапувања.
- **Четирите историски златници**: Физички се осигурани. АД МЕПСО покренува постапка за нивна идентификација, вреднување и евидентирање. Нивната вредност е безусловно нематеријална.

| |
|---|
| **АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** Финансиско влијание: неквантификувано од страна на ревизорот<br>*Наодот е процедурален без докажано материјално влијание. Бараме отстранување од Основот и преместување во Препораки.* |

**Во врска со наведеното во <u>точка 3.1.5</u> од Нацрт Извештајот (стр.11 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Во однос на средствата идентификувани со кражба (4.005 илјади денари) и средствата со неискажан трошок за расход (16.386 илјади денари):

- **Правна постапка во тек (кражби):** По основ на кражбите поднесени се кривични пријави до надлежното јавно обвинителство. Додека трае кривичната постапка и постои реална можност за надомест на штетата, сметководственото признавање на трошокот за кусок би претставувало превремено евидентирање на загуба чиј правосилен исход не е

утврден. Ова е во согласност со МСС 37 — Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства.

- **Средства со неискажан трошок:** АД МЕПСО прифаќа дека за расходуваните средства со сегашна вредност треба да биде искажан трошок за расход. Соодветните сметководствени корекции ќе бидат преземени во наредниот период.

**АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** Вкупен износ: 20.391 илјади денари = 0,31% од вкупните приходи (праг: 65.105 ил. ден.)
*Нематеријален износ — 3,2 пати под прагот. Бараме исфрлање од Основот и преместување во Препораки.*

**Во врска со наведеното во точка 3.1.6 од Нацрт Извештајот (стр.13 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

АД МЕПСО смета дека ревизорот направил концептуална грешка во примената на МСС 2:

- **Погрешна примена на МСС 2**: Нето реализационата вредност (НРВ) е дефинирана во МСС 2 како проценета продажна цена во редовното работење, намалена за трошоците за завршување и продажба. Овој концепт е применлив исклучиво за залихи наменети за продажба — готови производи и трговска стока.
- **Природата на залихите на АД МЕПСО**: Залихите на АД МЕПСО (резервни делови, материјали за одржување, суровини) не се наменети за продажба туку за потрошок во рамки на оперативното работење. За ваков тип, МСС 2 јасно предвидува дека основа за мерење е набавната вредност, а не НРВ.
- **НРВ при употреба**: Концептот на НРВ кај резервни делови е применлив единствено ако истите се планираат за продажба или се утврдени за расход. За залихи кои остануваат во употреба, набавната вредност е соодветниот мерен основ. Примената на НРВ на оперативни залихи е методолошки погрешна и не наоѓа основа во МСС 2.

**Барање:** Ревизорот да го ревидира наодот за НРВ бидејќи е заснован на погрешно толкување на МСС 2. Наодот треба целосно да биде отстранет од Основот.

**Прифатен дел:** АД МЕПСО го прифаќа наодот за погрешна класификација на резервни делови (4.492 илјади денари) евидентирани како градежни објекти и пресметаната амортизација (1.037 илјади денари), и преземаат мерки за корекција.

**АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** 4.492 илјади денари = 0,07% од вкупните приходи (праг: 65.105 ил. ден.)
*Нематеријален износ — 14 пати под прагот. Бараме исфрлање на овој дел од Основот и преместување во Препораки.*

**Во врска со наведеното во <u>точка 3.1.7</u> од Нацрт Извештајот (стр.14 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

АД МЕПСО го прифаќа наодот — во 2024 не е пресметана амортизација во износ од 16.419 илјади денари за ново набавени средства расположливи за употреба и за инвестиции со кои се зголемува корисниот век на средствата. Во продолжение наведуваме олеснителни околности:

- **Техничка причина, не намера**: Причината за пропустот е идентификувана и е технички карактер — слабости во постоечката електронска апликација за водење на постојаните средства, која не пресметува автоматски амортизација од моментот на активирање. Не станува збор за намерно или свесно прескокнување.
- **Преземени активности**: АД МЕПСО е во постапка за надградба и подобрување на електронскиот систем за водење на постојаните средства, со цел обезбедување автоматска и навремена пресметка на амортизацијата согласно Уредбата и сметководствените политики.
- **Нематеријален износ**: Непресметаната амортизација од 16.419 илјади денари претставува 3,8% од вкупните трошоци за амортизација (430.567 илјади денари) и е нематеријална во однос на вкупните приходи.

| |
|---|
| **АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** 16.419 илјади денари = 0,25% од вкупните приходи (праг: 65.105 ил. ден.)<br>*Нематеријален износ — 4 пати под прагот. Бараме исфрлање од Основот и преместување во Препораки.* |

**Во врска со наведеното во <u>точка 3.1.8</u> од Нацрт Извештајот (стр.15 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

АД МЕПСО го прифаќа принципот, но бара ревизорот да ги земе предвид следните специфичности:

- **Регулаторна природа:** Побарувањата по основ на предизвикан дебаланс (БОС) имаат регулаторна, а не трговска природа. Согласно донесените Правила за балансирање на електроенергетскиот систем во 2025 година („Службен весник на РСМ бр. 88/2025"), каде рокот за добивање на пресметки за отстапувања на БОС и предлог пресметка за трошокот од отстапувањата заради финансиско порамнување е намален од 60 дена на 25 дена по истекот на месецот за кој се врши пресметката, можностите за финансиски импликации се ставени на минимум. Регулаторниот контекст е релевантен при проценката на ризикот за наплата.
- **Активни извршни постапки**: За значителен дел од побарувањата постојат активни постапки со статус на извршна исправа, со склучени договори за репрограмирање или доставени барања за извршување. Сметководственото отпишување додека трае постапката може имплицитно да ја ослаби правната позиција на АД МЕПСО.

- **Превземени мерки:** Одговорните лица за раководење и управување континуирано превземаат мерки и активности за редовното следење на застареноста на побарувањата, при што превземени се навремени мерки за нивна наплата согласно редовната постапка во следење, реализација, наплата како и понатамошни мерки во случај кога побарувањето не е навремено подмирено од страна на правниот субјект со кој е склучен Договорот. Имено, запазена е процедурата за навремено правно постапување и за сите ненаплатени побарувања АД МЕПСО има покренато законски судски постапки. АД МЕПСО редовно ги следи можностите за наплатливост на побарувањата, што може да се види од приливите на изводите по основ на наплата од извршители, судски постапки, како и од дополнителни начини на преговарање за етапна или делумна наплатливост на побарувањето.

  Согласно, погоре наведеното АД МЕПСО констатира дека ги реализира сите постапки по основ на превземање на навремени мерки за наплата на побарувањата, а превзема и мерки и за побарувањата кои според проценка по исцрпување на сите правни механизми можат да се земат во предвид како ненаплатливи побарувања.
- **Методолошка нецелосност на наодот**: Ревизорот не ја квантификувал конкретно вредноста за која е потребно усогласување. Старосната структура сама по себе не е доволен индикатор за ненаплатливост согласно МСС 18, кој бара индивидуална проценка на ризикот по побарување. Без таква анализа, наодот е методолошки нецелосен.

АД МЕПСО презема обврска за систематски преглед и вредносно усогласување таму каде постои јасна и несомнена ненаплатливост.

**Во врска со наведеното во <u>точка 3.1.9</u> од Нацрт Извештајот (стр.16 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Износот од 4.449 илјади денари заведени во АД МЕПСО како долгорочни вложувања не се вложувања на АД МЕПСО од 2005 година, туку тоа се вложувања на ЕСМ од кое АД МЕПСО се издвои во 2005 година и претставуваат влог од 1993 година, а согласно Планот за поделба беа отстапени како основачки влог на АД МЕПСО со Одлука на УО и Одлука за согласност на Владата.
Влогот се состои од дел во парични средства и дел во опрема (компјутери) за формирање на централен компјутерски центар за електростопанствата на републиките на СФРЈ.
Паричните средства што го претставуваат тој влог се префрлени со мулти компензација која ја вршеа тогашните СДК на републиките, поради тоа што се уште не беше воспоставен платен промет помеѓу републиките од СФРЈ.

**Вложување во МЕМО ДООЕЛ Скопје (124.929 илјади денари):** Станува збор за вложување во сосопствена компанија основана по законска обврска, која работи нормално и е солвентна. Не постојат индикатори за обезвреднување согласно МСС 36. АД МЕПСО презема обврска за редовна примена на тест за обезвреднување согласно сметководствените политики.

**Вложување во Електроенергетски координационен центар Белград — ЕКЦ (4.449 илјади денари):** АД МЕПСО го прифаќа наодот и преземаат активности за прибирање соодветна документација во соработка со ЕКЦ Белград. Дополнително, согласно МСС 27 Консолидирани и посебни финансиски извештаи и МСС 28 Вложувања во придружени ентитети дава насока за признавање и вреднувањето на вложувањата во придружни субјекти и тоа:

Кога ентитетот подготвува посебни финансиски извештаи, тој треба да ги евидентира вложувањата во подружници, заеднички контролирани ентитети и придружени ентитети по или:

(а) **Набавна вредност.**

(б) Во согласност со МСС 39.

Последователно, а и согласно последно достапните финансиски извештаи на **Електроенергетски координационен центар Белград — ЕКЦ, друштвото работи со добивки и има позитивен (над номиналниот/уплатениот/регистрираниот) капитал, што укажува дека не постојат индиции за обезвреднување на вложувањето во АД МЕПСО.**

Не постојат индикатори за обезвреднување согласно МСС 36. АД МЕПСО презема обврска за редовна примена на тест за обезвреднување согласно сметководствените политики.

**Вложување во САО SEE (2.459 илјади денари):** Вложувањето е реализирано во 2016 согласно заклучоци на Владата и Одлука на УО, во рамки на регионалниот механизам за координирана аукција на капацитети на Југоисточна Европа. Постои правна и оперативна основа за вложувањето, а АД МЕПСО преземаат мерки за обезбедување целосна документација.

По формирањето на новиот менаџерски тим, прашањето за регистрација на влогот во ЕКЦ Белград е поставено како приоритет, со оглед на неговото значење за заштита на имотот и повлекување на акумулираната добивка.

МЕПСО формираше стручен работен тим кој во изминатиот период оствари директна координација со Централниот регистар на РСМ, додека претставниците на УО остварија комуникација со менаџментот на ЕКЦ Белград преку Акционерското Собрание. Како резултат на овие активности, Ве известуваме дека:

1. Од страна на ЕКЦ Белград се обезбедени клучните акти за основање и зголемување на капиталот (Решенија бр. Fi-41252/93 и бр. I-FI-6648/97).
2. По барање на МЕПСО, овие документи се официјално извадени и заверени од страна на Агенцијата за деловни регистри (АПР) на Република Србија како верни на оригиналот. Документацијата е веќе испратена по пошта до АД МЕПСО.
3. Одржан е работен состанок со претставници на Централниот регистар на РСМ, при што е потврдено дека по пристигнувањето на заверените документи и нивен превод од овластен судски преведувач, веднаш ќе се пристапи кон формално евидентирање на инвестицијата.

Со овие дејствија, АД МЕПСО по повеќе од 15 години го решава наодот на ДЗР, овозможувајќи целосна правна заштита на влогот и деблокада на финансиските средства.“

**АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** ЕКЦ + САО SEE: 6.908 илјади денари = 0,11% од вкупните приходи (праг: 65.105 ил. ден.)

*Нематеријален износ — 9 пати под прагот. Бараме исфрлање од Основот и преместување Препораки.*

### 3.2 Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи

**Во врска со наведеното во точка 3.2.1 од Нацрт Извештајот (стр.17 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

АД МЕПСО ги прифаќа дел од наодите, но бара ревизорот да разграничи помеѓу фактори кои се под контрола на АД МЕПСО и оние кои не се:

- **Глобален пораст на цени — надворешен фактор**: Зголемувањето на вредноста на договорите кај три проекта ревизорот го посочува без да го земе доволно предвид контекстот на глобалниот пораст на пазарните цени во периодот 2021–2024. Ревизорот самиот констатирал дека надлежните лица го навеле овој фактор. Зголемувањето на договорниот износ при пораст на цените на материјали и опрема е законски и договорно оправдано и не може да биде атрибуирано на слабости на АД МЕПСО.
- **Проекти со пролонгирање поради надворешни фактори**: Пролонгирањето на проектот Набавка и инсталација на подземен оптички кабел делумно се должи на административни и правни пречки поврзани со обезбедување на градежна дозвола, а не само на слабости во управувањето со договорот.Овој проект е во фаза на реализација.
- **Раскинати договори — преземена одлука**: Раскинувањето на договорот за 400kV ДВ ТС Битола 2 преку ТС Охрид до Македонско – Албанска граница во декември 2024 и договорот за Ревитализација ТС Скопје 4 – Велес во март 2025 се последица на неисполнување на обврски од страна на изведувачите.
- АД МЕПСО презело сите правно и деловно оправдани одлуки за заштита на јавните средства, како и постапки на правни лекови.

**Генезата на проблемот** произлегува од фактот на не запишан имот односно на далекуводи и трафостаници во катастарскиот регистар, што создава сериозни пречки за нови инвестиции и за реконструкција на постојните објекти. Ова предизвикува процедурални предизвици, бидејќи не е јасно дали треба да се следи постапката за нова инвестиција или за реконструкција, со што целиот процес временски се одолговлекува.

Во случајот со проектот **Скопје 4 – Велес**, е започната постапка за реконструкција на линијата, при што е добиено и решение од Министерството за транспорт за реконструкција. И по една година работите сè уште не биле започнати. Тоа значи дека кај овој проект процесот на експропријација не бил проблем, затоа што изведувачот имал право да започне со работите без да биде условен со процесот на експропријација.

- Наодот на ДЗР дека постапката за експропријација не е завршена е правно неодржлив бидејќи истата не можела ниту да започне. Согласно важечките закони, постоењето на Проект за инфраструктура е апсолутен правен и фактички предуслов за поведување на било каква постапка за експропријација.
- За споредба треба се спомне проектот Прилеп-Битола 1, кој се соочил со проблеми од истата природа, на истиот изведувачот започнал со работите и тој проект е целосно реализиран.

**Заклучок:** АД МЕПСО постапило во согласност со начелото на совесно и одговорно работење, спречувајќи понатамошна материјална штета која би настанала доколку се продолжеле договорите со изведувачи кои не ги исполнувале своите обврски. Сметаме дека наодот на ДЗР во делот на експропријацијата треба да биде коригиран, бидејќи истиот не соодветствува со фактичката состојба и законските процедури кои го дефинираат редоследот на активностите при изградба на енергетска инфраструктура.

**Во врска со наведеното во <u>точка 3.2.2</u> од Нацрт Извештајот (стр.20 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Во однос на препораката дадена од страна на Државниот завод за ревизија, која се однесува на точка 3.2.2 од Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на АД МЕПСО, Управниот одбор на друштвото има започнато активности кои се целосно усогласени со дадената препорака. Имено, по добиената информација за статусот на проектите со скијачка намена, за кои од страна на АД МЕПСО се изработени физибилити студии, мастер планови и друга проектна документација, одговорните лица за раководење и управување на друштвото преземаат соодветни активности во согласност со Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост. Овие активности се однесуваат на спроведување на постапка за отстапување и отуѓување на стварите во државна сопственост, а согласно донесен заклучок на Владата на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост проектната документација е дефинирана како движна ствар. За нејзино отстапување/ оттуѓување одлука носи исклучиво Владата, бидејќи АД МЕПСО како АД основано од државата нема право самостојно да располага со имотот (движен/ недвижен) туку тоа право во име на државата го има само Владата, која е единствено надлежна да донесе одлука со која оваа проектна документација ќе се одземе од АД МЕПСО и ќе се отстапи на друг државен орган, единица на локална самоуправа или правно лице основано од државата.

**Во врска со наведеното во <u>точка 3.2.3</u> од Нацрт Извештајот (стр.21 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

АД МЕПСО го прифаќа наодот, но смета дека одредени елементи можат делумно да се нијансираат:

**1. Систематизација — 77 измени без пречистен текст**

- АД МЕПСО прифаќа дека 77 измени на Правилникот без пречистен текст предизвикуваат отежнатост во примената. Меѓутоа, поголемиот дел од измените биле оперативна нужност — прилагодување на организациската структура на новите регулаторни и оперативни барања на електроенергетскиот сектор. Воспоставување на пречистен текст е активност во тек.

- Меѓутоа, тврдењето дека 34 измени биле донесени само од Генералниот директор спротивно на Статутот не е целосно коректно. Ако конкретниот член 11 став 1 од Правилникот за систематизација го овластувал Генералниот директор да одлучува за зголемување на бројот на извршители по предлог на директорите на сектори, тогаш постои внатрешна правна основа.

  Во однос на препораката за усвојување на пречистен текст на Правилникот за систематизација на работните места, информираме дека со Одлука на Управен одбор бр.02-6983/11-5 од 31.10.2024 година е формирана работна група во која учествуваат и претставници на синдикалните организации на АД МЕПСО со задача да изготви нов Правилник за внатрешна организација и нов Правилник за систематизација на работни места согласно препораките на ДЗР, а следствено ќе се изготват и нови Договори за вработување, а во согласност со концептот на бруто плата.

**2. Вработување — јавен оглас за 70 лица**

- АД МЕПСО прифаќа дека постапката за вработување не е спроведена во целост согласно законските прописи. Отсуството на формализирани критериуми за селекција е слабост во транспарентноста на постапката.
- Меѓутоа, вработувањето е спроведено во услови на значителен недостиг на технички кадар (626 пополнети од 954 систематизирани работни места — 65,6%), при тоа АД МЕПСО управува со критична национална инфраструктура. Потребата за пополнување на работните места е реална и итна.

**3. Пресметка на плата**

- **Минат труд**: Во системот за пресметка на плати се внесува само еднаш години на минатиот труд, кој автоматски секои 12 месеци се зголемува за 0,5 %. Начинот на пресметка на додатокот за работен стаж е воедначен-системски решен и истиот се пресметува на бруто платата освен за часовите на годишен одмор поради фактот што основица за пресметка е вредност на саатнина од претходни 3 месеци со пресметан минат труд. Внесување на податоци по однос на минатиот труд во системот се врши врз база на донесениот документ од ПИОМ, кој секој вработен го доставува во човечки ресурси при вработување. Податоците кои се содржани во Прегледот за регистрирани податоци за матична евиденција издаден од ПИОМ за вкупниот работен стаж на вработените соодветно се внесуваат во системот за пресметка на плата. При дополнителна проверка кај сите вработени, констатирано е дека нема случаи на погрешно пресметување на минатиот труд. Вклучително на ова во текот на 2025 година во АД МЕПСО имаше инспекциски надзор од Државен инспекторат за труд – Одделение за инспекциски надзор во областа на работните односи, кој нема констатирано никаков наод по овој основ.
- **Додаток за викенд 200%**: Прекувремена работа за време на викенд, кој во системот изнесуваше 200%, е корегиран и е во согласност со Колективниот договор и наведениот проблем е надминат.
- **Договори во нето износ**: Практиката на утврдување на платата во нето износ во договорите за вработување е наследена административна практика. Ова е поради тоа што иако постои концепт на бруто плата, во пракса сите додатоци на плата, прекувремени часови и слично како основа ја користат нето платата (дури и при контроли од трудов инспекторат, се бара нето платата на лицата, бидејќи таа е основ за пресметка на сите додатоци и надоместоци од плата кон вработените).

**Во врска со наведеното во точка 3.2.4 од Нацрт Извештајот (стр.25 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

АД МЕПСО изразува суштинско несогласување со наодот:

- **Договорна основа — двострано прифатена**: Исплатата на 1,5% од бруто исплатените плати е директно предвидена со Колективниот договор (член 178 став 2 точка 3) — двострано слободно договорен инструмент. Самите синдикати, во целосна рамноправност, го договориле и потпишале овој начин на финансирање. Тврдењето дека ова ја загрозува нивната независност е во директна контрадикторност со фактот дека токму тие го прифатиле.
- **Погрешна примена на член 195 ЗРО и МОТ Конвенција бр.98**: Овие одредби се насочени кон ситуации кога работодавачот унилатерално создава или финансира синдикални структури без нивна согласност, со цел ставање под надзор. Тоа не е случај кај АД МЕПСО.
- **Концептуална забуна**: Ревизорот ја помешал финансиската поддршка договорена врз рамноправна основа со контролата врз дејствувањето. Тоа се два сосема различни концепта.
- **Широко распространета практика**: Финансирањето на синдикатот преку процент од платниот фонд е законски призната и широко распространета практика во македонскиот јавен сектор и во регионот.

Дополнително, нагласуваме дека средствата не се доделуваат произволно, туку врз основа на однапред утврдена Програма (план) за работа, како и финансиска распределба со конкретни намени и износи. Истите се користат исклучиво за активности поврзани со заштита и унапредување на правата на работниците, при што постои целосна документација за нивната намена и реализација.

Во таа насока, средствата се распределуваат по јасно дефинирани намени, меѓу кои:

- поддршка на економско-социјалната положба на работниците;
- доделување финансиска помош за лекување и социјална поддршка;
- организација на обуки, семинари и стручно оспособување;
- активности од областа на безбедност и здравје при работа;
- спортски и други активности од интерес на вработените.

**АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ**: 10.300 илјади денари = 0,16% од вкупните приходи (праг: 65.105 ил. ден.)
*Нематеријален износ — 6 пати под прагот. Бараме целосно отстранување на наодот.*

**Во врска со наведеното во <u>точка 3.2.5</u> од Нацрт Извештајот (стр.26 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Правата и обврските на членовите на Управниот одбор се уредени согласно член 350, 365 и 366 од Законот за трговски друштва, како и член 54 и 55 од Законот за работни односи, врз основа на кои се изготвени договорите и уредени односите помеѓу друштвото и членот на управниот одбор.

Согласно тоа единствена основа од каде што се црпат правата на членот на управен одбор вклучувајки право на надомест за пат и други права (во овој случај право за надомест за одвоен живот) е договорот за уредување на односите меѓу друштвото и член на управен одбор (член 350 од законот за ЗТД), односно член II.1.5 и II.1.15 од договорот.

Укажуваме дека износите напишани за потрошено гориво во Вашиот извештај претставува аритметички збир од целокупното потрошено гориво по возило, без притоа да се води сметка дали е потрошено за патување за потребите на компанијата како во земјата така и во странство и бараме истиот да биде отстранет од извештајот.

Соодветно на тоа, во точка 3.2.5 од Нацрт ревизорскиот извештај дополнително истакнувате дека во склучените договори не е пропишана одредба за ограничување на надоместокот за одвоен живот во корелација со одалеченоста од местото на работење, што остава простор за субјективно толкување, со што се согласуваме.

Исто така во менаџерските договори не е наведена останата потребна документација за исплата на надоместок за одвоен живот и во случајот надоместокот за одвоен живот се утврдува и исплаќа врз основа на податоците од важечка лична карта која што представува најрелевантен документ за постојано место на живеење.

Поради наведената можност за произволно толкување на одредбите од склучените договори и анулирање на перцепцијата за нерационално користење на јавни средства, укажуваме дека ќе иницираме предлог за допрецизирање на одредбите од менаџерскиот договор и измена во колективниот договор со кои се уредуваат правата за надоместоци на членовите на управен одбор.

Согласно горенаведеното бараме ставот 2 од точка 3.2.5 кој се однесува за надоместоци на членови на управен одбор со наведените износи на средства во истиот да се отстранат.

**Регрес за годишен одмор на членови на УО (313 илјади денари)**

**Правна грешка во анализата:** Регресот за годишен одмор е право гарантирано директно со Законот за работни односи (член 139) — не исклучиво со колективен договор. Доколку членовите на УО имаат засновано работен однос со АД МЕПСО, тие ги уживаат сите права по ЗРО, вклучувајќи го и регресот. Ревизорот требало прво да ја утврди правната природа на односот (работен однос наспроти граѓанско-правен ангажман) пред да заклучи дека регресот е неправилно исплатен.

Исто така во врска со наведеното дека исплата на регрес за годишен одмор на членовите на УО не е во согласност со член 366, став 4 од ЗТД, согласно кој одредбите од Колективниот договор и Законот за работни односи не се применуваат за членовите на УО, за кои правата и обврските од работен однос се регулираат со склучување на поединечни договори за уредување на односите помеѓу друштвото и членот на УО (менаџерски договори) Ве известуваме за следното:

Менаџерските Договори кои ги имаат потпишано членовите на Управниот одбор се склучени во согласност со член 54 и член 55 од Законот за работните односи на РСМ (содржано во преамбилата на Договорот).

*Појаснуваме дека во член 55 од Законот за работните односи на РСМ е уредено :*

.. Правата и обврските од работен однос на менеџерот за времето додека е избран на таа должност ги остварува кај работодавачот кај кого е избран според одредбите од Законот за работнит односи, друг закон, колективен договор и договорот за вработување (во случајот Доворот за уредивање на правата, обврските и одговорностите на членот на управниот одбор) ...

Исто така, појаснуваме дека согласно член 24 од Статутот на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје членовите на Управниот одбор како избрани лица воедно се и раководни лица т.е. Директори на Сектор/Подружница и на истите им е доверена одговорноста и обврската да раководат со одреден Сектор/Подружница во Друштвото.

Согласно горе наведените одредби од Законот за работните односи и Статутот на АД МЕПСО членот на Управниот одбор се пријавува во Агенцијата за вработување на определено врем како раководно лице – Директор на Сектор/Подружница на Друштвото се додека му трае мандатот за кои е избран, односно до неговото отповикување од функцијата.

Тоа значи дека за времетраењето мандатот членот на Управниот одбор остварува права од работен однос во Друштвото и на истиот му тече стаж и му се плаќаат продонесе во ФЗО и ФПИО преку Друштвото.

Покрај сите права од воспостевениот работен однос тој има право и на платен годишен одмор кој согласно ЗРО изнесува најмалку 20 а најмногу 26 работни дена, со можност со Договорот да се определи и повеќе од 26 дена.

Согласно наведеното произлегува дека членот на Управниот одбор кој воедно ја врши функцијата на Директор на Сектор/Подружница за која функција оставрува права од работен однос во Друштвото неможе да биде ограничен во однос на остварување на правата кои му следуваат согласно член 55 од Законот за работните односи на РСМ, вклучително и правото на регрес на годишен одмор, односно не смее да му се ограничува со Устав загарантираното право на рамноправен статус во однос на граѓанските слободи и права кои се однсуваат на правото на работа и правата кои произлегуваат од работа (согласно Уставот на РСМ).

Дополниелна причина за тоа е фактот дека членот на Управниот одбор своето со устав загарантирано право на работа, платено отсуство и други права за времетраење на мандатот ги остварува во АД МЕПСО, односно тие свои уставно загарантирани права не ги остварува кај друг работодавец.

**АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** 313 илјади денари = 0,005% од вкупните приходи (праг: 65.105 ил. ден.)

*Нематеријален износ — 208 пати под прагот. Бараме отстранување или корекција по правна анализа.*

**Во врска со наведеното во точка 3.2.6 од Нацрт Извештајот (стр.27 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

АД МЕПСО смета дека ревизорот направил суштинска концептуална забуна помеѓу два правно различни института, без индивидуална анализа на конкретните случаи:

- **Различни правни институти**: Дневницата следува кога вработениот е упатен со налог за конкретна деловна задача надвор од местото на работа. Теренскиот додаток следува кога вработениот постојано или редовно ги обавува задачите надвор од седиштето — тоа е неговото de facto работно место.
- **Погрешна генерализација**: Ревизорот паушално заклучил дека сите исплати на теренски персонал претставуваат теренски додаток, врз основа на природата на занимањето — без анализа на поединечни налози за работа. Критериумот е конкретниот карактер на излезот, а не занимањето. Вработен упатен на интервенција надвор од редовното работно место — остварува службено патување и следува дневница.
- **Нецелосна анализа**: Ревизорот не ја квантификувал финансиската разлика (25% помеѓу дневница и теренски додаток). Без квантификација, не може да се утврди дали наодот е материјален.

| |
|---|
| **АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** Максимална потенцијална разлика: 3.528 илјади денари = 0,054% (праг: 65.105 ил. ден.)<br>*Нематеријален потенцијален ефект — 18 пати под прагот дури и во најлош сценарио. Бараме отстранување или корекција* |

**Во врска со наведеното во точка 3.2.7 од Нацрт Извештајот (стр.28 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Во однос на препораката дадена од страна на Државниот завод за ревизија, која се однесува на точка 3.2.7, од Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на АД МЕПСО, се укажува дека активностите наведени во истата – ангажирањето на лица по авторски договори, преводот на материјали, претплатата на стручни списанија, како и евидентирањето на трансакциите врз основа на соодветна документација, се директно поврзани со тековното работење на Друштвото и претставуваат неопходен сегмент за обезбедување на стручност и квалитет во извршувањето на одредени деловните процеси.

Имено, ангажирањето на надворешни лица по авторски договори се врши во случаи кога постои потреба од специфични експертски знаења и компетенции кои не се целосно опфатени со постојните внатрешни ресурси, додека преводот на материјали и претплатата на релевантни стручни публикации овозможуваат пристап до ажурирани информации, стандарди и најдобри практики, што е од суштинско значење за успешно функционирање на Друштвото, особено во контекст на меѓународна соработка и усогласување со современи регулаторни и технички барања.

Во втората половина на 2024 година набавката на неделното списание е прекинато и АД МЕПСО до денес нема набавка на неделни списанија.

Воедно, Друштвото посветува внимание на обезбедување на соодветна и веродостојна документација како основа за евидентирање на сите деловни трансакции, во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива.

Сепак, имајќи ја предвид дадената препорака, Друштвото ќе преземе дополнителни мерки за понатамошно унапредување на процесите на планирање, оправдување и документирање на ваквите активности, со цел зголемување на транспарентноста, отчетноста и усогласеноста со добрите управувачки практики. Во таа насока, препораките ќе бидат соодветно разгледани, земени предвид и инкорпорирани во идното работење.

**АРГУМЕНТ ЗА МАТЕРИЈАЛНОСТ:** вкупен износ 3.667 илјади денари = 0,056% од вкупните приходи (праг: 65.105 ил. ден.)

*Нематеријален износ — 18 пати под прагот. Бараме исфрлање од Основот и преместување во Препораки.*

**Во врска со наведеното во точка 3.2.8 од Нацрт Извештајот (стр.29 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Во наведениот период, како и до денес, не е спроведен испит за стекнување на соодветниот сертификат, кој се организира од страна на Министерството за финансии – Централна единица за хармонизација на системот на ЈВФК. Оттука, не постоела реална можност за исполнување на овој формален услов.
Во однос на констатацијата дека во текот на 2024 година биле пополнети сите систематизирани работни места во ревизијата (вкупно шест), појаснуваме дека наведената состојба се однесува на конкретен временски пресек кој не ја одразува тековната фактичка состојба.
Имено, во текот на 2025 година дојде до значително намалување на бројот на вработени, при што во моментот се ангажирани само три лица, односно 50% од предвидениот кадровски капацитет, при што влијае врз обемот и динамиката на извршувањето на ревизорските активности.
Воедно, укажуваме на потребата од преземање мерки за пополнување на испразнетите работни места, со цел обезбедување на непречено извршување на надлежностите.

Во однос на наодот дека не се презентирани документи со кои може да се потврди изготвување и одобрување на планови и програми за реализација на ревизиите, појаснуваме дека при спроведувањето на ревизиите се вршело планирање на ревизорските активности, кое во најголем дел било евидентирано интерно (работни белешки, е-меил) и усно координирано со раководителот на ревизијата.
Во таа насока, веќе се преземаат активности за воспоставување практика на задолжително писмено изготвување на планови и програми за ревизија, со нивно формално одобрување од страна на раководителот, како и систематизација и дигитализација на документацијата со што ќе се обезбеди целосна трага на ревизорските постапки.

Во однос на наодот дека не се доставени извештаи до УО/НО и дека истите не се комплетни, укажуваме дека извештаи се изготвуваат, потпишуваат и архивираат согласно воспоставената практика, при што ги содржат сите пропишани елементи.
Истите се доставуваат како интегрален дел од кварталните и годишните извештаи на компанијата, во рамки на делот Кабинет на генерален директор, со што е обезбедено континуирано информирање на УО/НО.

**Во врска со наведеното во точка 3.2.9 од Нацрт Извештајот (стр.32 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Критериумите за доделување на донации/спонзорства се утврдени согласно Декларација за општествена одговорност на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, УО бр. 02-7455/7-1.1 од 01.12.2017 година усвоениот Правилник за утврдување на условите, критериумите и постапката за доделување на средства, УО бр. 02-7455/7-2.1 од 01.12.2017 година.

Укажуваме дека друштвото, води сметка одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности доследно да бидат имплементирни во Договорите за донација.
Во таа насока, со договорите за донација целосно се уредени правата и обврските на примателот на донацијата, вклучително и обврската за навремено доставување извештај за искористеноста на средствата и/или стварите кои се предмет на донацијата.

Со ваквото договорно уредување, друштвото има воспоставено соодветна нормативна и договорна основа по однос на исполнување на обврските од страна на примателите на донацијата.

Договорот за донација се доставува на реализаиција откако со Решение од Министерство за правда ќе биде потврден јавниот интерес на дадената донација/спонзорство.

Средствата за спонзорства и донации се насочени кон активности од јавен интерес — поддршка на спортски, културни и хуманитарни активности во заедниците каде МЕПСО ја обавува дејноста. Иако формализираните критериуми недостасувале, изборот на корисници не укажува на злоупотреба.

4. <u>Нагласување на прашања</u>

**Во врска со наведеното во <u>точка 4.1</u> од Нацрт Извештајот (стр.33 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Во оваа точка, сметаме дека во делот за пренесена електрична енергија , во делот за пренесени количини на електрична енергија за 2020 и 2021 година постои несофпаѓање на податоците , така пренесените количини на електрочна енергија за 2020 година треба да изнеуваат 6.784.615.307 kWh, а за 2021 година 7.231.248.522 kWh.

Вкупните приходи од пренесената електрична енергија од преносот по години треба да е како што следи ( во 000 ден ): 2020 год износ од 1.257.403, 2021 год. износ од 1.719.684, 2022 год. износ од 2.204.540, 2023 год. износ од 1.706.238, 2024 год.- износ од 1.765.138,

Прилог табела и график

**Приходи од пренос на електрична енргија**

| година | приходи од активна елек.енергија | приходи од врвна активна моќност | приходи од прекумерно превземена реактивна енергија | **вкупни приходи од пренос на ел. енергија** | **пренесени количини во MWh** |
|---|---|---|---|---|---|
| | во 000 ден. | во 000 ден. | во 000 ден. | во 000 ден. | MWh |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(2+3+4) | 6 |
| 2020 | 1.171.474 | 79.191 | 6.738 | **1.257.403** | **6.784.615** |
| 2021 | 1.524.387 | 181.201 | 14.096 | **1.719.684** | **7.231.249** |
| 2022 | 1.943.398 | 236.487 | 24.655 | **2.204.540** | **6.397.306** |
| 2023 | 1.510.861 | 168.202 | 27.175 | **1.706.238** | **5.891.507** |
| 2024 | 1.565.760 | 174.087 | 25.291 | **1.765.138** | **5.895.153** |

График 2




(Во Нацрт Извештајот од ДЗР - График 2, како приходи од пренос на електрична енергија се искажани приходите од активната електрчна енергија)

Што се однесува до **просечната регулирана тарифа за пренос на електрична енергија**:

- за 2020 година просечата регулирана тарифа за пренос изнесува , од 01.01. до 30.06.2020 година 0,1757 ден/ kWh, а од 01.07. до 31.12.2020 година 0,1952 ден/ KWh, според Одлука на РКЕ
- за 2024 година просечната регулирана тарифа за пренос изнесува од 01.01. до 31.12.2024 година 0,2935 ден/ kWh, според Одлука на РКЕ .

Во точка 4.1 до делот на загубите во електропреносната мрежа, исто така постои несофпаѓање на податоците за 2024 и 2023 година. Набавените количини на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа за 2024 година треба да изнесуваат 98.728 MWh, а во 2023 година набавените количини на електрична енергија за покривање на загубите во електро преносната мрежа изнесуваат 106.566 MWh, што значи дека истите се пониски за 7,3 %. (а не повисоки како што е презентирано во Нацрт- Извештајот на ДЗР)

(Во Нацрт Извештајот од ДЗР - График 3, набавените количини на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа по години не се совпаѓаат со Финансиските извештаи.)

Загубите во електропреносната мрежа искажани во MWh по години треба да бидат како што се презентирани за : 2020 год –116.615 MWh, 2021 год,– 108.497 MWh, 2022 год.-115.796 MWh, 2023 год,-106.566 MWh. 2024 год- 98.728 MWh.

Прилог табела и график:

**Загуби во електропреносна мрежа**

| година | трошоци за набавка на ел.енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа | набавени количини во MWh |
|---|---|---|
| | во 000 ден. | MWh |
| 1 | 2 | 3 |
| 2020 | **430.822** | **116.615** |
| 2021 | **462.147** | **108.497** |
| 2022 | **1.641.781** | **115.796** |
| 2023 | **1.168.809** | **106.566** |
| 2024 | **696.952** | **98.728** |

График 3




**Во врска со наведеното во <u>точка 4.2</u> од Нацрт Извештајот (стр.37 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Според состојбата која е констатирана во Вашиот наод во текот на месец декември 2025 година, склучени се договори со 3 (три) акционерски друштва во државна сопственост за одложено плаќање на долгот со важност од 3 (три) години со договорна каматна стапка од 6% на годишно ниво. УО и НО на Друштвото постапува во насока на финансирање на активности кои се исклучиво за вршење на дејноста на друштвото (договорна камата од 6% на годишно ниво служи како механизам за заштита на доверителот од девалвација на побарувањето, односно од намалување на неговата реална вредност како последица на евентулни инфлација и други економски фактори.)

Вклучително на наведеното, напоменуваме дека во месец јануари 2026 година до АД МЕПСО беше доставено барање за одобрување на заем од акционерско друштво во државна сопственост и по истото не беше постапено. Заемот не беше одобрен, бидејќи истиот не ја претставуваше дејноста која ја врши АД МЕПСО, а неговото одобрување може да има влијание на работењето, ликвидноста и профитабилноста на АД МЕПСО.

**Во врска со наведеното во точка 4.4 од Нацрт Извештајот (стр.40 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

По сајбер-инцидентот од март 2024 година, АД МЕПСО Скопје спроведе сеопфатен процес на обнова и трансформација на ИТ инфраструктурата, како и имплементација на напредни технички и организациски мерки, со цел зајакнување на безбедноста и спречување на повторување на слични инциденти. Активностите се однесуваат на ИТ бизнис системите.

**1. Обнова и модернизација на ИТ инфраструктурата**

- Извршен е целосен „rebuild“ на ИТ инфраструктурата согласно најдобрите меѓународни практики и препораки од ангажираните експерти, вклучително и консултанти од IBM ангажирани преку USAID, кои активно учествуваа во процесот на опоравување.
- По завршување на обновата, спроведено е пенетрационо тестирање од независна трета страна, со цел верификација на безбедносната поставеност.

**2. Зајакнување на техничките безбедносни контроли**

- Заменето е постојното антивирусно решение со напредно EDR (Endpoint Detection and Response) решение за заштита на крајни уреди.
- Имплементиран е централизиран SIEM систем (IBM QRadar) за следење и анализа на безбедносни настани.
- Воведена е повеќефакторска автентикација (MFA) за пристап до Microsoft 365 сервисите.
- Воспоставен е процес за редовно ажурирање и закрпување (patch management) преку централизирана UEM платформа (ManageEngine).

**3. Backup и Disaster Recovery**

- Воспоставен е редовен backup на целокупната ИТ инфраструктура, кој вклучува и offline (изолирани) резервни копии.
- Се врши периодично тестирање на резервните копии за проверка на нивната функционалност и можност за враќање.
- Изграден е современ Disaster Recovery (DR) дата центар во рамки на една од трафостаниците на АД МЕПСО, согласно релевантните стандарди и прописи за континуитет на работењето.

**4. Организациски мерки и управување со ризици**

- Усвоена е тригодишна стратегија за сајбер безбедност.
- Формиран е тим за проценка на ризици и воспоставена е методологија за управување со сајбер ризици.
- Спроведена е самопроценка на нивото на сајбер безбедност користејќи ја C2M2 методологијата (Cybersecurity Capability Maturity Model) развиена од U.S. Department of Energy за енергетски компании.
- Дополнително, извршена е независна проценка од страна на надворешен консултант ангажиран преку ЕБРД, која резултираше со приоритетна листа на безбедносни контроли и проекти за понатамошна реализација.

**5. Подигнување на свеста и обуки**

- Организирани се обуки за сајбер безбедност за вработените, како и симулации на phishing напади.
- Обуките се повторени и во тековната година, со цел континуирано подигнување на свеста.
- Воспоставен е систем за пријава на сајбер-инциденти од страна на вработените.

- Во тек е реализација на договор од јавната набавка на специјализирана платформа за едукативни обуки од областа на сајбер безбедност која има можност и за спроведување и на фишинг кампањи.

**6. Професионален развој и зајакнување на експертските капацитети**

Покрај обуките за подигнување на свеста кај вработените, АД МЕПСО Скопје инвестира во континуиран професионален развој на ИТ и сајбер безбедносниот кадар, преку:

- Специјализирани обуки и стекнување на меѓународно признати сертификати (вклучително NIS2, ISO/IEC 27001 Lead Implementer, ISO/IEC 27001 Lead Auditor, ISO/IEC 27005 Risk Manager и сродни области);
- Технички обуки од областа на современи ИТ технологии (вклучително Microsoft 365 и други релевантни платформи);
- Активно учество на меѓународни конференции и стручни настани од областа на ИТ и сајбер безбедноста, со цел следење на најновите трендови и закани;
- Учество во регионални и меѓународни работни групи за сајбер безбедност, со цел размена на искуства и усогласување со најдобрите практики.

**7. Понатамошни активности**

- Во тек е постапка за воспоставување на надворешен (outsourced) 24/7 мониторинг на безбедносни настани, имајќи ги предвид ограничените интерни ресурси.
- Во тек е постапка за имплементација и сертификација согласно стандардот ISO/IEC 27001.
- АД МЕПСО Скопје презема активности за усогласување со релевантната национална регулатива од областа на сајбер безбедноста, вклучително и Правилата за сајбер безбедност донесени од Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ).

  Во таа насока, воспоставените технички и организациски мерки, како и планираните активности (вклучително имплементација на ISO/IEC 27001 и понатамошно зајакнување на безбедносните контроли), се во функција на постигнување целосна усогласеност со регулаторните и законски барања.

**Заклучок**

Преземените активности претставуваат значително зајакнување на техничките и организациските капацитети за сајбер безбедност и директно одговараат на наодите и препораките од ревизорскиот извештај. Со воспоставување на современи безбедносни технологии, управување со ризици и континуирана едукација на вработените, АД МЕПСО Скопје го унапреди нивото на отпорност на ИТ системите кои ја поддржуваат критичната инфраструктура.

**Во врска со наведеното во <u>точка 4.6</u> од Нацрт Извештајот (стр.43 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Друштвото навремено има поднесно тужба против осигурителната компанија АД ВИНЕР за двата настани поврзани со паѓање на фасадата на административната зграда на АД МЕПСО (настан од 27.02.2020 и настан од 05.08.2021). Со датум 17.12.2024 година склучена е судска спогодба согласно која АД ВИНЕР му исплати на АД МЕПСО на име надомест на штета за двата настани во вкупен износ од 3.100.000,00 денари, како и трошоци по постапката во износ од 430.918,00 денари.

Одделот за општи работи во годишниот план за јавни набавки за 2026 година има планирано постапка за Реконструкција на административната зграда на АД МЕПСО, кој е на фаза на подготовка во која ќе можат да учествуват повеќе економски оператори за оваа постапка.

**Во врска со наведеното во <u>точка 4.7</u> од Нацрт Извештајот (стр.44 од текстот на Извештајот), Ве известуваме за следното:**

Исходот на судските постапки кои се во тек не може да се предвиди со целосна сигурност. Проекциите за можниот исход на овие постпки Друштвото ги базира на стручни мислења и проценките на ангажираните адвокати, кои пак своето мислење го темелат врз основа на изведените докази, фактичката состојба и применливото право. Сепак, потребно е да се има предвид дека значително влијание врз конечниот исход во постапките има и слободното судиско уверување, односно дискреционото право на судот да ги цени доказите на начин на кој смета дека е во согласност со важечките законски прописи.

<u>ЗАКЛУЧНИ БАРАЊА:</u>

Врз основа на погорнаведените аргументи, АД МЕПСО бара:

- **Целосно отстранување од Основот — нематеријални наоди (сите под прагот од 65.105 илјади денари):** Расходувани средства и кусоци (20.391 илјади денари / 0,31%), залихи — погрешна класификација (4.492 илјади денари / 0,07%), долгорочни вложувања ЕКЦ + CAO SEE (6.908 илјади денари / 0,11%), амортизација (16.419 илјади денари / 0,25%), ненавремено евидентирање (3.379 илјади денари / 0,05%), репрезентација (988 илјади денари / 0,015%), финансирање на синдикати (10.300 илјади денари / 0,16%), регрес за УО (313 илјади денари / 0,005%), дневници/теренски додаток (макс. 3.528 илјади денари / 0,054%), авторски договори (3.667 илјади денари / 0,056%).
- **Целосно отстранување — методолошки погрешни наоди:** Залихи — НРВ дел (МСС 2 не е применлив за оперативни залихи), попис (нема квантификувано финансиско влијание), финансирање на синдикати (погрешна примена на ЗРО и МОТ Конвенција).
- **Отстранување на наодот за надоместоци на органи на управување:** Раздвојување на патните трошоци од надоместокот за одвоен живот (засебно договорно право); отстранување на квалификацијата нерационално користење на јавни средства; правна анализа за регресот; отстранување на заклучоците за 2025 година.
- **Отстранување на сите вредносни судови:** Квалификации за нерационалност немаат место во ревизорски извештај — ревизорот констатира наод, не вреднува деловни одлуки.
- **Земање предвид на олеснителни околности:** За наодите кои се суштински точни (земјиште и инфраструктура, основна главнина, попис, јавни набавки, плати, внатрешна ревизија, спонзорства), АД МЕПСО бара нивниот контекст, историската позадина и презамените мерки да бидат соодветно одразени во конечниот извештај.

АД МЕПСО останува на располагање за дополнителни образложенија и е подготвено да ја достави целокупната документација по секоја точка на состанокот со Државниот завод за ревизија.

**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА АД МЕПСО**
**Doc. Dr. Burim Latifi**

ПРИЛОГ БРОЈ 5

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки број 02-2066/3 од 30.04.2026 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје, од страна на доц. д-р Бурим Љатифи, генерален директор и претседател на УО на друштвото, заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-594/4 од 30.04.2026 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Во воведниот дел, како и низ точките за кои се доставени забелешки, законскиот застапник на субјектот предмет на ревизија дава свое видување за начинот на определување на материјалноста преку наведување на проценти, а повикувајќи се на меѓународните ревизорски стандарди (ISSAI). Би сакале да Ве информираме дека утврдувањето на материјалноста според ревизорските стандарди[1] е прашање на професионално расудување и зависи од ревизорското толкување на потребите на корисниците. Ова расудување може да се однесува на индивидуална ставка или на група ставки заедно. Материјалноста често се разгледува од аспект на вредноста, но таа, исто така, има и други квантитативни и квалитативни аспекти (материјалност според природата и/или содржината). Инхерентните карактеристики на одредена ставка или група ставки може да го направат одредено прашање материјално по својата природа. Одредено прашање може да биде материјално и поради контекстот во кој се јавува. Материјалноста треба да се разгледува за целите на планирањето, оценувањето на добиените докази и известувањето. Истовремено, Ве информираме дека нивото на материјалноста е утврдено во согласност со методолошките акти на Државниот завод за ревизија, Прирачникот за ревизија на регуларност и Упатство за утврдување на ниво на материјалност за оцена на наодите во ревизорските извештаи кои се усогласени со меѓународните ревизорски стандарди.

2. Забелешките на утврдените состојби во точките 1.2., 2.1. и 2.2. од Писмото до раководството кои се однесуваат на:

[1] ISSAI 100 - Основни принципи на ревизијата на јавниот сектор, ISSAI 200 - Принципи на финансиска ревизија и ISSAT 400 - Принципи на ревизијата на усогласеност

- ненавремено евидентирање на обврските и трошоците кои произлегуваат од работењето на друштвото, како и нивно несоодветно разграничување - во пресметковниот периодот кога трансакциите/настаните се случиле;
- трошоци за репрезентација за кои не се обезбедени релевантни информации за оправданоста и потребата од трошење на средствата и
- недоследности при спроведување на законот за јавни набавки,

не се предмет на одговор на забелешки од страна на Овластениот државен ревизор. Согласно методологијата за работа на Државниот завод за ревизија и ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), Писмото до раководството се доставува до законскиот застапник на субјектот кој е предмет на ревизија, во кое се информира за состојби, наоди и констатации со помало значење, кои немаат влијание на мислењето и не се составен дел на ревизорскиот извештај. Овие забелешки треба да се имаат предвид во натамошното работење заради нивно надминување, а субјектот предмет на ревизија во текот на ревизијата беше информиран дека на утврдените состојби во Писмото до раководството не се доставуваат забелешки.

3. Забелешките на утврдените состојбите во **точката 3.1.1.** која се однесува на отсуството на точни, целосни и усогласени евиденции за земјиштето и запишувањето на правото на сопственост за далекуводите и трафостаници на АД МЕПСО Скопје, што е една од причините поради која не може со сигурност да се потврди нивната комплетност и точност **не се прифаќа.** Во доставената забелешка се известува за сложената постапка при решавање на имотно – правните односи, како и за причините кои довеле до утврдените состојби, а кои беа земени во предвид при вршење на ревизијата. Со наведените известувања истовремено се потврдуваат утврдените состојби во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор. Дополнително, известено е и за активностите кои ќе бидат преземени во идниот период за надминување на состојбите поврзани со земјиштето и сопственоста и одговорностите за електроенергетската инфраструктура.

4. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.1. алинеја 2**, во однос на бројот на запишани далекуводи во АКН, за кои АД МЕПСО Скопје располага со имотен лист со право на сопственост, **делумно се прифаќа** од причина што претставува техничка грешка во однос на бројот на далекуводи, што соодветно ќе биде прилагодено во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

5. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.2.** која се однесува на неусогласеноста помеѓу вредноста на основната главнина евидентирана во трговските книги на АД МЕПСО Скопје и износот на запишаниот и уплатен капитал во Централниот регистар на Република Северна Македонија и Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје впишан како основачки

влог, **не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Законскиот застапник за разликата од 296.916 илјади денари (поголема основна главнина евидентирана во трговските книги) информира дека потекнува од формирањето на друштвото и истото беше земено во предвид при вршење на ревизијата. Дополнително во забелешката наведени се активностите кои субјектот планира да ги преземе за надминување на утврдената состојба.

6. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.3.** која се однесува на проекти, кои на крајот на 2024 година се завршени, но не се ставени во употреба и во сметководствената евиденција не се признати како недвижности, постројки и опрема **не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Во содржината на забелешките доставено е известување за преземени активности за соодветно сметководствено евидентирање на дел од средствата, кое Овластениот државен ревизор ги имаше во предвид при вршење на ревизијата и за истото соодветно има известено во Нацрт извештајот.

7. Забелешките на утврдената состојба во **точката 3.1.4.**, која се однесува на неправилности во начинот на вршењето на пописот на средствата и обврските **не се прифаќа** и истото претставува сопствено видување на начинот на кој треба да се врши пописот, без притоа да се доставaт дополнителни докази кои влијаат на менување на утврдената состојба. Истовремено напоменуваме дека, пописните активности се особено значајни и нивна цел е усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот, кое според доставениот пописен материјал не е направено. Овие активности треба да се вршат во согласност со примена на одредбите од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот кој е објавен во Службен весник на Република Македонија, број 107 од 10.08.2011 година. Со овој Правилник детално е пропишан начинот на вршење на попис во однос на активностите/чекорите кои треба да се спроведат, опфатот на средствата и обврските, утврдувањето на нивната фактичка состојба, формирањето на комисии за попис и нивните активности, подготвителните активности и работите кои се вршат за време на пописот и начинот на информирање. Од тие причини наведените состојби во извештајот не претставуваат процедурални отстапувања, туку значајни постапки без кои не е можно усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот.

8. Забелешките на утврдените состојби **во точката 3.1.5.**, која се однесува на утврдениот расход и кусок по попис на материјалните средства и настанатите кражби за кои се поднесени кривични пријави, при што истите сè уште се евидентирани во сметководствената и материјалната евиденција на друштвото и за нив не бил искажан трошок на крајот на соодветниот пресметковен период **не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази кои би ја промениле утврдената состојба. Текстот на забелешката претставува известување за активности кои ќе бидат преземени во наредниот период за утврдениот расход како и за погрешно толкување на сметководственото признавање на трошокот за утврдениот кусок од кражба.

9. Забелешката на утврдените состојби во **точката 3.1.6.** која се однесува на нереално и необјективно признавање и мерење на залихите и нивно соодветно сметководствено евидентирање, како и евидентирани залихи на резервните делови од магацините како градежни објекти за кои се пресметува амортизација, **не се прифаќа**. Имено законскиот застапник дава свое толкување на дефинираните точки 2, 6 и 9 од МСС 2 и несоодветна примена на нето реализационата вредност само за готови производи и трговски стоки. Исто така во прилог на забелешките доставено е известување за намерата да се преземат корективни активности во однос на погрешна класификација на резервни делови, кои се евидентирани како градежни објекти.

10. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.7.**, која се однесува на не пресметана амортизација во вкупен износ од 16.419 илјади денари, на дел од ново набавените материјални средства расположливи за употреба, како и на инвестициите со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалноста на средствата **не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Во прилог на забелешките дадено е образложение дека се работи за ненамерна грешка и дека во план се активности за надградба и подобрување на електронскиот систем за водење на постојаните средства и автоматска пресметка на амортизација.

11. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.8.**, која се однесува на постари побарувањата, за кои постои неизвесност во однос на нивната наплата меѓу другото и поради долготрајните извршни постапки, при што за истите не е извршено соодветно вредносно усогласување **претставува известување** за начинот на следење на застареноста на побарувањата и преземените мерки за нивна наплата од страна на одговорните лица за раководење и управување, без притоа да се доставаат докази кои влијаат на менување на утврдената состојба.

12. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.9.** која се однесува на долгорочните вложувања во правен субјект, согласно Планот за поделба на АД

Електростопанство на Македонија во државна сопственост Скопје, Одлука на УО за отстапување на основачки влог на АД МЕПСО Скопје и Одлуката за согласност од Владата, при што за оваа трансакција во текот на ревизијата не се презентирани веродостојни документи за потврдување на нивниот правен основ и не е направено вредносно усогласување согласно сметководствените политики на друштвото, **не се прифаќа.** Доставената забелешка претставува известување за историјата и потеклото на вложувањето, како и преземените активности за прибирање на соодветна документација во соработка со правниот субјект од Белград, без притоа да се достават докази кои влијаат на менување на утврдената состојба.

13. Забелешката на утврдените состојби во **точката 3.2.1.** која се однесува на проекти чија реализација е забавена или прекината, реализацијата на проекти за кои се исплатени значителни финансиски средства за извршени работи и набавка на опрема, а договорите биле раскинати, како и проекти кои сè уште не се реализираат иако за нив се одобрени заеми, **не се прифаќа.** Имено, доставените забелешки претставуваат известување за причините за утврдените состојби, без притоа да се достават докази кои влијаат на нивно менување.

14. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.2.** која се однесува на вложувањата во проектна документација (физибилити студии, мастер планови, основни проекти и техничка документација) за ски центри, изготвени во периодот од 2012 до 2018 година, кои не се во функција на вршење на дејноста на друштвото „пренос на електрична енергија“, а насоките на Владата се да се отстапат на соодветните општини претставува **известување** за преземени активности согласно законската регулатива, без притоа да се достави соодветна документација.

15. Забелешката на утврдената состојба **во точката 3.2.3. алинеја 1** која се однесува на потребата од усвојување на пречистен текст на актот за систематизација на работните места поради големиот број на измени, како и на неусогласеноста на Статут на друштвото и Правилникот за систематизација на работните места во однос на органот кој е надлежен да одлучува за систематизацијата на работните места и нејзини измени претставува **известување** за преземени тековни активности за изготвување на пречистен текст на актот за систематизација, формирање на работна група за изготвување на нови акти за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и планирани идни активности за изготвување на нови договори за вработување според концептот бруто плата.

16. Забелешката на утврдената состојба **во точката 3.2.3. алинеја 7** која се однесува на неправилности при спроведување на јавен оглас за вработување на 70 лица на

неопределено време претставува **известување** со кое друштвото прифаќа дека постапката за вработување не е спроведена во целост согласно законските прописи, како и дека недостасуваат критериуми за селекција при вработување.

17. Забелешките на утврдените состојби **во точката 3.2.3. алинеја 5, 8 и 9** кои се однесува на начинот на пресметка на плата, пресметување на минатиот труд и прекувремените часови работа во викенд, претставуваат **известување** за начинот на кој се врши пресметката на минатиот труд, како и преземените мерки за надминување на утврдените состојби поврзани со прекувремените часови работа за време на викенд и пресметката на плата во нето износ.

18. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.4.** која се однесува на финансирање на работењето на синдикалните организации на АД МЕПСО Скопје **не се прифаќа** од причина што не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба и истата претставува несоодветно толкување на законските одредби и Конвенцијата за правото на организирање и колективно договарање.

19. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.5. алинеја 2,** која се однесува на неосновано исплатените трошоци за одвоен живот на членови на УО, во услови кога не постои одвоен живот **не се прифаќа** од причина што не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на состојбата и претставува погрешно толкување на правата и обврските на членовите на УО согласно менаџерските договори, како и законската регулатива. Истовремено напоменуваме дека трошоците за гориво и патарина се користени за потврдување дека членовите на УО секојдневно се враќале во своето постојано место на живеење и дека не постоел одвоен живот.

20. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.5. алинеја 3** која се однесува на исплатата на регрес за годишен одмор на членовите на УО, **не се прифаќа** од причина што не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба и претставува несоодветно толкување на законските одредби.

21. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.6.**, која се однесува на несоодветно исплатените дневници за службени патувања во земјата, наместо теренски додаток, на вработени кои извршувале теренски работни задачи **не се прифаќа** од причина што не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба.

22. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.7.,** која се однесува на не обезбедена соодветна поткрепувачка документација за ангажирани лица преку Агенција за интелектуална сопственост со која би се потврдила оправданоста на извршените услуги, услуга за превод и претплата во неделно списание **не се прифаќа** од причина што не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба.

23. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.8.**, која се однесува на воспоставената функција на внатрешната ревизија и нејзино работење во согласност со законските прописи, претставува **известување** за начинот на функционирањето на организациската единица за внатрешна ревизија, што во текот на ревизијата беше земено во предвид и по истото не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба.

24. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.9.**, која се однесува на дадените донации и спонзорства, претставува **известување** за воспоставениот начин на доделување на донации и спонзорства, без притоа да се достават нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба.

25. Забелешките на **точката 4.1.** истакната во делот „Нагласување на прашања" која се однесува на обелоденување на активностите на друштвото поврзани со дејноста на истото, а кои генерираат приходи и расходи, **не се прифаќаат.** Имено податоците кои се наведени во Графикон број 2 од извештајот се однесуваат на пренесените количини електрична енергија во MWh и Графикон број 3 кој се однесува на загуби на електрична енергија во преносна мрежа во периодот од 2020 до 2024 година, во текот на ревизијата се дискутирани и доставени од Подружница – Оператор на електропреносниот систем, која има можност за обезбедување релевантни и веродостојни податоци за дејноста на АД МЕПСО Скопје. Напоменуваме дека иако состојбата не влијае на ревизорското мислење, овие информации се значајни за дејноста на субјектот, поради што потребно е да бидат усогласени меѓу организационите единици во друштвото.

26. Забелешката на **точката 4.2.** истакната во делот „Нагласување на прашање од неизвесност" која претставува обелоденување на состојбата на побарувања по дадени заеми и пресметани камати, на акционерски друштва во државна сопственост, претставува **известување** за настани, кои при вршење на ревизијата беа земени во предвид. Напоменуваме дека оваа состојба не влијае на ревизорското мислење, но истата е истакната во извештајот, бидејќи нејзиниот исход зависи од идни дејствија/настани кои не се под директна контрола на субјектот, а се од особено значење за функционирањето на субјектот.

27.Забелешките на **точката 4.4.** истакната во делот „Нагласување на прашања“ која се однесува на обелоденување на извршен неовластен упад во ИТ системот на друштвото, претставува **известување** за настани и активности, кои при вршење на ревизијата беа земени во предвид. Напоменуваме дека оваа состојба не влијае на ревизорското мислење, но истата е истакната во извештајот со цел да обрнеме внимание на потребата од зајакнување на техничките и организациските капацитети за сајбер безбедност, што е од особено значење за функционирањето на субјектот.

28. Забелешките на **точката 4.6.** истакната во делот „Нагласување на прашања“ која се однесува на обелоденување за оштетената фасада на административната зградата на АД МЕПСО Скопје, претставува **известување** за настани, деловни трансакции и идни активности, кои при вршење на ревизијата беа земени во предвид и соодветно обелоденети во извештајот. Напоменуваме дека оваа состојба не влијае на ревизорското мислење, но истата е истакната во извештајот, со цел да обрнеме внимание дека постои ризик од сериозни конструктивни и безбедносни проблеми поврзани со фасадата, кои не треба да се занемарат.

29. Забелешките на **точката 4.7.** истакната во делот „Нагласување на прашања“ која се однесува на постапки кои се водат пред надлежните судови, претставува **известување** за неизвесноста при водење на судски постапки и проценките за можниот исход од истите, кои при вршење на ревизијата беа земени во предвид. Напоменуваме дека оваа состојба не влијае на ревизорското мислење, но истата е истакната во извештајот, бидејќи нејзиниот исход не е познат и постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на друштвото во идниот период .